KIII 673

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**

**Филозофски факултет**

**Институт за историја**

Магистерска работа по најнова историја на тема:

# Компаративна анализа на пишувањата на „Њујорк тајмс“ и на „Нова Македонија“ за клучните настани во Студената војна (1945-1990)

**Ментор:**

проф. д-р Виолета Ачкоска

**Кандидат:**

Дејан Азески

Скопје, 2016

СОДРЖИНА

Вовед....................................................................................................................4

Предмет на истражувањето и методолошки пристап..........................................5

ГЛАВА ПРВА: ПОЈАВАТА НА СТУДЕНАТА ВОЈНА И РАСПОРЕДОТ НА СИЛИТЕ НА СВЕТСКАТА СЦЕНА.........................................................................9

1.1.Распоред на силите по Втората Светска Војна и причини за појавата на Студената Војна.......................................................................................................9

1.2. Првична поставеност на блоковите, државите и сојузите............................12

ГЛАВА ВТОРА: УРЕДУВАЧКИТЕ ПОЛИТИКИ НА „НОВА МАКЕДОНИЈА" И „ЊУЈОРК ТАЈМС".......................................................................................................14

2.2. Уредувачката политика на Нова Македонија за време на Студената Војна и нејзината врска со официјалната југословенска државна политика..................14

2.3. Уредувачката политика на Њујорк Тајмс за време на Студената Војна и нејзината врска со официјалната американска државна политика....................18

ГЛАВА ТРЕТА: СУДИРОТ НА КПЈ СО ИНФОРМБИРОТО НИЗ ПИШУВАЊЕТО НА „НОВА МАКЕДОНИЈА" И „ЊУЈОРК ТАЈМС"..................................................20

3.3. Судирот со Информбирото во „Нова Македонија" прикажан како судир со НР Бугарија.............................................................................................................20

3.4. Просоветската уредувачка политика во 1948 и антисовестките натписи во 1949 година...........................................................................................................29

3.5. Пишувањето на „Њујорк Тајмс" за судирот Тито-Сталин.............................37

3.6. Судирот на Југославија со Информбирото - опипување на силите помеѓу двете супер сили..................................................................................................46

3.7. Заклучни констатации.....................................................................................57

ГЛАВА ЧЕТВРТА: СУЕЦКАТА КРИЗА НИЗ СТРАНИЦИТЕ НА „НОВА МАКЕДОНИЈА" И „ЊУЈОРК ТАЈМС"..................................................................59

4.1. „Нова Македонија" и „Њујорк Тајмс" на иста линија во поглед на суетската криза......................................................................................................................59

4.2. Специфичноста на Суецката криза...............................................................74

4.3. Заклучни констатации.....................................................................................82

ГЛАВА ПЕТ: КУБАНСКАТА РАКЕТНА КРИЗА НИЗ ИСТОРИСКА ПРИЗМА ВО СПОРЕДБА СО СТРАНИЦИТЕ НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“ И „ЊУЈОРК ТАЈМС“........................................................................................84

5.1.„Нова Македонија“ со прокубанско и просоветско расположение................84

5.2. „Њујорк Тајмс“ во одбрана на сопствената држава......................................95

5.3. Заклучни констатации...........................................................................117

ГЛАВЕН ЗАКЛУЧОК.............................................................................................119

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА......................................................................................124

# ВОВЕД

Историскиот период од 1945-тата до 1990-тата е засебен и специфичен по многу различни фактори, кои од самиот почеток претставувале огромен предизвик за голем број истражувачи и историчари, а како што поминува времето се очекува и уште повеќе да се актуализира. Тоа е време на развој и на софистицирање на нуклеарното оружје, време на многу воени конфликти, но исто така и време на големи научни достигнувања. Време во кое човекот почнал да ја освојува вселената паралелно со најдлабоките океани и да продира во тајните на техниките и на технологиите од сите можни сфери, за кои дотогаш, веројатно, не можел ни да сонува. Тоа е време на скратување на далечините за патување и намалување на разликите меѓу културите – пракса што на крај ќе доведе до интензивирање на процесите на глобалното поврзување, глобалниот свет или, едноставно речено, глобализацијата. Натаму, периодот 1945-1990 е време во кое се јавуваат голем број движења за мир или пак во тој период се здобиваат со својата најголема афирмација, како што е примерот со хипи-движењето во САД или, пак, со студентските движења во Европа.

Овој вовед за специфичноста на истражуваниот период може да оди до бесконечност, но за да преjдеме на поентата на овој труд, доволно е да кажеме дека има една карактеристика што ги обединува сите погоре споменати и неспоменати работи и кој е единствена и уникатна во целата светска понова историја – биполарната поделба на светот на планетарно или глобално ниво.

Критичарите и добрите познавачи на историјата веројатно веднаш ќе речат дека биполарноста како поим е позната речиси низ целата светска историја и дека има голем број примери на ваква пракса уште од антиката. Тука, секако, се мисли на ривалството меѓу Сумер и Акад, Спарта и Атина, Рим и Египет, потоа Византија и Персија, Турција и Австро-Унгарија и барем уште десетина вакви светски историски примери, каде што главните политички сили правеле големи воени сојузи со помали земји и народи сè со цел да го победат својот најопасен противник.

Веројатно и Првата и Втората светска војна се некаков пример на биполарност, каде што две поголеми групации земји и нивниот судир на подолг период ќе ја нарушат рамнотежата на светот на планетарно ниво.

Но, едно е здружување на две или на повеќе светски сили со различни интереси и со различна идеологија заради моментален интерес, а сосема друго е наметнување на целосна доминација од еден, а во нашиот случај од два центра. Многу поинаква е доминацијата и влијанието на Спарта врз Пелопонескиот

Полуостров, а сосема друго глобалното советско влијание, кое истовремено задира во политиката на животот на неколку земји од Латинска и од Средна Америка, во комбинација со изразеното влијание во Виетнам и во Индокина, а исто така и во Источна Европа. Истото, а можеби и многу повеќе, важи за влијанието што го има Вашингтон, кој директно или индиректно раководи со повеќе од сто различни светски земји.

Поради сето ова, без разлика на реномето и на довербата што ги уживаат овие два весника, тие не можат да останат имуни на биполарната моќна игра што се игра во нивното непосредно опкружување и во многу случаи, како „Нова Македонија“ така и „Њујорк тајмс“, еднострано застануваат во одбрана на сопствените држави, односно на страната на политиките на владејачките врхушки, кои во тој момент раководат со нивните држави. Оттука може да се наметне и главната теза на овој научен труд – дека без разлика дали медиумите потекнуваат од Њујорк, од Москва, од Скопје или од Токио, тие, како современици на настаните, многу тешко можат да се дистанцираат од дневните случувања и објективно да ги пренесат настаните што се случуваат во конкретното време. Сепак, со примена на стандардните истражувачки методи што се користат во историјата, има начини да се исфрлат пропагандните елементи од секој весник и да се дојде до реалната историска вистина.

## Предмет на истражувањето и методолошки пристап

## ВРЕМЕНСКА РАМКА

Временската рамка е приближно дефинирана во самите историски граници на значењето на поимот Студена војна. Значи, во периодот 1945-1990 година. Иако станува збор за поширок период, тоа во никој случај не ја загрозува аналитичката длабочина на трудот, бидејќи, како што е погоре посочено, ќе се анализираат само конкретни настани преку пишувањето на двата медиума.

Токму ваквиот пристап, во комбинација со познатите историски факти и со запишаните изјави на директни учесници во нив, ќе овозможат длабоко навлегување во суштината на анализираните настани и ситуации.

## МЕТОДОЛОШКА РАМКА

Првично е планирано во овој труд да се користат најголем дел од научнопознатите методи за изработка на дела од ваков тип. Со оглед на ширината

на темата, сметаме дека во нејзината изработка примена ќе најдат подолу набројаните научни методи. Во прилог даваме и кратко образложение за секој од нив.

**Аналитичкиот метод** како метод можеби е еден од најупотребуваните и најприменуваните во современата општа научна мисла[1]. Сложената структура на меѓународните односи по Втората светска војна наметнува потреба од примена на аналитичкиот метод. Расчленувањето на сложените историски појави и процеси е со цел да се опишат деловите и тоа како нивните меѓусебни односи влијаат врз целината[2].

**Методот на синтеза** логично се надоврзува на методот на анализа. Ако синтезата во историјата значи воопштување, тогаш сложената општествена историска структура наметнува интегрирано историско промислување на извлечените поединечни елементи.

**Методот на индукција** ќе ни овозможи, преку анализираните поединечни елементи, добивање на претставите за општите случувања и состојби во една држава, регион, за состојбите внатре во воено-политичките блокови и сл.

**Методот на дедукција,** исто како и логичкото надоврзување кај методите на анализа и синтеза, е мисловна форма која логички се надополнува со методот на индукција и каде што не можеме да вршиме чисти механички раздвојувања при истражувањето на одредена историска појава, историски настан или историски процес.

**Компаративно-историскиот метод,** како еден од најупотребуваните и најприменливите во историската наука, овозможува директни паралели меѓу државите што ќе бидат предмет на истражување во даден временски период. Компаративно-историскиот метод, преку анализата на историските услови, околностите, факторите, на причините и на последиците, ни дава истовремено историска реконструкција на состојбите во повеќе држави. Во контекст на компаративно-историскиот метод може да го спомeнеме и **синхрониskиот метод**.

.

**Методот на актуализација,** исто така, ќе има применлива вредност, пред сè, поради непосредната врска меѓу историските настани и процеси по Втората светска војна, со настаните пред и по падот на Берлинскиот ѕид и на источниот блок.

---

[1] Ачкоска, В.; Петреска, Д., 2007: *Осознавање на историјата*, Скопје, 300-311

[2] Ачкоска, В.; Петреска, Д., 2007:, 300-311

**Дескриптивниот метод** ќе биде употребен за опишување на материјалот во врска со поврзување на фактите и нивното логичко обликување и соодветно соопштување на сознанијата за настанот, за појавата, за личностите и сл.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА НАУЧНАТА ОПРАВДАНОСТ

Научната оправданост да се пишува еден ваков труд произлегува, пред сè, од самата негова уникатност. Имено, досега во македонската, а веројатно и во светската наука, не е направено едно дело од ваков тип.

Со самото тоа, сметаме дека овој научен труд ќе даде придонес преку овозможување на еден нов пристап на компаративно гледање на историските настани од повеќе агли, што, всушност, е суштината на современото пишување на историјата според најновите светски трендови.

Понатаму, самиот широк дијапазон на темата ќе им обезбеди на идните студенти и истражувачи пристап до готова компаративна и критичка анализа речиси за целиот период на Студената војна, што во моментов е навистина тешко да се најде.

Делото ќе може да се користи и како основа за некое идно истражување на историјата на македонското журналистичко пишување за време на југословенскиот период од историјата на Македонија.

На крај, секако, изработката на трудот ќе резултира со обемна библиографија и обемен број преведени важни факти од сите дела застапени во неа. Тоа значи дека идните истражувачи ќе имаат една одлична основа за подетално истражување на кој било настан или личност поврзани со периодот на Студената војна.

Самиот историски период 1945-1990 е засебен и специфичен по многу различни фактори, кои од самиот почеток претставувале огромен предизвик за голем број истражувачи и историчари, а како што минува времето, се очекува уште повеќе да се актуализира. Тоа е време на развој и на софистицирање на нуклеарното оружје, време на многу воени конфликти, но, исто така, и време на големи научни достигнувања. Време во кое човекот почнал да ја освојува вселената паралелно со најдлабоките океани и да продира во тајните на

техниката и технологијата од сите можни сфери, за кои дотогаш веројатно не ни можел да сонува. Време на скратување на далечините за патување и намалување на разликите меѓу културите – пракса која на крај ќе доведе до интензивирање на процесите на глобалното поврзување, глобалниот свет или, едноставно речено, глобализацијата. Понатаму, периодот 1945-1990 е време во кое се јавуваат голем број различни движења за мир или, пак, во тој период се здобиваат со својата најголема афирмација. Таков е примерот со хипи-движењето во САД или пак со студенските движења во Европа.

Што се однесува на неколкуте главни предмети на истражување, односно клучни историски настани од периодот на Студената војна, секој од нив е специфичен сам за себе.

Кризата со Информбирото, на пример, претставува прв поголем судир внатре во социјалистичкиот блок. Незадоволен од самостојноста на југословенското комунистичко раководство на чело со Јосип Броз Тито, во првата половина на 1948-та година Јосиф Сталин упатува остри забелешки до раководството на Комунистичката партија на Југославија. Откако југословенските комунисти одбиваат да му се потчинат на советскиот диктат, на Заседанието на Информбирото од 20-ти до 28-ми јуни 1948 година, донесена е резолуцијата „За состојбата во КПЈ", попозната како Резолуцијата на Информбирото, со која се осудува раководството на КПЈ и се повикуваат сите здрави елементи во Југославија што му се верни на марксизмот и на ленинизмот да го сменат постојното раководство на КПЈ и да постават на негово место луѓе што ќе ги прифатат ставовите на Информбирото. Југословенското раководство ја отфрла Резолуцијата на Информбирото, по што следува изолација на Југославија од страна на останатите комунистички држави.

Понатаму, самата суетска криза е уште поинтересен пример, каде што Британија е одлучна да се ослободи од египетскиот претседател Насер и очекува поддршка од САД. Како и да е, американскиот претседател Ајзенхауер силно ѝ се спротивставува на британско-француската воена акција. Најблискиот американски сојузник, Саудиска Арабија, е исто така против Хашемитско-багдадски пакт и како и Египет и САД и тие се решени на таков начин да си го зголемат своето влијание во регионот. Неуспехот на Багдадскиот пакт води кон таква цел преку намалување на британската доминација во регионот. Велика Британија претпочита да го сруши Насер. Америка, како и да е, исплашена од состојбите во Унгарија, смета дека е попаметно да го остави. Работата во наредните неколку месеци ескалира до таа фаза што се заканува дека целиот западен свет ќе остане без нафтата како клучен енергенс во нивниот економски и општествен развој.

Во овој труд би требало да се анализира и уште еден светски настан од колосално значење – кубанската ракетна криза од 1962 г., каде што Соединетите Американски Држави се загрижени за експанзијата на комунизмот и за земјите од Латинска Америка, кои отворено започнуваат соработка со Советскиот Сојуз, што за САД е неприфатливо со оглед на американско-советското непријателство по Втората светска војна. Ваквата политика на СССР, исто така, ја руши доктрината на Монро, според која САД не се мешаат во европските колонии, а европските сили не смеат да бидат инволвирани во работите на западната хемисфера. Оваа криза за првпат ќе го доведе светот на работ на нуклеарна војна.

Сублимирано, преку анализа на овие три настани од листата клучни настани поврзани со Студената војна, ќе се овозможи една поголема и појасна слика за овој историски период, недоволно истражуван во Македонија.

# ГЛАВА ПРВА: ПОЈАВАТА НА СТУДЕНАТА ВОЈНА И РАСПОРЕДОТ НА СИЛИТЕ НА СВЕТСКАТА СЦЕНА

## 1.1.Распоред на силите по Втората Светска Војна и причини за појавата на Студената Војна

Според основните дефиниции, поларноста во меѓународните односи е еден од различните начини на кој силата се дистрибуира внатре во интернационалниот систем. Таа ја опишува природата на интернационалниот систем во кој било временски период.

Според некоја основна поделба, постојат четири типа поларни системи: униполарни, биполарни, триполарни и мултиполарни (оние во кои функционираат четири или повеќе центри на моќ). Типот на поларниот систем е комплетно зависен од дистрибуцијата на силата и од влијанието на државите во регионот или глобално[3].

Меѓу теоретичарите за меѓународни односи, проширено е верувањето дека по завршувањето на Студената војна светот живее во униполарен систем. Тоа го потврдуваат фактите дека одбраната на САД годишно троши половина од целиот светски одбранбен буџет, а нивната морнарица е супериорна со сите други

[3] Monteiro, Nuno (2011–2012). "Polarity and Power: U.S. Hegemony and China's Challenge". International Security p. 9.

комбинирани светски морнарици. Тие ја имаат и можноста за изненадувачки прв напад врз својот сè уште најголем ривал Русија. Нивниот буџет за одбранбени истражувања и развој е колку 80% од целиот кинески воен буџет.

Униполарноста во меѓународната политика е дистрибуција на сила во која една држава практикува најголем дел од културното, економското и од военото влијание.

Конкретно, биполарноста како проблем, кој ние го истражуваме од теоретичарите, е дефинирана како дистрибуција на сила во која две држави го имаат мнозинството во економското, военото и во културното влијание на интернационално или пак на регионално ниво. Често сферите на влијание може да се развиваат. На пример, во Студената војна повеќето западни и капиталистички држави паѓаат под влијание на САД, додека повеќето комунистички држави паѓаат под влијание на СССР. По ова, двете сили маневрираат, посветени на заземање на сè уште неутралните држави и области.

Покрај студената војна, низ историјата можат да се најдат и голем број други примери на биполарност. На пример, ривалството на Спарта и Атина за доминација на Егејот за време на грчкиот класичен период. Понатаму, во доцната римска историја прочуено е ривалството меѓу Римската Империја и Сасанидите. Ништо помало и поразлично не е и ривалството меѓу Велика Британија и Франција во 18. век, од крајот на Војната за шпанското наследство, па сè до Седумгодишната војна (1714-1763). Хронолошки следува и ривалството меѓу Велика Британија и Русија во 19. век, од крајот на Наполеоновите војни до Кримската војна (1815-1856).

Теоријата дозволува биполарноста да се поврзува и со поголеми и покомплицирани системи, сојузи или организации, под услов да се концентрирани во две поголеми примарни групи. Познато е дека во двете светски војни поголемиот дел од светот, а особено Европа, САД и Јапонија, се поделени во две силни сфери – Оската и Сојузниците во Втората светска војна и Централните сили и Сојузничките сили за време на Првата светска војна.

Како и да е, сите овие примери, колку и да се слични, се многу поразлични од глобалната биполарност за време на Студената војна. Дури ни историски неодамнешните примери, како што е ривалството меѓу Велика Британија и Русија, не оставија цели светски региони, па и континенти целосно засегнати од овие судири. Тоа апсолутно не случај за време на Студената војна, кога од Фокландските Острови на крајниот југозапад на Јужна Америка, до Северна Кореја

на крајниот североисток на Азија, може да се почувствува влијанието на едната, а најчесто и на двете големи суперсули[4]. Оттука уште еднаш се навраќаме на главната теза дека биполарноста ва меѓународните односи по Втората светска војна е уникатен пример на меѓународни односи во познатата светска историја, кој веројатно и никогаш нема да се повтори во толку изразена форма.




[4] Waltz, Kenneth ( 1964). "The Stability of a Bipolar World". p. 887

## 1.2. Првична поставеност на блоковите, државите и сојузите

Покрај по уникатната изразена биполарност на глобално ниво, Студената војна е карактеристична и по повеќе од сто, па и илјада други посебности. Иако се поминати нецели 25 години од нејзиното завршување, за оваа проблематика веќе се напишани повеќе од илјада книги и милиони печатени страници. Ние не сме во можност и немаме потреба да ги пренесеме сите тие знаења и анализи, туку ќе се концентрираме само на некои од најважните карактеристики, со цел да се постави основа за полесно разбирање на остатокот од трудот.

Генерално, Студената војна се доживува како состојба на политички ина воени тензии меѓу силите во западниот блок (САД и нивните НАТО-сојузници) и силите во источниот блок (Советскиот Сојуз и неговите сојузници од Варшавскиот пакт)[5]

Историчарите сè уште не се усогласени околу точните датуми и рамки на Студената војна, но најчесто како одредница се користи периодот 1947-1991. Што се однесува на самиот термин „студена“, тој генерално потекнува од фактот дека за време на целиот период немало директни поголеми судири меѓу главните играчи на двете спротиставени страни, иако постојат неколку судири, како што се војните во Кореја, Виетнам и во Авганистан, каде што двете страни се индиректно и директно инволвирани во поддршката на своите пулени.

Основно за Студената војна е тоа што веднаш по завршувањето на Втората светска војна ја дели коалицијата создадена против нацистичка Германија, оставајќи ги СССР и САД, двете нови суперсили, на различни страни.

Уште веднаш се забележува дека разликите меѓу двете новоспротивставени страни се многу поголеми отколку сојузничките разлики со Хитлерова Германија. Во новонастанатата состојба се работи за суштински идеолошки, политички и економски разлики. На едната страна е еднопартиската марксистичко-ленинистичка држава со строго централизирана и контролирана планска економија, а на другата е повеќепартиската демократија, која се залага за слободна пазарна економија. За време на Студената војна се појавува и самопрогласен неутрален трет блок земји, кој се обединува во Движењето на неврзаните, кое го формираат Египет, Индија, Индонезија и Југославија. Оваа фракција официјално одбива сојузништво и поврзаност како со САД така и со источниот блок.

---

[5] Britanica, digital enciklopedia

Иако, како што погоре споменавме, двете страни никогаш нема да влезат во директен воен судир, тие за време на целиот период се вооружуваат и се подготвуваат за масовна конвенционална и нуклеарна војна. Воената доктрина при таков случај е јасна – целосно уништување на непријателот како воено така и цивилно. Покрај стандардните подготовки за нуклеарна и за масовна конвенционална војна, овој период е карактеристичен и по големиот број шпионски активности и т.н. периферни помали воени судири, во кои се испробува ново оружје. Специфична карактеристика е и вселенската трка, во која двете страни ќе вложат огромни средства и ќе постигнат навистина големи резултати.

Првата фаза од Студената војна започнува во првите две години по завршувањето на Втората светска војна во 1945 г. Во меѓувреме, СССР ја консолидира својата контрола над земјите од источниот блок, додека САД започнува стратегија на глобална контаминација со цел да му застане на патот на советското ширење. Вашингтон им нуди и им дава воена и финансиска помош на земјите од Западна Европа (пример, поддршката на Грчката граѓанска војна) и ја создава НАТО-алијансата.

Како прво поголемо несогласување на Студената војна се смета берлинската блокада од 1948 до 1949 г.

Со победата на комунистичката страна во Кинеската граѓанска војна и со ескалацијата на Корејската војна (1950-1953), конфликтот од локално се проширува и на глобално ниво. СССР и САД се натпреваруваат околу влијанието во Латинска Америка и околу деколонизацијата на државите од Африка, од Блискиот Исток и од Југоисточна Азија. Во меѓувреме, Унгарската револуција од 1956 г. е спречена со одлучна советска воена интервенција. Експанзијата и ескалацијата на Студената војна постојано креира или долива оган на веќе постојните кризи, како што се суецката криза од 1956 г., берлинската криза од 1961 г. и кубанската ракетна криза од 1962 г.

По овие три кризи започнува нова фаза на Студената војна, изразена преку кинеско-советското заладување на односите и преку поголемата независност на американските сојузници, како што е Франција. Понатаму, СССР се враќа на старите патеки со одлучната интервенција во Чехословачка во 1968 г. и со рушењето на револуционерната Прашка пролет, а, пак, САД ги губат Виетнамската војна и поголемиот дел од влијанието врз Индокина. Сите овие настани бараат ново приспособување на односите меѓу двете суперсили.

До 1970-тата г. двете страни се заинтересирани за создавање постабилен и попредвидлив меѓународен систем, иницирајќи период на „ДЕТЕНТ“, кој подразбира преговори за ограничување на стратегиското вооружување и отворање на односите меѓу САД и НР Кина како стратегиска контратежа на советскиот блок. Детентот доживува дефинитивен колапс со советската воена интервенција во Авганистан во 1979 година.

Раните осумдесетти години се друг период на засилени тензии, со советското соборување на корејскиот цивилен авион со назнака 007 во 1983 година и со масовната воена вежба на НАТО „Абле Арчер“ истата година. Соединетите Држави го зголемуваат дипломатскиот, воениот и економскиот притисок врз Советскиот Сојуз во време кога комунистичката држава веќе страда од економска стагнација. Во средината на истата декада новиот советски лидер Михаил Горбачов ги претставува програмите за либерализација под заедничко име „перестројка“ и го прекратува советското присуство во Авганистан. Притисокот за национална независност сè повеќе расте во Источна Европа, особено во Полска. Во меѓувреме, Горбачов одбива да ги користи советските трупи за одржување на разнишаниот Варшавски пакт и за спасување на сателитските режими, кои се во огромна криза. Резултатот од ова е бран од револуции што на мирен начин (со исклучок на Романија) го соборува комунистичкиот режим во Централна и во Источна Европа.

Комунистичката партија на Советскиот Сојуз сама по себе губи контрола и е целосно соборена по неуспешниот обид за воен удар во август 1991 г. Сето ова води и до формално растурање на СССР во декември 1991 г. и колапс на комунистичкиот режим во другите земји, како што се Монголија, Камбоџа и Јужен Јемен. САД остануваат единствена светска суперсила.

# ГЛАВА ВТОРА: УРЕДУВАЧКИТЕ ПОЛИТИКИ НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“ И „ЊУЈОРК ТАЈМС“

## 2.2. Уредувачката политика на Нова Македонија за време на Студената Војна и нејзината врска со официјалната југословенска државна политика

За да се знае точно како била насочена уредувачката политиката на „Нова Македонија“ за време на Студената војна, прво треба да се знае положбата на Македонците и на македонската држава во југословенската федерација.

Големиот Гане Тодоровски овој период го објаснува со многу остри зборови во својата книга „Лекции по самопознавање", збор до два за една книга со неопходно знаење од националната историја.

„Едноумието во Република Македонија во периодот 1945-1990 година остави свои последици. Не ни дозволи на нашето да гледаме со наши очи, како што настоеше да не подучи и насочи Крсте Мисирков. На таа редуцирана, лимитирана, осакатена македонска Македонија, која речиси половина век за нос ја влекле светиниколски лимари, велешки исполџии, мавровски цревари, тиквешки алваџии и скопски бозаџии или чибукчии или прилепски полумајтапчии... ".

Сепак, има и поинакви мислења околу професионалноста и околу објективноста на новинарството во овој период, во кој, за разлика од денес, се задоволувале голем број професионални стандарди преземени од најнапредните редакции и весници низ светот. Точно е, како што наведува Тодоровски, дека цензурата постоела, но точно е и дека оние текстови за кои државата немала директен интерес се пишувале исклучиво професионално.

Како што е официјално познато, со Првото заседание на АСНОМ била формирана државата на македонскиот народ, меѓутоа само на еден дел од етногеографската територија на Македонија, односно на територијата на Вардарска Македонија.

Познато е дека првата деценија на т.н. народна власт била исполнета со бруталност на власта, со репресија, со неосновани казни и со создавање цел систем доушници. Власта презела мерки за пресметување со народните непријатели, со класните непријатели и со идеолошките неистомисленици.

Фактот дека и по првата деценија на власт, *де факто*, останале Лазар Колишевски и дел од неговите најблиски соработници што придонело дел од овие методи да се пренесат и врз натамошното, инаку доста демократизирано, општество. Значи, кариерата на овој македонски политичар започнала во 1945 година како прв македонски премиер, а завршила кон крајот на 80-тите години на 20. век. Во текот на речиси 40 години, целокупната власт во Македонија, директно или формално, се наоѓала во негови раце.

Славко Милосавлевски и Крсте Црвенковски периодот на владеењето на Колишевски го опишале со следниве зборови: „Четиридецениското владеење (на Колишевски б.н.) ја карактеризира заканата со затвори, пресии и со одмазда".

Во насока на оваа политика, во февруари 1945 година била формирана институцијата „Јавен обвинител", а во август 1945 година бил донесен Законот за уредување на народните судови. КПМ имала целосна контрола врз Милицијата и врз Одделението за заштита на народот (ОЗН). Ова одделение особено го користела КПМ за пресметка со своите неистомисленици и политички претставници. Политичките права и слободи на граѓаните биле ограничени со Законот за кривични дела против народот и против државата, со Законот за видовите на казни и со Законот за печатот. Комунистичката партија на Македонија, односно КПЈ, станала единствен арбитер во општеството. Бил воспоставен кривичен систем, во кој доушништвото имало голема улога, а секое јавно истапување било следено од Управата за државна безбедност.

Во 1948 година започнал периодот на Информбирото, а во 1949 година започнала колективизацијата на селото. Преплетувањето на овие процеси го означуваат најсталинистичкиот период во историјата на македонскиот народ и на неговата современа држава.

Сепак, во првата половина на 50-тите години на 20. век, и покрај партиската хегемонија во сите сегменти од општеството, се појавила нова генерација на уметници, научници и културни дејци, кои не сакале да се ограничуваат во рамките на т.н. социјалистички реализам. Крсте Црвенковски, тогашен висок функционер на Комунистичката партија на Македонија се залагал за слобода во творештвото, истакнувајќи дека „социјализмот е таков систем што треба секому да му овозможи до крај да ги манифестира своите способности".

Во јули 1963 година Лазар Колишевски бил отстранет од кормилото на КПМ и бил заменет со Крсте Црвенковски. Доаѓа до генерациска смена среде Партијата. Во нејзиното раководство дошол помлад кадар, кој се залагал за демократизација на целиот систем и за слобода во творешвото. Со доаѓањето на Крсте Црвенковски на чело на КПМ се создала една група околу него, која се залагала за реформи на системот и на улогата на Партијата. Оваа интелектуална група направила неколку такви обиди во почетокот на 70-тите години на 20. век, но целиот тој процес завршил со т.н. пресметка со либералите. Најпрво биле отстранети т.н. либерали во Србија, а веднаш потоа се започнало со подготовки за нивно отстранување во Македонија.

Сето ова погоре наведено говори дека цензурата врз „Нова Македонија" и врз малкуте останати медиуми во земјава во тој период била регулирана и со закон. Во комбинација со тврдокорните сфаќања на тогашното државно раководство, особено во првите две повоени децении, јасно е зошто светските настани поврзани со Студената војна се пласирани на таков ригиден начин, кој

целосно соодветствува со државната политика диктирана од Белград, колку и таа да изгледа чудно и неконзистентно.


Нова Македонија

НАД БЕЛГРАД СЛОБОДНО СЕ ВЕЈАТ ЗНАМИЊАТА

Сите во Народноослободителниот фронт на Македонија!

## 2.3. Уредувачката политика на Њујорк Тајмс за време на Студената Војна и нејзината врска со официјалната американска државна политика

За САД првиот период од Студената војна (1945-1964) е време на висок економски развој и на генерален просперитет. Тоа е, исто така, време на конфронтации и контроверзии. Капиталистичките САД и нивните сојузници му се спротивставуваат на Советскиот сојуз и на другите комунистички држави. Тоа е период кога започнува и брзо се вжештува Студената војна. Афроамериканците се обединуваат и успеваат да стават точка на сегрегацијата на Југот на земјата. Се донесуваат закони дека дискриминацијата е илегална и дека обезбедува федерални гаранции.

Америка води активна надворешна политика со цел да се поддржат земјите од Западна Европа и од Азија за да се опоравят од уништувањето во Втората светска војна. Маршаловиот план ѝ помага на Западна Европа да се реизгради од воените уништувања. Главната американска цел е да се спречи експанзијата на комунизмот, кој беше целосно контролиран од СССР сѐ до поделбата со Кина во 1960-тата година. Трката за вооружување ескалира со производството на моќно нуклеарно оружје. Советите го формираат Варшавскиот пакт од европски сателити за да ѝ се спротивстават на НАТО-алијансата предводена од САД. Америка води крвава војна во Кореја и во Виетнам. Комунистите ја преземаат власта во Куба, и кога СССР се обидува да ја брани оваа земја со нуклеарни оружја, настанува најопасната точка од кризата.

На домашен фронт, по кратката транзиција, економијата расте рапидно со проширување на просперитетот, со растење на платите и со миграција од фармите кон градовите. Политички во таа ера доминира либералната демократија, чии претставници се претседателите Хари Трума (1945-1953), Џон Ф. Кенеди (1961-1962) и Линдон Џонсон (1963-1959). Дури и републиканецот Двајт Ајзенхауер, кој владее од 1953 до 1961 не се спротивставува на оваа политика.

Студената војна, всушност, започнува со самото завршување на Втората светска војна во Европа, на 8-ми мај 1945, кога советите и западните сили се лоцирани по должината на линијата во централна Германија. И покрај неколкуте помали приспособувања, тука ќе биде поставена железната завеса на Студената војна. Војната ескалира со случувањата во Југославија во 1948-та г., во Кореја во 1950-тата г. и во Виетнам во 1954-тата г.. Комунизмот во одредени периоди покрива околу 1/3 од земјината кугла, на што САД се спротивставуваат со моќна мрежа од воени сојузи.

Постојат фундаментални контрасти меѓу визиите на САД и СССР, меѓу капитализмот со либерална демократија и тоталитарниот комунизам. Уште еднаш, светската организација ООН, како наследник на Друштвото на народите, се покажува како неуспешна да се соочи со предизвиците на планетарно ниво. САД ги отфрлаат тоталитаризмот и колонијализмот во линија со принципите од Атланската повелба во 1941 година.

Единствената голема индустриска сила во светот чија економија остана недопрена, па дури и засилена, е САД. Иако претседателот Франклин Рузвелт сметал дека ќе може да постави рамнотежа преку својот личен однос со Сталин, неговиот наследник, претседателот Труман, бил многу поскептичен.

Советите, исто така, го гледаат својот витален интерес – да го истиснат капитализмот надвор од своите граници. Сталин е решен да го апсорбира Балтикот, да ги неутрализира Финска и Астрија и да постави промосковски режим во Полска, Романија, Чехословачка, во Унгарија, Источна Германија и во Бугарија. На почетокот тој соработува со Јосип Броз Тито во Југославија, но потоа стануваат непријатели. Сталин ги игнорира ветувањата од Јалта, каде што ветува слободни избори, кои ќе се одржат низ Источна Европа. Поранешниот британски премиер Винстон Черчил во 1946 г. го осудува Сталин дека гради нова руска империја затворена со железна завеса. Навистина, британската Влада на почетокот е повеќе антисоветска од американската. Но нејзината економија е во лоша форма и не може повеќе да си ги дозволи антикомунистичките активности во Грција. Таа бара од САД да интервенира таму и Труман се согласува со Трумановата доктрина во 1947 г. Откако им даваат големи адхок-заеми и подароци на Европејците, во 1945-1947 САД го признаваат нивниот универзитет според Маршаловиот план, кој дава 12 милијарди долари како подарок за да се поддржи и да се модернизира обновата на Европа по Војната. Оваа помош завршува со забрана на Сталин да прима американска помош.

Поради сето погоре наведено, „Њујорк тајмс“, како најмоќен и најпопуларен американски весник во тој период, не може на ниеден начин да се дистанцира од надворешната и од внатрешната политика на САД, па поради тоа, како што ќе видиме и понатаму, многу пати свесно или несвесно е само марионета во големата игра, која се диктира од Белата куќа. Покрај официјалните постојат и неофицијални податоци за периодот по Втората светска војна и за време на кубанската криза дека весникот и неговото уредништво биле постојана мета на службите на САД, кои често соопштувале онака како што им одговарало на официјалните раководства на земјата и на нивната официјална внатрешна и надворешна политика. Тука особено треба да се нагласи надворешната политика на земјата, за која весниците, дури и во САД, многу често, под притисок на

политичарите или на широките народни маси, морале да го пишуваат токму она што му одговарало на Вашингтон.


"All the News That's Fit to Print."

The New York Times.

TITANIC SINKS FOUR HOURS AFTER HITTING ICEBERG;
866 RESCUED BY CARPATHIA, PROBABLY 1250 PERISH;
ISMAY SAFE, MRS. ASTOR MAYBE, NOTED NAMES MISSING

Col. Astor and Bride, Isidor Straus and Wife, and Maj. Butt Aboard.

Biggest Liner Plunges to the Bottom at 2:20 A. M.

## ГЛАВА ТРЕТА: СУДИРОТ НА КПЈ СО ИНФОРМБИРОТО НИЗ ПИШУВАЊЕТО НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“ И „ЊУЈОРК ТАЈМС“

### 3.3. Судирот со Информбирото во „Нова Македонија“ прикажан како судир со НР Бугарија

„Нова Македонија“, за разлика од „Њујорк тајмс“, во 1948 г., информбировските случувања во голем дел ги доживува како судир меѓу Југославија и Бугарија околу македонското национално прашање. Па така, весникот од самиот почеток започнува битка со „првите фалсификати на нашата историја“, што ги презема бугарската историографија, која. според нив, „сè уште не е ослободена од санстефанските сеништа“.

Па така, уште на први септември 1948 г., во 1135-тиот број на „Нова Македонија“, како вовед во официјалното „соопштение од уредот за информации при Владата на НРМ“ новинарите на „Нова Македонија“ ја пишуваат реченицата:

„....во врска со разузданата кампања против НР Македонија, која во последно време се води во НР Бугарија преку печатот, радиото и преку изјавите на државни и на партиски функционери[6]“.

Утредента на втори септември 1948 г., во 1136-тиот број „Нова Македонија“ на насловната страница објавува „писмо од Централниот иницијативен македонски комитет на културно-просветните друштва во Бугарија“, во кое отворено се изразуваат антибугарските позиции на македонските друштва, кои во тој момент се под директна контрола на комунистичките власти во Скопје. Писмото е распослано на пет од тогашните девет големи страници на кои излегувал весникот „Нова Македонија“ во тој период. Со ова започнува серијата антибугарски написи, кои не се својствени за „Нова Македонија“ во претходниот период помеѓу 1944 и 1948[7].

Во изданието од седми септември 1948 г. „Нова Македонија“ интегрално ги објавува и „решенијата од Десеттиот проширен пленум на Бугарската работничка партија – комунисти по македонското прашање“. Иако во овој документ на бугарската партија во најголем дел се спори политиката на официјален Белград, според воведот, тогашното уредништво на „Нова Македонија“ смета дека одлуките се директно насочени против Македонија, а тоа го докажува и со нивно објавување: „Подобро ќе се разбере писмото од членовите на Централниот иницијативен комитет на македонските културно-просветни друштва“ (објавено неколку дена претходно)[8].


ДВА ПЛЕНУМА
НА ЦК БРП (К) ПО МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

[6] „Нова Македонија“ бр. 1135 , први септември 1948 г., стр. 2.
[7] „Нова Македонија“ бр. 1136 , втори септември 1948 г., стр. 1.
[8] „Нова Македонија“, 7 септември 1948 г., стр. 2

Како продолжување на оваа насока, на 12-ти септември, „Нова Македонија“ известува за голем митинг на „скопските трудбеници што бараат да се прекине со клеветничката кампања против нашата партија и држава“.

Таму, на цела трета страница, со голема фотографија се известува дека на главниот плоштад „Маршал Тито“ во Скопје, во организација на „Народниот фронт“ (чиј орган во тој момент е „Нова Македонија“) се собрале повеќе од 40.000 луѓе. „Нова Македонија“ пренесува и дел од говорот на претседателот на скопскиот одбор на Народниот фронт, каде што се вели:

„Ние се собравме на овој величествен митинг да го искажеме нашето негодување по повод клеветничката кампања што се води против нашата земја, нашите народи и против нашето државно и партиско раководство. ....Тито ЦК, Тито партија, доста со клевети, сакаме вистина!“

На 19-ти септември 1948 г., во 1151-от број, „Нова Македонија“ објавува соопштение од Уредот за информации при претседателството на Владата на НР Македонија, во кое се бара да им се овозможи на учителите од Југославија повторно да ја извршуваат својата дејност во Пиринска Македонија, што, според нив, е во интерес на македонското малцинство од тој регион[9].

Преку ова писмо јасно се гледа усогласеноста на уредувачката политика на весникот со официјалната државна политика на македонското раководство за судир со Бугарија на сите основи.

И во наредните денови „Нова Македонија“ продолжува да ги следи и да ги објавува сите пикантерии поврзани со македонско-бугарските односи. Па така, на 23-ти септември 1948 г., со голема помпа и бројни позитивни коментари се објавува веста дека познатиот публицист Ангел Динев „побегна во Југославија пред теророт на југословенските власти“. Во овој напис се вели следново:

„Познатиот македонски општественик и публицист Ангел Динев... беше принуден, прогонуван и заплашуван од бугарските власти илегално да ја напушти Бугарија. Како над другите наши сонародници во Бугарија, кои не се сложуваат со резолуцијата на Информбирото и со решенијата на XVI пленум на БРП (к), така и над Ангел Динев бугарските власти во последно време вршеа постојан притисок тој да се изјасни против КПЈ... Така, за Ангел Динев, тероризиран од бугарските власти, се создадоа невозможни услови на несигурност и на опасност за неговиот натамошен опстанок во Бугарија“.

[9] „Нова Македонија“, бр. 1151, 19-ти септември 1948 г., стр. 3

Овој новинарски судир со Бугарија (како придонес на „Нова Македонија“) во целата информбировска војна добива уште поголеми размери кога „Нова Македонија“ започнува да објавува историски текстови и коментари посветени на оваа тематика. Па така, на седми октомври 1948 г. авторот Д. Левков го започнува фељтонот „Егзархијата на нејзината политика во Македонија“.

Својот инспиративен текст авторот го започнува со зборовите „во живата кампања што се води против нашата партија и земја се дојде до апсурди какви што не можат ни да се замислат. Во самозаборавувањето како да се изгуби здравата смисла на правилното историско мислење за научно и чесно поставување и разгледување на работите“.[10]

Понатаму во текстот авторот отвора низа проблематични прашања поврзани со Бугарската црква и со нејзините односи со Македонија, кои датираат неколку векови наназад, сè со цел да се дојде до заклучок дека „асимилаторската и денационализаторската политика на Софија кон Македонија продолжува и понатаму во континуитет“.



РЕШЕНИЕ ОД ВЛАДАТА НА НРМ НА СВЕЧЕНАТА СЕДНИЦА ПО ПОВОД НАЦИОНАЛНИОТ ПРАЗНИК 11 ОКТОВРИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ

11 Октомври

Македонците од Пиринска Македонија не к'е можат да го прослават 11 октомври

---

[10] „Нова Македонија“, 7 октомври 1948 г., стр. 3

Серијата вакви написи во 1948 година не запира ниту за време на празничното издание на весникот, објавено на 11-ти октомври истата година. Таму, на страница број 3 може да се најде напис каде што се вели дека „Македонците од Пиринска Македонија нема да се во можност да го прослават Денот на востанието“

„Денеска, кога македонскиот народ во НР Македонија го слави својот најголем празниик 11 Октомври, неправедните решенија на XVI пленум на ЦК БРП (к) што му ги одзедоа на македонскиот народ во Пиринска Македонија возможностите за свој развиток, што ги спечали тој во заедничка со нашите народи против фашистичкиот окупатор, покрај другото му оневозможија да го прослави и Денот на победоносното востание“.[11]

Како пример за оваа нова уредувачка политика на весникот, уредникот на „Нова Македонија“ Мито Хаџивасилев-Јасмин во 1948 г., се огласува на втората страница во весникот со статијата „За некои нови пројави во великобугарскиот шовинизам“, посочувајќи притоа на добрососедските односи и на договорот за соработка, склучен меѓу Маршал Тито и Георги Димитров.


Егзархијата и нејзината политика во Македонија

Текстот на Јасмин се појавува, всушност, како анализа на повеќе великобугарски шовинистички истапи во Бугарија, кои особено зачестиле

[11] „Нова Македонија“, 11-ти октомври 1948 г., стр. 1

пролетта 1948 година, односно пред и за време на размената на писмата меѓу ЦКСКП (б)и ЦК СКЈ, што наедно претставувало и увод кон состојбите што ги условила резолуцијата на Информбирото. Јасмин за овие случувања, меѓу другото, пишува:

„Постојано се правеле обиди да се фалсификува историјата на нашиот народ. Тоа го правеле како великобугарите така и великосрбите. Дури и романските реакционери се обидувале да докажат дека ние Македонците сме Романци. Сите фалсификати се вршени во интерес на поробување на нашиот народ... По ваквите фалсификувања во однос на нашиот народ, денес е чудно зошто е потребно во братска отечествено фронтовска Бугарија да се прават обиди за неточно прикажување на одделни настани од борбата на нашиот народ за ослободување...[12]. Бугарските весници немаат никаква потреба да ја прикажуваат неточно борбата за ослободување на Македонија, туку се должни и од своја страна да се борат против секакви обиди за неточно изнесување на херојската борба на македонскиот народ за неговото ослободување, како во подалечното така и во најблиското минато“, вели Јасмин.

Покрај Јасмин, меѓу првите бранители на македонската историја на страниците на „Нова Македонија“ е и Лазар Мојсов, кој на крајот на четириесеттите се појавува со статијата „Бугарските фашистички окупатори извршија во Македонија најстрашни злочини што ги памети историјата на нашиот народ“. Кон средината на 1949 година се појавува и рубриката „Осврти“, во која ќе бидат поместувани сите материјали посветени на одбраната на македонската нација и држава. Рубриката е мошне читан дел од весникот, па во исто време се појавуваат и првите писма од читателите и сето тоа ќе се одрази врз тиражот, кој набрзо ја надминува бројката од 45.000 примероци.

[12] „Нова Македонија“, октомври 1948 г., стр. 1

[illegible] — СЛОБОДАНА НАРОДОТ
ЦЕНА 2 ДИНАРИ
ПОШТАРИНАТА Е ПЛАТЕНА ВО ГОТОВО

# НОВА МАКЕДОНИЈА

ОРГАН НА НАРОДНИОТ ФРОНТ НА МАКЕДОНИЈА

Год. V — Број [illegible]
Среда 1 [illegible] 1948

## УКАЗ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВЛАДАТА НА ФНРЈ

РЕШУВА

31 август 1948 година
Белград

Секретар,
Мила Перуничиќ, с. р.

## Соопштение од Уредот за информации при владата на НРМ по повод соопштението од бугарската Дирекција за печат

## [illegible] НАШАТА ЗЕМЈА

## Ништо не може да не оддели од социјалистичката изградба во нашата земја

ИЗЈАВУВААТ ТРУДБЕНИЦИТЕ ОД НАШАТА РЕПУБЛИКА НА ПРОТЕСНИТЕ МИТИНЗИ



### ПРОТЕСТЕН МИТИНГ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД АВТОРЕМОНТ

### НАЈДОБАР ОДГОВОР НА КЛЕВЕТИТЕ Е НАШЕТО СОЦИЈАЛИСТИЧКО ДЕЛО

Во оваа подрубрика на весникот е ангажиран и Бранко Заревски, кој долго време ги коментира агенциските вести, го следи бугарскиот печат и пишувањето против нашата земја, а мошне често заминува како репортер во посета на нашите граници, од каде што се јавува со импресивни записи за луѓето крај граничните меѓници.

Рубриката подоцна се појавува со еден модифициран наднаслов „Против клеветите и дезинформациите". Редовни автори и гости се и натаму веќе осведочените теоретичари: Јасмин, Лазар Мојсов, Димитар Влахов, Моша Пијаде и други. Се појавува и Владо Малевски со мозаичната статија под наслов „Рамазанските вечери на бугарските јакобинци", работена врз мошне актуелни поводи на оваа чувствителна тема.

Сите автори од оваа и од рубриката „За победа на вистината", меѓу кои подолго време се наоѓа и Анастас Митрев, истакнат припадник на македонското револуционерно движење во минатото и соработник на Јане Сандански, преку секојдневното пишување изградуваат еден посебен стил на врвни полемичари, напати проткаен со суптилна иронија и потсмев. Бранко Заревски во оваа смисла ќе почне и со познатите стихови од рубриката „Сатирична лира".

Сепак, и покрај многуте ангажирани соработници, веројатно пресудна улога во овој специфичен период за „Нова Македонија" и општо за Македонија има Блаже Конески.

Според неговиот став трајно запишан во редовните статии на страниците на „Нова Македонија", „фалсификаторството на соседите е единствениот приод во комуницирањето со јавноста".

Сите напади Блаже Конески ги разгледува во одредени историски констелации, појаснувајќи ги поводите и корените на искривоколчувањето на вистината од страна на Бугарија против здравиот разум и очигледноста на научната вистина.

НОВА МАКЕДОНИЈА

ОРГАН НА НАРОДНИОТ ФРОНТ НА МАКЕДОНИЈА

Год. V — Број 1135
Четврток 2 септември
Скопје 1948

# АНДРЕЈ АЛЕКСАНДРОВИЧ ЖДАНОВ

Москва, 31 август

ТАСС јавува:

Централниот комитет на Сојузната комунистичка партија (на болшевиците) и Министерскиот совет на СССР со големата тага ја известуваат Партијата и ... [illegible]



АНДРЕЈ АЛЕКСАНДРОВИЧ ЖДАНОВ

[illegible]

# ПИСМО ОД ЦЕНТРАЛНИОТ ИНИЦИЈАТИВЕН МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ НА КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИТЕ ДРУШТВА ВО БУГАРИЈА

[illegible]

## Соопштение од Министерството за ... [illegible] на НРМ

[illegible]

## ТЕЛЕГРАМА ОД ЦК КПЈ ДО ЦК СКП (б)

[illegible]

Верољуб Андоновски забележал и дека оваа своја битка за „одбрана на вистината“, што доаѓа до посебен израз во 1948 година, весникот ќе ја одбележи и со едно исцрпно известување и учество во настан, кој ќе возбуди и длабоко ќе импресионира повеќе од илјада граѓани, работници на Скопје и на целата Република.[13]

Имено, на иницијатива на младинците фискултурци од Пиринска Македонија, во 1948 година, по повод годишнината од убиството на истакнатиот македонски револуционер и лидер на Македонското ослободително движење во минатото, Јане Сандански, започнува штафетата со која се пренесува грст земја од неговиот гроб во Пиринска Македонија до слободната татковина Македонија. Оваа убава иницијатива на младинците Македонци од Пиринска Македонија ќе биде набрзо еднострано прекината. Бугарскиот осудувачки став за ваквите иницијативи е пренесен во весникот „Работническо дело“. Повторно на овие „провокации и невистини“ ќе одговорат сите внатрешни и надворешни соработници на „Нова Македонија“, а најревносен и најиздржан ќе биде, секако, Блаже Конески.

### 3.4. Просоветската уредувачка политика во 1948 и антисовестките натписи во 1949 година

Радикалната разлика во пишувањата на „Нова Македонија“ може да се забележи во третирањето на темите поврзани со Советскиот Сојуз во 1948-та и во 1949-тата. Додека во првата наведена година весникот на секој можен начин се обидува да форсира вести, аргументи и факти што го потенцираат југословенско-советското братство, кое, според официјалниот став на КПЈ, некои непријателски сили се обидуваат да го нарушат, веќе во 1949-тата година има целосен фронтален напад врз сите советски политики како на внатрешно така и на меѓународно ниво. Од написите што следуваат може да се заклучи дека „Нова Македонија“ во 1949-тата г. е многу повеќе антисоветски поставен од самиот „Њујорк тајмс“.

Но во 1948-та г. „Нова Македонија“ сè уште води уредувачка политика која е во соласност со старите југословенски принципи за поддршка на комунизмот насекаде во светот. Оваа уредувачка политика е во согласност и со првите претпазливи ноти што ги објавува СКЈ против СССР, во кои иако има низа остри изјави, крајната цел е помирување на партиите преку тврдење дека некој надворешен непријател ги подметнува овие лаги за СКЈ.

---

[13] Андоновски, В., 1984: *Во чекор со државноста*

Во таа насока е и првиот напис што го објавува „Нова Македонија“ во врска со резолуцијата на Информбирото. Тоа е на 30-ти јуни 1948-та г., на насловната страница на весникот и станува збор за „официјална изјава од Централниот комитет на КПЈ по повод резолуцијата на Информацискoто биро“.[14]

Веќе на наредната страница „Нова Македонија“ за првпат го споменува случајот на врвните партиски раководители Сретен Жујовиќ и Андреа Хебранг, кои неофицијално се отстранети од партијата поради антисоветска дејност, а официјално поради низа пропусти во своето работење. Овој позамашен напис е во насока да објасни дека отстранувањето на Жујовиќ и на Хебранг не е никаква антисоветска политика, туку конкретна мерка против несовесни партиски и државни раководители.


НОВА МАКЕДОНИЈА

КОНФЕРЕНЦИЈАТА ВО ПАРИЗ ПО ПРАШАЊЕТО ЗА ИТАЛИЈАНСКИТЕ КОЛОНИИ ЗАВРШИ СО НЕУСПЕХ

Бараме договорот за мир да биде честуван и итно применет

ОД СОВЕТСКИОТ СОЈУЗ

Советската младина ја пречекува 30-годишнината на Комсомолот со нови работни обврски

Писмо од грчките деца што се наоѓаат во Југославија избегани од монархо-фашискиот терор до демократската влада на генерал Маркос

Оваа уредувачка политика карактеристична за 1948-та г. најмногу доаѓа до израз со изданието на весникот од 3-ти јули 1948-та г., каде што на третата

[14] „Нова Македонија“, 30-ти јуни 1948 г., стр. 1

страница се објавува телеграмата од членовите на Народниот фронт во Белград до генералисимус Сталин. Таму буквално стои следново:

„Наш драги друже Јосиф Висарионивич Сталин..... ти испраќаме топли поздрави и преку тебе на целиот Советски Сојуз. Друже Сталине, длабоко веруваме во тебе дека ќе направиш сè за да се симнат неправедните обвинувања што се фрлени на целата нашата земја, нашата партија и нашиот централен комитет. Нашата љубов спрема тебе, спрема целиот Советски сојуз, спрема сето што го направите за целото човештво е безгранично, исто како и нашата вера дека ќе направиш сè вистината да излезе наскоро на виделина. Да живее неразрушивото братство на Советскиот Сојуз и ФНРЈ! Да живее нашиот голем пријател Јосиф Висарионович Сталин!"

Ваквата серија написи со уредувачка политика во оваа насока продолжува и во 1135-тиот број на „Нова Македонија" од први септември 1948-та г. Таму на насловната страница може да се најде напис, поточно извештај од настан со наслов: „Ништо не може да не оддели од социјалистичката изградба на нашата земја".[15], а во него се објаснува колку Југославија и југословенските комунисти остануваат лојални на интернационалните комунистички идеали и доктрини и дека, и покрај сите обвинувања, КПЈ продолжува да чекори по вистинскиот пат.

Наредниот ден, на втори септември, „Нова Македонија" на насловната страница објавува некролог и богат текст за смртта на истакнатиот советски комунистички раководител Андреј Андреевиќ-Жданов.

Таму, покрај големата слика од Жданов и двете агенциски вести на московски „ТАСС", се објавува и телеграмата со сочувство од ЦК СКЈ до ЦК СКП (б) во која се вели: „Длабоко жалиме за тешката загуба на ЦК на СКП(б) со смртта на верниот соработник на Сталин, другарот Андреј Александрович Жданов".[16]

На 12-ти септември, на третата страница на „Нова Македонија", се објавува и цела вест за Денот на советските тенксисти, со сите можни пофалби и возвишувања на големата црвена армија.

На 16-ти септември половина од петтата страница на „Нова Македонија" е посветена на случувањата во Советскиот сојуз. Таму се објавени дури три вести што се издвоени од остатокот од весникот со големи насловни букви „ОД СОВЕТСКИОТ СОЈУЗ".

---

[15] „Нова Македонија", бр. 1136, први септември 1948 г., стр. 1
[16] „Нова Македонија", бр. 1136, втори септември 1948 г., стр. 1

Како прва од оваа серија вести е објавена: „Советската младина ја дочекува 30-годишнината на Комсомолот со нови работни обврски“.

Како втора вест од Советскиот Сојуз е објавена: „Прибирање на родот на колхозните полиња во украинската СССР“.

И како трета вест се наведува дека: „Во јануари ќе се прослави стогодишнината од раѓањето на знаменитиот руски океанограф Адмирал Макаров“.[17]

За да стане појасно значењето на овие навидум бенигни вести, треба да се напомене дека „Нова Македонија“ во тие години речиси воопшто не пишува вести од светот, освен оние што ги презема од „Танјуг“ и кои се посветени на случувањата на работничкото движење низ светот. Советскиот сојуз очигледно е исклучок и за таму се објавуваат вести многу слични на оние што се објавуваат и за југословенските републики. Што значи дека „Нова Македонија“ во 1948-та година СССР го третира како делумно домашна, односно најмалку пријателска држава, за која треба да се објавуваат такви детали како што се прослави, погреби и берба на жетвена колхоз.

Во насока на поддршка на советската надворешна политика, на 25-ти септември 1948 г., на третата страница на „Нова Македонија“ е објавена вест или извештај од работата на Генералното собрание на ООН во Париз со наслов: „Делегатите на земјите од 'Маршаловиот план' ја изнесоа тезата за саботирање на ООН“, во која буквално и коментаторски се вели: „....делегатите на Бурма, Кина, Јужна Африка, Данска, Турција и Уругвај, скривајќи ги своите вистински намери, изјавија како божем треба да зајакне авторитетот на Организацијата на Обединетите нации. Тие ја изнесоа познатата теза на саботирање во ООН обраќајќи се во прв ред на прашањето за вето“.[18]

На 23-ти октомври 1948 г. „Нова Македонија“ објавува и текст со наслов: „Масовни протестни митинзи на нашите трудбенци против военоподбуцнувачката империјалистичка политика на САД и на Англија“.

Таму со коментаторски речник меѓу другото се вели: „Трудбениците низ нашата народна република одржуваат масовни протестни конференции против военоподбуцнувачката империјалистичка политика на САД и на Англија. Од своите конференции тие испраќаат протестни телеграми, во кои истовремено најрешително бараат од Организацијата на Обединетите нации да се усвојат предлозите на Советскиот Сојуз...“.

[17] „Нова Македонија“, 16-ти септември 1948 г., стр. 4
[18] „Нова Македонија“, 25-ти септември 1948 г., стр. 1

Веројатно, ова е последниот напис што „Нова Македонија“ го објавува во својата просоветска уредувачка политика. Веќе од 1949-тата г. работите се менуваат од корен во согласност со промената и на југословенската државна политика спрема СССР.


НОВА МАКЕДОНИЈА

НОТА ОД ВЛАДАТА НА ФНРЈ ДО СОВЕТСКАТА ВЛАДА

Па така, во написот од 10-ти август 1949-та г., кој го зафаќа централното место на третата страница и добар дел од нејзината содржина, стои насловот: „СССР одбива да ги врати југословенските деца што се наоѓаат на воени училишта во СССР“. Во тој напис, меѓу другото, е напишано и: „Наставата се водеше и се води исклучиво на руски јазик, а и во секојдневното однесување учениците мора да зборуваат само на руски..... Од летувањето во Југославија во

1947-та година.... во Советскиот Сојуз никој не им зборуваше на овие деца за нивната татковина...“.

Веќе на 11-ти август 1949-тата г. излегува еден од најжестоките написи на „Нова Македонија“ против СССР со наднаслов: „За победа на вистината“ и наслов со подвлечени и задебелени букви, кои се видно поголеми од оние кај другите наслови во весникот: „Фашистичкиот весник ’Темпо’ и ТАСС на иста линија во клеветењето против Југославија“.[19]

Во овој наменски напад на Државната советска новинарска агенција коментаторски се вели: „До објавувањето на Резолуцијата на Информбирото италијанските фашистички и профашистички весници ги оборија сите во измислувањето на најфантастичните вести за нашата земја. Почесното место меѓу тие весници, секако, му припаѓа на фашистичкиот весник ’Темпо’. Но од објавувањето на Резолуцијата па наваму таквото антијугословенско реноме на весникот ’Темпо’ сериозно е загрозно од весниците на Советскиот Сојуз“.

Рубриката „За победа на вистината“ продолжува и на 12-ти август 1949-та г. со работен наслов: „Информбирото се обидува да ја прикрие својата ликвидаторска улога во Грција“, напис во кој се обвинува Москва за сите страдања на Македонците во Граѓанската војна кај нашиот јужен сосед.[20]

„Борбата на КПЈ против информбировските скршнувачи и опортунисти“ е насловот на рубриката „За победа на вистината“ од 14-ти август 1949-тата г. Во тој напис конкретно се величат чекорите на КПЈ против советското влијание.

На истата страница, навидум случајно, а повеќе намерно, се објавува кратка вест со наслов „Најголем вкупниот увоз од СССР во САД“, која очигледно е преземена од некоја од западните новинарски агенции. Подолу, пак, се објавува уште една агенциска вест од Вашингтон, каде што се вели дека „САД го прошируваат Маршаловиот план и кон западните сектори од Берлин“.

Голема промена во пишувањето на „Нова Македонија“ во 1948 и 1949-та г. е дека вестите што се објавуваат за СССР сега се заменети со вести за Соединетите Американски Држави. Тоа што се поддржува Маршаловиот план, кој претходно толку многу се критикуваше, веројатно е последична појава на општата промена на југословенското државно раководство во овој период.

---

[19] „Нова Македонија“, 11-ти август 1949-та г., стр. 1
[20] „Нова Македонија“, 12-ти август 1949-та г., стр. 1

Неколку дена подоцна, на цела голема страница на „Нова Македонија“ се објавува текст преземен од „Танјуг“ со наслов „Аргументите за информбировската критика за нашата трговија“, каде што целосно се дискредитираат сите критики на Советскиот Сојуз и на Информациското биро.

И во бројот од 18-ти август 1949-та г. „Нова Македонија“ го напаѓа СССР, директно обвинувајќи го за завера, со цел ликвидација на грчкото демократско движење.



Изјава на американскиот книжевник Луј Адамик

Во вторник на 23-ти август е втората кулминација на написите на „Нова Македонија“ против СССР, каде што интегрално се објавува големата „Нота од Владата на ФНРЈ до советската Влада“.

Во склоп на истиот весник има и голем коментар на Киро Хаџи Василев, каде што ги дообјаснува ставовите на властите во Белград со наслов: „Подчертано-револуционерна одбрана на ревизионизмот и опортунизмот“.[21]

На 24-ти август насловната страница на „Нова Македонија“ е уште пожестока бидејќи осамнува написот: „Кој се спогодува со империјалистичките сили зад грбот на сојузникот?“.

На 26-ти август веќе има два написа со подеднакво остра содржина и двете опфаќаат по половина од насловната страница: „Борците и офицерите од Демократската армија на Грција ги демантираат клеветите против Југославија“ и „Југословенските иселеници во САД протестираат поради информбировската кампања против социјалистичка Југославија“.

И остатокот од бројот на 26-ти август ѝ е целосно посветен на оваа проблематика.

Во наредниот период во „Нова Македонија“ доминираат написите на Моша Пијаде против СССР и Информбирото, кои излегуваат речиси секоја недела.

Значајно е да се напомене дека „Нова Македонија“ на 5-ти септември 1949-та г. ја пренесува и изјавата на американскиот книжевник Луј Адамик против Информбирото и поддршка на Тито.

Како завршен дел на оваа серија антисоветски написи во „Нова Македонија“ е и оној околу изборот на ФНРЈ во Советот за безбедност, кој во 1949-тата е повеќе форсиран од западните земји.

Па така, во написот од 20-ти октомври 1949-та г., на насловната страница се вели: „Изборот на ФНРЈ во Советот за безбедност би придонел за спречување на политиката на изнудување и застрашување во односите меѓу државите“.[22]

Понатаму серијата продолжува на 21 октомври 1949-та г., денот на приемот на Југославија во Советот за безбедност, со поднаслов: „Советскиот делегат Вишински кршејќи го правилникот се обиде да влијае врз гласањето“.

Како шлаг на тортата на целосно променетата политичка позиција на Југославија, а со тоа и на уредничката на „Нова Македонија“, е написот од втори

[21] „Нова Македонија“ 23-ти август, 1949-та г., стр. 1
[22] „Нова Македонија“, 20-ти октомври 1949 г., стр. 1

декември: „Југословенската делегација ќе ја поддржи секоја мерка за локализирање на корејскиот конфликт во Советот за безбедност", што е отворено застанување зад американската надворешна политика.

### 3.5. Пишувањето на „Њујорк Тајмс" за судирот Тито-Сталин

„Њујорк тајмс" уште на 28 јуни 1948 г. констатира дека Маршаловиот план ги дава првичните резултати за напукнување на источниот блок, но дека не треба да се имаат илузии дека судирот меѓу Тито и Сталин е од трајна природа и дека ќе промени нешто позначајно.

Веќе на 30-ти јуни 1948 истиот весник зборува за „Пркосот на Тито", авторски текст во кој повторно се изразува скептицизам дека ваквата состојба ќе биде од трајна природа, но дека, сепак, е добро што се појавуваат различни мислења во рамките на советскиот блок.

„Југословенските студенти во Москва едногласно застанаа зад Тито" е еден од првите наслови на „Њујорк тајмс" што се појавува на оваа тематика на осми јули 1948 година. Овој текст, кој зафаќа добар дел од една печатена страница на „Њујорк тајмс", само нафрла дека судирот меѓу Тито и Сталин е блага потврда на почетоците на незадоволството во Источна Европа против советската чизма врз овие народи, кои од неодамна се ослободени од фашизмот и од Германија[23].

На 4-ти јули во пообемна анализа на весникот насловена како „Советската мистерија" веќе можат да се почувствуваат навестувања дека работата долгорочно може да доведе до посериозно политичко пукање во редовите на советите. Статијата е повеќе хронолошка и историска, но сепак може да се најдат и интересни моменти што помалку или повеќе точно ја предвидуваат иднината на целиот конфликт.

[23] Њујорк Тајмс, 8 јули 1948. Стр 10

## TITO AS A NATIONALIST

The extent to which the fires of nationalism continue to smolder under the red blanket cast over Eastern Europe by Russia is demonstrated anew by the remarkable spectacle in Belgrade which passes as the Fifth Con-

Понатаму, читателите на „Њујорк тајмс“ можеле да прочитаат и наслови како што е: „Тито како националист“ (22 јули 1948). Во проширената вест најпознатиот светски весник со критичка и крајно несимпатична нота ја раскажува целата предисторија и перспетива на информбировското прашање.

„Силата на национализмот под црвениот тепих во Источна Европа најдобро се гледа по спектаклот што се случи во Белград за време на Петтиот конгрес на Југословенската комунистичка партија. Таму Маршалот Тито, комунистичкиот диктатор што дојде на власт газејќи преку своите опоненти, стоеше речиси осум часа и зборуваше пред повеќе од две илјади делегати што го поздравуваа како национален херој и јавно се противеа на советски доминантната комунистичка интернационала, која го отфрли Тито поради недоволната лојалност кон Москва. За претставата да биде уште поголема, Конгресот беше комбиниран со најголема воена парада по завршувањето на војната, каде што акцентот беше ставен врз антиавионските топови, кои подготвено чекаа напад од Москва“.

Таму недвосмислено се вели дека од еден комунист како што е Тито не треба да се очекува да прави некое трајно сојузништво со Западот, но сепак тоа не треба да ги спречи западните сојузници да ја искористат ситуацијата во Југославија за да создадат петта колона на Истокот.

„Бидејќи Тито е и останува комунист, западните сили не треба да гаат илузии во неговите мотиви или неговата крајна лојалност. Навистина, неговите моментални настапи наликуваат на српскиот селски национализам, но тоа не

треба да биде пречка западните земји да поддржат какво било движење спрема националната независност“.[24]

Веројатно, ова се само почетоците на западното кохетирање со Тито, и јавноста и аналитичарите во САД сè уште не се свесни што се може да се изроди од ваквата нова ситуација, но сепак се насетува дека Тито може да стане моќно оружје против доминацијата на Сталин – факт што се покажа точен, но само на краток рок бидејќи наскоро потоа работите се менуваат неколку пати од корен, уште еднаш покажувајќи ја на дело титовата прагма во однос на големите светски политики.

Најчесто повикан да ги коментира настаните поврзани со Југославија и со Информбирото за „Њујорк тајмс“ е Ц. Л. Сулзбергер, главен надворешно-политички дописник на весникот, а кој претходно долги години бил дописник од Русија. Во својата кариера имал можност неколку пати да се сретне и со Тито и со Сталин.

Со насловот „Црвените од Трст сè уште се борат поради судирот Тито - Информбиро“ надворешниот колумнист на „Њујорк тајмс“, Ц. Л. Сулзбергер, објавува анализа посветена на оваа тема на 4-ти август 1948 г. Тој уште во поднасловот објаснува дека словенечката комунистичка партија во Трст останува лојална на Тито, додека Италијанците масовно се вртат кон Сталин[25].



**Heresy—The Great Bogy of the Kremlin**

**That is the essence of Moscow's clash with Tito; it is a 'crime' that cannot go unpunished.**

By C. L. SULZBERGER

PARIS.

SO long as Marshal Tito's audacious political insurrection against the Kremlin lives there is a gaping breach in the structure of Soviet alliances. It is a continual invitation to other satellites to assert their independence. Obviously, for purely practical reasons alone, Moscow's Politburo, one way or another, must stamp out this ideological rebellion.

But material reasons of Russian power are by no means the only elements involved. Perhaps overshadowed by the surface implications of the Belgrade mutiny are matters of deeper intellectual and philosophical import which strike at the root of Soviet ideology. It is these considerations which quite clearly are giving the gravest concern to the publicists and sages of bolshevism.

Communism, as developed under Lenin and Stalin, is based upon an absolute dictatorship seeking universal application. This dictatorship need not necessarily be that of an individual. Casuistically, it is explained as one of the proletariat. Theoretically, this channels upward through the Political Bureau of the Soviet Communist party. Actually and mechanically, it is represented to a large degree by the word and the will of Stalin, pronounced on the basis of frequently long and argumentative Politburo discussions. But in that body Stalin's personality is at least inferentially paramount.

LIKE other universal and dictatorial conceptions of history, communism chooses to speak unanimously and with one voice after settling its differences within. Its ideology can brook no external heresy within its ranks. For this reason it is prepared to risk an open schism, when necessary, rather than admit splinter divergencies.

It has been ready in the past and is ready now to sacrifice important personalities and large numerical blocs in order to adhere to this rigid conception. Since the Bolshevik party gobbled up the structure of Russian social democracy it has operated along these lines to an increasing extent. The party's mechanism has not and does not permit any tangents to develop from the central core of ideas—whether in politics, science, art, music or literature.

Such divergences, in fact, are frequently singled out as more sinful, more inimical than outspoken enmity. A Western Social Democrat is held more hateful than a capitalist. Revolutionary that he was, Kerensky was contemptuously blown aside by Lenin. In his single-minded quest for power Stalin shunted into "diversionist" channels the best surviving brains of early bolshevism and then smashed them: Trotsky, Bukharin, Zinoviev.

Such destruction of individual personalities, their "sacrifice" to a "movement," is accepted as natural by minds trained in the concepts of dialectical materialism. Many a Communist stalwart has gone to his doom gloomily admitting sins of individualism and accepting the justice of his personal immolation.

ON March 3, 1938, Nikolai Krestinsky, respected diplomat and Bolshevik who was accused of Trotskyism, faced his interlocutor, Andrei Y. Vishinsky, in the Moscow court. Said he: "Yesterday, under the influence of a momentary keen feeling of false shame, evoked by the atmosphere of the dock and the painful impression created by the public reading of the indictment, which was aggravated by my poor health, I could not bring myself to tell the truth.

"I could not bring myself to say that I was guilty. And instead of saying, 'Yes, I am guilty,' I almost mechanically answered, 'No I am not guilty.' * * * I request the court to register my statement that I fully and completely admit that I am guilty of all the gravest charges brought against me personally and that I admit my complete responsibility for the treason and treachery I have committed."

Public recanta- *(Continued on Page 68)*

C. L. SULZBERGER, chief foreign correspondent of The Times, was for several years correspondent in Russia. He met Marshal Tito and talked with him at length both in Moscow and Belgrade.

„Непријателскиот став на Информбирото спрема Маршал Тито и спрема неговата комунистичка партија на Југославија, обвинувањата за ерес и друго

[24] Њујорк Тајмс, 22 јули 1948. Стр 8

[25] „Њујорк тајмс“, 4-ти август, 1948 г., стр. 7

имаат реперкусии и во слободната територија Трска. Речиси и последниот Словенец-марксист во овој град го следи својот лидер Бранко Бабитиќ, генерален секретар на партијата лојална на Белград. Паралелно со тоа, Виторио Вадали, познат комунистички борец и ветеран од Италија, Шпанија и од Мексико, излезе од сенка и го презеде лидерството врз италијанскиот дел од трсјанските комунисти. Па така, сите италијански комунисти застануваат зад него и зад неговата теорија дека не постои бог туку само пророци како Ленин и Сталин. Резултатот од сето ова не е само слабеење на комунистичката позиција тука и ескалирање во се почести вербални судири меѓу двете до вчера братски фракции", ќе напише Сулзбергер во својот текст.

Тој уште додава дека веќе е свикан конгрес на Комунистичката партија на Трст, а дека медиумите максимално ја подгреваат ситуацијата со постојани меѓусебни препукувања.

Но она што е клучно во овој текст е дека, сепак, авторот не е сигурен дека целата ситуација ќе заврши со помирување на Тито и Сталин на сметка на сите „полтронски хушкачи на состојбите".

„Можно е ситуацијата да се смени преку ноќ и лидерите на Коминформот тивко да се договорат со Маршал Тито и да го прифатат назад. Оваа ситуација е и многу веројатна, но засега, барем во јавноста, нема никакви најави за ваков пресврт и тој, барем за овдешните состојби, би бил големо изненадување".

Тоа значи дека во август 1948-та г. ниту американските новинари и уредници не биле сигурни во тоа кој пат ќе го фати Тито за своето натамошно политичко дејствување.

**End to Split Held Possible**

LONDON, Sept. 1 (AP)—The death of Mr. Zhdanov appeared today to have opened a way to end the row between the Soviet-dominated Cominform and Yugoslavia. It also removed a major obstacle in the path to power of Foreign Minister Molotov, whose name has rivaled that of Mr. Zhdanov in

На први септември 1948-та г. дописниците на „Њујорк тајмс“ од Европа неосновано предупредуваат дека кризата меѓу Белград и Москва најверојатно е завршена, дека Тито ќе се врати во старото јато и дека со тоа ќе се завршат сите надежи дека е можно некакво напукнување во солидното влијание на Сталин. Причина за ваквиот текст е смртта на членот на московското политбиро Жданов, еден од најгласните критичари на Тито. Еве што се вели на почетокот на таа вест.

„Смртта на господинот Жданов изгледа дека веднаш отвори пат за завршување на непријателството меѓу Информбирото и Југославија. Исто така, тргна голема пречка на патот кон моќта на министерот за надворешни работи Молотов, чие име беше во вечно ривалство со Жданов во шпекулациите за наследниците на Сталин. Токму господинот Жданов беше главниот промотор за воено решавање на југословенското прашање, политика што водеше до најголема поделба во рамките на комунистичките земји од Војната наваму“.[26]

На 10-ти октомври 1948-та г. Сузбергер излегува со уште една обемна анализа околу југословенското прашање, кое дефинитивно станува светска тема. Насловот на оваа голема анализа е „Ереста – големиот баук на Кремљ“, а авторот во поднасловот објаснува дека: „Гревот на Тито не може да остане неказнет бидејќи силата на Москва се потпира токму на бескрупулозноста кон ваквите појави“.[27]

Во овој текст напишан во Париз веќе отворено се споменува и за потенцијалната катастрофа што Тито може да ѝ ја предизвика на советската надворешна политика и на нивната доминација во Источна Европа, како основа за идна целосна контрола над стариот континент.

„Сѐ додека Коминформот вештачки го тера Тито кон политичко востание против Кремљ ќе биде актуелно и напукнувањето на структурата на советската алијанса. Сето ова е континуиран повик кон другите сателитиски држави да почнат да се борат за својата независност. Очигледно од чисто практични причини, московското Политбиро на ваков или таков начин ќе мора да го задуши политичкото востание. Но материјалните причини на руската моќ дефинитивно се тука. Можеби постојат импликации и идеолошки и длабоко интелектуални разлики, но, сепа,к економската страна е доминантна. Комунизмот, како што е развиен од Ленин и од Сталин, се базира на апсолутна диктатура, која бара и интернационална апликација. Овој тип диктатура се објаснува како диктатура на пролетеријатот. Оваа состојба се генерира од Политбирото во Москва, па надолу. А ако се гледа поконкретно, тоа е директна имликација на волјата на Сталин“.

---

[26] „Њујорк тајмс“, први септември 1948 г., стр. 4

[27] „Њујорк тајмс“, 10-ти октомври 1948 г., стр. 10

Авторот на оваа анализа предвидува три можни сценарија за решавање на југословенското прашање. „Пуч и ликвидација на Тито; неочекувано целосно вртење кон Запад со опасност од воен судир и трета светска војна или, пак, покајување на Тито пред гревовите во Москва“.[28]

На крајот на анализата Сузбергер во никој случај не предвидува ниту едно поволно сценарио за Тито за излез од кризата. Очигледно и најдобрите геополитички аналитичари знаеле да згрешат, па Тито од оваа криза по неколку години излезе многу посилен и со многу подобра и меѓународна позиција и економска состојба во државата. Но прашање е дали кон крајот на 1948-та година секој можел да го предивиди и да го претпостави тоа. Констатацијата е дека на крајот на 1948-та веќе се насетуваат намерите на официјален Белград да кохетира со Западот, но никој сè уште не верува дека тоа може успешно да се изведи и да профункционира во пракса при таквата растечка моќ на Москва.



MACEDONIAN CLAIM HELD AIMED AT TITO

Interior Head Says Bulgaria Revives Territory Question to Split the Yugoslav State

By M. S. HANDLER
Special to THE NEW YORK TIMES.

BELGRADE, Yugoslavia, Jan. 20—Col. Gen. Alexander Rankovitch, Yugoslav Minister of the Interior and deputy to Premier Marshal Tito, informed the Serbian

Еден од најинтересните текстови поврзани со македонското прашање во очите на случувањата со Информбирото е објавен во „Њујорк тајмс“ на 21 јануари

[28] „Њујорк тајмс“, 10-ти октомври 1948 г., стр. 4

1949-та г. Таму авторот М. С. Хандлер пишува дека „Бугарија воскреснува територијални претензии за да ја подели југословенската држава“.

Текстот започнува со споменување на името на неофицијално првиот југословенски разузнавач и втор човек во државата Александар Ранковиќ и неговите тврдења за бугарските територијални претензии кон Македонија.

„Генерал полковник Александар Ранковиќ, југословенски министер за внатрешни работи и заменик на премиерот Тито, го информира Конгресот на Српската комунистичка партија во Белград дека Информбирото и Комунистичката партија на Бугарија повторно го отвораат македонското територијално прашање со намера да се растури и да се уништи југословенската национална држава, како решение на проблемот и рушење на југословенското раководство“.

Понатаму, „Њујорк тајмс“ ги цитира и личните ставови на Александар Ранковиќ поврзани со македонското прашање, кои се мошне интересни за читање:

„Министерот за внатрешни работи потврди дека Народна Република Македонија е суверена и еднаква внатре во југословенската федерација и дека секој обид да се собори македонскиот режим во Скопје ќе се смета како закана за територијалниот интегритет на целата југословенска национална држава. Генерал Ранковиќ рече дека бугарскиот поглед на македонското прашање е дека тоа треба да биде решено меѓу Бугарите и Србите, кои се сметаат за господари на Македонија. Според Ранковиќ, во реалноста Македонија не им припаѓа ниту на Бугарите ниту на Србите, туку на македонскиот народ“.

## *Refugee Albanians Say Russians Prepare Frontiers to Fight Tito*

By CAMILLE M. CIANFARRA
Special to THE NEW YORK TIMES.

ROME, March 19—Reports received here today from Albanians who have fled from their country to neighboring Greece said that a considerable amount of military preparation was taking place on the northeastern Albanian border facing Yugoslavia and along the

The split between Marshal Tito and Premier Stalin, they added, had broken the continuity of Soviet-dominated territory that formerly stretched from Moscow to Tirana.

Specifically, according to these reports, Soviet Russia was said to

Дека ситуацијата на почетокот на 1949-тата г. е навистина напната со можност за ескалација во блиска иднина, зборуваат и други написи на „Њујорк тајмс“, како на пример статијата од 20-ти март 1949-та г. со наслов: „Албанските бегалци во Грција тврдат дека Русија подготвува фронт за борба против Тито“.

Таму, авторот Камил Кијанфара тврди дека „со оглед на обемот на воените подготовки што се одвива во Североисточна Албанија, особено на границата кон Југославија, во овој дел на светот се подготвува нешто големо, кое, најверојатно, е поврзано со случувањата околу Информбирото. Треба да се знае дека Албанија во моментов е изолирана земја од остатокот територии под влијание на Москва, кои по Војната се протегаа од Владивосток, па сè до Драч“.[29]

На 7. април 1949-та г., „Њујорк тајмс“ пишува за поделбите во Бугарската комунистичка партија, кои, според нив, се иницирани од потегот на Тито против Сталин, кој, според американските аналитичари, почнува да се шири како зараза. Колку биле Американците во право, ќе покаже самата подоцнежна историја.

На 14-ти август 1949-та г., „Њујорк тајмс“ објавува текст со драматична насловна конструкција: „Тито против Сталин: борбата влегува во клучна фаза – опасност од воен конфликт, кој е на повидок, во Источна Европа“.[30]

Во обемната статија аналитичарите на „Њујорк тајмс“ го пишуваат и следново: „Настаните од последните неколку недели навестуваат дека Југославија поседува информации дека советската Влада, преку инструментите на Коминформот, ќе го отвори прашањето за југословенскиот територијален интегритет. Овој доказ е поттикнат од три работи. Како прво, Југославија обвинува дека советската Влада и Коминформот одлучиле да го ликвидираат грчкиот отпор; второ, Југославија верува дека грчките бунтовници ќе бидат поттикнати за ново движење инспирирано од Коминформот за обединета македонска држава, која ќе ги вклучува деловите од југословенска, бугарска и од грчка Македонија и како трето говорот на Маршал Тито во Скопје пред генералите и офицерите од јужните граници дека треба да очекуваат инвазија“.

Американските аналитичари во оваа статија се согласуваат со Тито дека цели тринаесет месеци не е случена советска интервенција, бидејќи источниот лагер се плаши од долга герилска војна во Југославија. „Тринаесет месеци на политичка војна со советската Влада ги прилагодуваат умовите на Југословените постојано да се подготвени за можноста од воено решение на кризата. Говорот на Тито во Скопје само го потврди заклучокот дека Советите и Коминформот ќе ги

[29] „Њујорк тајмс“, 20-ти март 1949-та г., стр. 3
[30] „Њујорк Тајмс“, 14-ти август 1949-та ., стр. 5

прифатат ризикот и последиците што ќе бидат имплицирани од долгорочна герилска војна, која не може да се спречи на ниеден можен начин".

Во овој период „Њујорк тајмс" објавува и писма од читатели, кои, според политиката на „Тајмс", се успешно филтрирани како добри познавачи и објективни аналитичари на состојбите за кои пишуваат. Оваа рубрика е одлична можност да се прочита и поширокото јавно мислење во САД поврзано со Тито, Југославија и со Информбирото.

На 18-ти септември 1949-тата г., „Њујорк тајмс" констатира дека меѓународната позиција на САД сега е многу посилна од пред една година, во што најголема улога одиграл, секако, судирот меѓу Тито и Сталин.

Авторот Кирил А Зебот на 3-ти октомври 1949-та г. објавува интересна анализа за поделбата меѓу Тито и Сталин. „Западната помош за Тито не може да биде разумно објаснета, освен преку можноста што сè уште не е докажана дека југословенскиот Маршал и Сталин навистина се разделиле. Потребна е барем некоја посигурна теорија дека повторното смирување на Тито и Сталин е неможно. Таквата теорија не може да биде базирана на шпекулации дека Сталин и Тито не може да си веруваат еден на друг. Ако оваа теорија е точна, западната помош за Тито може да биде оправдана како важна инвестиција во одбраната од натамошната советска агресивна политика кон остатокот од Европа и од светот. Независна и несоветска Југославија навистина би можела да значи есенцијално распукување на компактната поствоена советска стратешка позиција во Европа, додека обратното сценарио на целосно советски контролирана Југославија би било многу опасно. Но, сепак, и покрај оправданоста на помошта од овој аспект, мора да бидеме сигурни дека Југославија му била и дека му останала подолго лојална на Западот. Такво тестирање може да се докаже само со некој специфичен позитивен развој во Југославија и со големи политички промени внатре во самата земја".[31]

Очигледно, овој случаен колумнист на „Тајмс" има јасна перцепција за она што следува, бидејќи само шест години подоцна, во 1955-тата година, Тито пред Хрушчов ќе се колни во југословенско-советското братство, а веќе во 1956-тата година отворено ќе застане против западните интереси во Војната за Суетскиот Канал.

Сепак, истиот автор на крај уште пишува и констатира: „Сите достапни докази укажуваат на можноста дека Сталин и Тито навистина се разделиле. И како последица на тоа, Тито сега изгледа одлучен да бара помош од Западот, кој, како што е познато, веќе го поддржува и економски и морално".

---

[31] Зебот, К. А., 1949-та октомври: „Њујорк тајмс"

Веројатно, ваквото мислење на пошироките народни маси во САД е пресудно земјата да почне со безрезервна воено-економска поддршка за Југославија, која не само што не ја издвојува од другите земји вклучени во Маршаловиот план туку таа можеби и добива повеќе средства, машини и опрема од другите земји што се засегнати со оваа доктрина. Историјата покажува дека, барем на кратки патеки, Американците направиле погрешна проценка во поглед на Тито и на Југославија.

На 30-ти октомври 1949-та г., „Њујорк тајмс" известува и за бркањето на југословенскиот амбасадор во Москва, Карло Мразовиќ, поради шпионажа. Веќе наредниот ден, на 31 октомври 1949-та г,, весникот отворено пишува дека „се поширокото ширење на титоизмот го слабее советскиот лагер".[32]

Веќе познатиот автор Сулзбергер вели: „Националната комунистичка ерес на Маршал Тито веќе добива толкави интернационални димензии што од корен ја нарушува доминацијата на московското читање и толкување на марксизмот".

На 20-ти ноември 1949-та г. американскиот генерал-полковник Валтер Бедел Смит, поранешен преставник на американската администрација во Москва, пишува интересен сет колумни за „Њујорк тајмс" под заеднички наслов: „Моите три години во Москва". Најинтересно од многуте продолженија за нас е она со број 15, насловено „Коминформот и Тито". Таму генерал Смит го тврди следново: „Овој судир ја крши железната завеса и ги нарушува принципите на омнипотенција на Кремљ. Ѕидот што тие во буквална смисла го поставија околу сите свои владеења во Источна Европа веќе не е така цврст. Сето ова ја тера Москва на уште поочајнички потези и уште поголеми репресии врз другите сателитски држави, што во секој случај ќе резултира со нови незадоволства налик на ова во Југославија" констатира генерал Смит. Тој додава дека сосем е погрешна перцепцијата што владее во Москва дека времето во овој судир работи на советска страна. Според него, напротив, Југославија со секој нареден ден има сè поцврста позиција на меѓународно ниво.

### 3.6. Судирот на Југославија со Информбирото - опипување на силите помеѓу двете супер сили

Југославија уште од завршните години на Втората светска војна е специфичен недефиниран пример, кој ги комплицира односите меѓу сојузниците. Таа е веројатно и единствен случај каде што е договорена поделба на сферите на

[32] „Њујорк тајмс", 31 октомври 1949-та г., стр. 3

влијание, 50:50, меѓу Западот и Истокот. Ваквото незатворено прашање е добар мотив и простор за југословенското раководство во сите наредни години да кохетира меѓу Западот и Истокот, политика која подоцна ќе ја примени и движењето на неврзаните. Конкретниот пример, кој го разгледуваме овде, е повторно последица на стрикната биполарна поделба на светот. Имено, САД со својата политика на клин за создавање раздор меѓу земјите од комунистичкиот блок ги забележува тогаш сѐ уште малите несогласувања меѓу Белград и Москва и одлучува да се вмеша. Мешањето е пред сѐ со финансиска, а подоцна и со воена помош. Подоцна се дознава и дека Тито од Вашингтон и од тогашниот американски претседател Хари Труман имал многу поголеми гаранции за евентуалниот воен судир со Советите.

Оттука и произлегува смелиот и арогантен однос на Тито спрема Сталин. Значи, повторно кризата со Информбирото е директно предизвикана од стрикната биполарност на светот во тој период или од трката за што поголемо глобално влијание на двете преостанати суперсили, кои во тој момент се на самиот зачеток на своето ривалство[33].

Како настанаа несогласувањата меѓу Белград и Москва?

На второто советување на Информбирото, кое се одржува од 20-ти до 28 јуни 1948-та година, во Кралскиот замок во Букурешт не се појавуваат Владимир Гомулка и Георги Димитров, а романскиот претставник Георги Даж поставува неколку незгодни прашања. На крајот на седницата се јавуваат за збор Андреј Жданов и Георги Маленков, кои тврдат дека располагаат со сигурни информации дека Тито е експонент на империјалистичките сили и дека неговата мисија е да се разбие единството на комунистичките партии[34].

На крајот како заклучок усвоена е резолуција за ситуацијата во Комунистичката партија на Југославија, позната како „Резолуција на Информбирото“.

Во резолуцијата поделена на осум глави, всушност, се повторува содржината од писмата што Сталин ги испратил до ЦК на КПЈ.[35]

---

[33] Perovic, J., 2007: "The Tito-Stalin Split: A Reassessment in Light of New Evidence", *Journal of Cold War Studies*, p. 32-63

[34] V Конгрес Комунистичке партије Југославије – Извештаји и реферати, Београд, 1948.

[35] Petranović, Б. 1980: *Istorija Jugoslavije 1918-1978*

Информбирото констатира дека КПЈ врши непријателска политика кон Советскиот Сојуз; дека идеологијата на партијата не е прифатлива од марксистичка гледна точка; дека КПЈ се раствора во беспартиската тежина на Народниот фронт[36]; дека не постои критика и самокритика; дека во партијата работат шпиони и платеници; дека партијата не го слуша советот на другите комунистички партии и дека партијата се движи кон буржоаските цели. Информбирото ги повикува сите здрави елементи лојални на марксизмо-ленинизмот да го заменат актуелното раководство на Комунистичката партија и бара тие луѓе да ги прифатат ваквите предлози како единствен начин да се доведат работите во правилна линија.

Резолуцијата на Информбирото е објавена во Југославија во попладневните часови на Радио Прага. Следниот ден, на печатениот текст на Резолуцијата одговор дава и КПЈ. По средбата на Дедине, Милован Ѓилас, во име на целиот ЦК, пишува одговор во кој го негира сето она што Информбирото го усвоило. Конечно, со изборот на новиот ЦК на Петтиот конгрес на КПЈ, на Сталин му е речено одлучно НЕ[37].

Уште пред донесувањето на Резолуцијата во Букурешт постои поделба на Комунистичката партија на Југославија. Линијата на Сталин ја бранат Хебранг и Сретен Жујовиќ. Подоцна, тие двајцата се исклучени од Централниот комитет, а веднаш по објавувањето на Резолуцијата на Информбирото има големи промени и во воеността раководство на Југославија. Во обид да пребегне на територијата на Романија, убиен е шефот на југословенскиот Генералштаб, генерал-полковник Арсо Јовановиќ. При истата постапка биле фатени и генералите Владо Дапчевиќ и Бранко Петричевиќ. Генералот на авијацијата, Перо Попивода, илегално пребегнува во СССР. Таму тој добива ранг на генерал-мајор во советското воздухопловство[38].

Истовремено започнуваат неверојатни економски игри. СССР ги повлекува договорите за кредит и за финансиска помош. Дрвени кутии полни со промотивни материјали се испраќаат по должината на Дунав до југословенскиот брег. Следува

---

[36] Народниот фронт на Југославија е збир од сите општествено-политички организации во земјата. Во неа членуваат Комунистичката партија, Синдикатот, Комората, Војската. Младината. Подоцна се преименува во Социјалистички сојуз, кој до крајот на Југославија се користи како алиби пред Западот дека во земјата не владее класичен еднопартиски систем.

[37] Штаубрингер, З., 1976: *Титово историјско Не стаљинизму*

[38] Подоцна примерот на Попивода ќе го следат плеада истакнати врвни партизански политички и воени раководители, а вкупната бројка на комунисти што избегале од Југославија на Исток во тој период е поголема од 200.000 луѓе.

големо оружување на армиите што ја опкружуваат Југославија. Вештачки се активира кризата за Трст, а ЈНА е обвинета дека распоредува големи сили во околината на градот со намера да го бомбардира.

Сепак, едно од најмрачните поглавја на Информбирото се режираните судски постапки. Веднаш по објавувањето на Резолуцијата на Информбирото, на територијата на Југославија следуваат масовни апсења, тортури и ликвидации.

Партиското раководство во Белград одлучува дека сите сомнителни приврзаници на тезите на Сталин треба привремено да се изолираат од општеството. На таков начин е настанат озлогласениот јадрански затвор „Голи оток“.

Од 21 до 29-ти ноември 1949-та година, Информбирото ја одржува својата трета и последна сесија во романскиот главен град Букурешт. По голема дискусија и читање материјал од монтираните процеси што во тоа време се одржале низ цела Европа, делегатите се согласиле дека југословенската ЦК отишла целосно преку воспоставување еден фашистички систем во земјата за да се одвојат од прогресивниот свет и воспоставување една држава раководена од платеници и шпиони на царскиот свет.

## РЕЗОЛУЦИЈАТА ОД БУДИМПЕШТА И ЦЕЛОСНОТО РАСКИНУВАЊЕ СО БЕЛГРАД

На 29-ти ноември 1949-та г. Информбирото се состанува по трет и последен пат во главниот унгарски град Будимпешта. Таму се усвојува втората резолуција на Информбирото наречена „Југословенската партија во рацете на убијци и на шпиони“. Со повеќе тешки зборови од претходната резолуција, Информбирото заклучува дека југословенскиот ЦК скршнал од патот на социјализмот и сè повеќе се стреми кон националистички достигнувања. Таму стои дека Белград се претвора во центар на американската шпионажа, а дека поголемиот дел од југословенското Политбиро е во рацете на империјалистичките шефови. Според оваа резолуција, убиствата на Арсе Јовановиќ и на Сретен Жујовиќ се извршени подмолно и од заседа, а дека сојузната полиција УДБ и натаму ги полни затворите со вистинските комунисти. Во Резолуцијата дури и дел од раководителите на партијата се нарекуваат агенти на Гестапо и реставратори на фашизмот, кои ја омаловажуваат советската помош.[39]

[39] Прибићевић, Б., 1978: *Социјализам као светски процес.*

По ваквиот потег на Москва, во Југославија дополнително се засилуваат притисоците. Веќе на 9-ти јули 1949-та г., „Голи оток"[40] ги отвора портите за првите политички затвореници што треба политички и идеолошки да се превоспитаат за да можат да се вратат во својата партија. Се зголемува присуството на армијата на границите и земјата се подготвува за најлошото сценарио – војна со другите братски комунистички држави – за што најголем доказ се големиот број погранични инциденти со многу повредени и загинати. Ова отвора можностза дел од воената емиграција да се врати во земјата со помош на другите држави и да прави разни „зулуми" на територијата на ФНРЈ.

На почетокот на 50-тите години постои масовен феномен наречен „Б-емиграција", кога од Југославија, преку нелегални правци, се избегани над 200.000 поддржувачи на Сталиновата линија.

Ситуацијата доаѓа речиси на работ на војна меѓу Југославија и СССР. Историските факти зборуваат дека Сталин веќе поседувал план за напад врз Југославија, со кодно име „Операција Југославија". Две поголеми советски армии биле концентрирани на границата со Бугарија и остварувале маневри. На чело на трупите психолошки бил поставен лично воениот херој Маршал Жуков, кој престојува во Софија.

Особено критичен е датумот 12-ти ноември 1952 година. Недалеку од пограничната зона кај Босилевград се појавува цел тенковски корпус на Црвената армија, кој се движи кон Југославија. Лично Тито заминува за Ниш, од каде што би требало да раководи со идната одбрана на земјата. Сепак, на крај е констатирано дека станува збор само за обичен предупредувачки маневар на Црвената армија.

Поради заострената ситуација на Корејскиот Полуостров, Сталин одлучува дека е многу позначајно целото внимание да се насочи таму и одлучува да го распушти Штабот на Југославија. По помирувањето на Москва и Белград самиот Маршал Жуков признава дека постоел план за напад на Југославија и дека многу малку фалело тоа да се реализира.[41]

Од друга страна, југословенската воена команда формира и партизански врховен штаб на чело со Светозар Вукмановиќ Темпо, кој по инвазијата врз Југославија би требало да организира партизански отпор против советската

[40] Голи оток е симбол на тотолитарното владеење на југословенското раководство на крајот на 40-тите и почетокот на 50-тите години на минатиот век. Таму затворска казна имаат отслужувано највисоки партиски, републички и сојузни раководители

[41] Фишер, Л., 1985: *Живот и смрт Стаљина*

инвазија[42]. Истовремено се донесува одлука за преместување на дел од тешката индустрија од Словенија и Хрватска во Црна Гора и во западна Србија. Во меѓувреме, југословенскиот министер за одбрана Коча Поповиќ на 14-ти ноември 1951 година во Лондон потпишува договор за воена помош со владите на САД, Велика Британија и на Франција.

## Вртењето на Југославија кон Запад

Погоре спомената стратегија на клин на Американците завршува неуспешно во Кина. Како што е познато, најбројната светска земја ќе заврши во комунистички прегратки и дополнително ќе го засили советскиот блок. Затоа резолуцијата на Информбирото за нив е одлична прилика овој пат успешно да ја применат својата прочуена тактика.

За тој потег нивната дипломатија веќе им го има подготвено теренот. На крајот на март 1947-та американскиот амбасадор во Белград Питерсон поднесува оставка и должноста му ја предава на дипломатот Џон Кебот. Многу индиспонираниот Питерсон не бил кариерен дипломат, туку политички сојузник на Труман, погрешна пракса што нашироко се применувала во САД во тоа време. Искусниот Кебот за улогата на својот претходник нема пофални зборови, оценувајќи дека во Белград оставил голем хаос. За разлика од Питерсон, Кебот веднаш ќе ја види можноста дека судирот на Тито и Сталин може да се искористи првично за нормализирање на односите меѓу Белград и Вашингон, а подоцна и за внимателно насочување на југословенската политика кон Вашинтон, со помош на засилена финансиска и материјална помош[43].

Во едно писмо до колегите од Стејт-департментот, своето тогашно искуство во Белград ќе го опише со следниве зборови: „Белград е најтешкото место што кога било го имав посетено и морам да признаам дека престојот овде ме депримира. Сепак, овде гледам мали сенки на монолитниот блок, кои можеби ќе успеам да ги искористам и ќе направам сè што е во моја моќ тоа и да го постигнам. Во овој момент Југословените водат шармантна кампања на вознемирување, понижување и на застрашување на амбасадите, апсејќи го локалниот персонал и малтретирајќи ги дипломатите. Ох боже, дај ми трпение да го поднесам ова!“

---

[42] Вукмановић, С., 1971: *Револуција која тече,* књ. II

[43] Alec, N, 2005: *Stalinism and After: The Road to Gorbachev*, p. 97

Бог му ги слушнал молитвите, му го испратил Сталин на Тито и така отворил пукнатина, која Кебот ја намирисал. За разлика од своите колеги, Кебот предвидел дека националните интереси на Југословените можат да дојдат во судир со интересите на СССР и дека Југословените нема секогаш слепо да ги следат руските упатства. Овај остроумен дипломат меѓу првите сфаќа дека заканата за советското влијание во Југославија нема да дојде од разединетата и неспособна опозиција, туку од партизанските кругови. Тој ѝ препорачува на својата администрација вештина и трпение пред незгодните Југословени, кои, според него, исто така сакаат да склучат договор со Западот, но под свои услови. Иако некои од неговите претпоставени мислеле дека тој пишува бесмислици, неговите препораки се подвлекувани со црвено, а мислењето конечно го промениле откако избил судир меѓу Москва и Белград. Кебот конечно можел да се смири и во таа прилика вели: „Навистина почувствував задоволство по толку претрпени критики".

Кебот со причина верувал дека критиките на претпоставените доаѓале под притисок на антикомунистичката јавност во САД, пред сè католичката црква (која била против Тито поради апсењето на надбискупот Алојзие Степинац) и воените ветерани (поради стрелањето на Дража Михајловиќ, чии единици за време на Војната спасиле повеќе од 500 соборени американски пилоти). Новиот американски амбасадор во Белград Кевендиш Кенан, кариерен дипломат што е пратен да ги засили американските позиции, ја продолжува политиката на Кебот. Конкретно за Кенан е интересно тоа што ги интензивира средбите со Тито уште неколку месеци пред Резолуцијата на Информбирото.

Претседателот Труман имал доста проблеми за да ја подготви антикомунистички расположената американска јавност и политичките кругови за новата политика на диференцијација меѓу комунистичкиот режим. Диференцијацијата доаѓала од претпоставката дека постојат два вида комунистички земји: такви на кои комунизмот им е наметнат од напредокот на Црвената армија на крајот на Војната и такви што го воведе самите. И додека за првите имало мала надеж, за другите е одлучено дека постои можност, поради судирот на интереси со СССР, да дојдат во орбитата на американската политика.

Државниот удар во Чехословачка, резултатите на комунистите на изборите во Франција и во Италија и избивањето на берлинската криза во 1948 г. ја шокираат западната јавност и ја наведуваат ЦИА на проценка дека војна со Советскиот Сојуз може да избие во рок од шеесет дена. Кенан смета дека ЦИА погрешно ги проценила намерите на Сталин , а Труман избрзал со своите барања пред Конгресот за посилен буџет за конфронтација со комунизмот. Американската амбасада во Белград прва го забележала чудното однесување на Тито, а набрзо

проценува дека е на повидок сериозен спор меѓу Москва и Белград. Дошло времето за акција[44].

Коментирајќи ја Резолуцијата на Информбирото, директорот на ЦИА, адмирал Хиленкотер, во извештаите од 29-ти и 30-ти јуни проценува дека се работи за очајнички обид на Советите да ја повратат контролата врз националистички настроената југословенска Комунистичка партија и дека доколку Тито преживее, на Кремљ ќе му биде потешко да ја контролира.

Задачата да ја формулира американската политика спрема овој спор му е поверена на Џорџ Кенан и на неговиот тим за планирање политика. Иако тие во прво време сугерирале внимателност отколку стратегија на клин, веќе во наредниот документ на Кенан се истакнува дека во светското комунистичко движење се појавил нов фактор од првостепено значење, кој зборува дека сателитите можат успешно да му се спротивставaат на Кремљ. Според него, потезите на САД во овој клучен момент ќе се и порака до другите земји дали да го следат или не Титовиот пример.

„Ако САД бидат премногу ладни спрема Тито, Советите би можеле тоа да го земат за доказ дека комунистичките држави немаат алтернатива. Доколку, пак, упадливо го поддржат Тито, тоа би можело да ја поткопа нивната положба дури и да предизвика советска воена акција“.

Токму оваа анализа влегува во Извештајот на Советот за национална безбедност и ја одредува американската политика кон Југославија во наредните неколку години.

Затоа, Кенан сугерира САД да ја поддржат Југославија не дозволувајќи природата на нејзиниот режим да го кочи нормалниот развој на економските односи меѓу Југославија и Западот. Независна Југославија на тој начин во американските очи добива значење на симбол на разликата во комунистичкиот свет, кои и другите земји би можеле да го следат, сметајќи на помош и на поддршка од САД. Накратко, американската администрација заклучила дека е потребно Тито да се одржи на површина и да се спречи Југославија да подлегне на притисоците на СССР, притоа не инсистирајќи да го промени политичкото уредување.

И на амбасадорот Кенон во Белград му било потребно извесно време да ја убеди американската администрација да му помогне на довчерашниот непријател

[44] Маровић, М., 1983: *Три изазова Стаљинизму.*

и сè уште тврдокорен комунист. Иако другите западни амбасадори во Белград верувале дека Тито мора да направи отстапки во замена за помош, Кенан во тоа не верувал. Југословените во тој момент биле во премногу специфична положба за радикално да ја променат својата политика, а слабеењето на политичката контрола само отворало простор Сталин да ја поткопа Титовата власт.

Кенан предупредил дека дури и договор околу Трст или околу Грција би ги ослабел Титовите позиции. Се сметало дека Тито треба да остане тврдокорен, но просперитетен комунист бидејќи пропагандата на Информбирото зборувала дека Југославија ќе се претвори во разнишана и буржоаска земја. Џорџ Кенан предлага администрацијата да ја либерализира американската извозна политика спрема Југославија, дури и ако отстапките наТито бидат мали.

Вашингтон прво испраќа храна, потоа индустриска храна, потоа индустриска опрема, која не смеела да се извезува во другите комунистички земји. Тито почнува да попушта, а цената на неговото попуштање први ќе ја платат грчките партизани и борци на ДАГ, кои дотогаш во најголем дел биле зависни од југословенската помош. Како награда добива најнов модел на американска леарница за челик. Нешто подоцна и Светска банка започнува да му одобрува милионски кредити на Белград. Пари почнуваат да доаѓаат и од банката Ексим и од ММФ. Охрабрен од ставовите на Тито, амбасадорот Кенан го убедува југословенското раководство дека помошта ќе продолжи да пристигнува ако Југославија го одржи конструктивниот став кон политиката на САД.

Кога Тито во 1949-тата ќе побара Западот да ја поддржи кандидатурата на Југославија за Советот за безбедност на ОН и со тоа да ја зајакне својата меѓународна позиција пред советскиот притисок, Американците тоа подготвено го прифатиле и Југославија првпат била избрана во ова тело[45].

Според словенечкиот професор Антон Беблер, стратешката вредност на поддршката на Западот била дури и поголема од онаа која може финансиски да се изрази, поради тоа што содржела важна психолошка и дипломатска димензија – видливи гестови што ги одвраќале потенцијалните закани (како што биле посетите на американските воени бродови на југословенските пристаништа), предупредувања со модерна воена технологија, која ѝ се испорачувала на Југословенската армија, продажба на тешко оружје и воена опрема по цени под пазарните, правовремена финансиска помош и испорака на храна за време на акутните тешкотии и нарушувања.

---

[45] Dedijer, V., 1969: *Izgubljena bitka Josifa Visarionoviča Staljina.*

Сепак, од американскиот пресврт спрема Југославија не биле воодушевени ниту американските сојузници, ниту американските политички кругови, стравувајќи дека блиските врски со една комунистичка земја би можеле да имаат негативни последици во однос на НАТО.

Џејмс Ридлбергер, американски амбасадор во Југославија за време на администрацијата на Ајзенхауер, подоцна ќе забележи дека одлуката да му се помогне на Тито во атмосфера на Студената војна била една од најсмелите одлуки на претседателот Труман.

Поддршката на Југославија имала специфични последици за односите со Италија, која била во територијален спор со Југославија и се обидувала да спречи зближување на Вашингтон и Белград. Времето наскоро покажува дека САД немале само идеолошки туку и воено-стратешки интерес да го стават Тито на своја страна. И додека политиката на економска поддршка од САД ја направила Југославија политички отворена и економски успешна земја, воената помош ќе ја направи нејзината армија четврта сила во Европа.

Од сето ова дури се наметнува и прашањето дали Титова Југославија била членка на НАТО. Одговорот на ова прашање, според познавачите, е многу потежок отколку што тоа на прв поглед изгледа. Лично, тогашниот сенатор Двајт Ајзенхауер во 1952 г. предложува Југославија, заедно со Турција, Грција, Португалија и со Шпанија, да биде примена во Северноатлантскиот пакт. Од воено гледиште тоа и било логично, бидејќи НАТО во тоа време го создава своето јужно крило, а токму овие четири земји би ја затвориле алката што недостасува и трајно би им оневозможиле пристап на Советите до Средоземното Море.

Британците и Французите, меѓутоа, биле против бидејќи ниедна од овие земји во тоа време не била пример за демократија, а НАТО, сепак, би требало да биде сојуз на демократски земји. Идејата не му се допаднала ниту на Тито, кој сметал дека преголемо доближување кон Западот со време би го чинел власт. Од друга страна, ни советската воена закана кон Југославија дотогаш не изгледала сосема уверливо.

Од друга страна, Сталин во тоа време имал полни раце работа во Кореја каде што Кум Сунг и Мао го вовлекле во војна со Америка и каде што тврдокорниот кинески генерал Пенг Дехвај одлучил со своите милиони доброволци да го научи на лекција уште потврдоглавиот Даглас Мекартур.

Затоа, Тито и Труман се одлучуваат на малку покомплицирано, но политички правилно решение. Бидејќи американскиот Конгрес, врз основа на препораките на Кенан од декември 1950-тата година, го усвојува Законот за итна помош во Југославија, Тито месец дена подоцна и официјално побарал воена помош од

Западот. Во Југославија 1951-та г. дошол сенаторот Џон Кенеди додека началникот на Генералштабот на ЈНА Коча Поповиќ тајно го посетил Пентагон, а резултатот бил повторно воена помош (МАП), договор кој е потпишан во октомври 1951-та година во Белград. Југославија е вклучена во американскиот Закон за заемна помош, според кој, САД, Британија и Франција почнале да ѝ праќаат оружје на Југославија и до 1957-та г., кога Југославија го раскинала овој договор, испорачана е 93% од планираната помош во вкупна вредност од 15 милијарди долари (во денешна противвредност барем 100-тина милијарди долари). Југославија добила буквално сè што Американците тогаш произведувале, освен атомски бомби, а поголемиот дел од американските тенкови бил распореден во Постојна поради стравот на Американците дека Советската армија би можела низ т.н. љубљанска врата да продре во северна Италија. ЈНА станува четврта армија на континентот, ЈАТ ја зголемува флотата за 100%, а југословенската воена индустрија станала најпрофитабилна извозна гранка[46].

Судирот на Сталин и Тито во 1948-та г., сепак, не предизвикал моментални промени во стратешките планови на Западот, кој и натаму поаѓал од претпоставката дека во случај на трета светска војна, Трст, дел од Австрија и Грција не би можеле да се одбранат и дека Италија би била изгубена три месеци по советскиот напад. Дури во јуни 1949-тата Американците и Британците ја вклучиле Југославија во своите планови, верувајќи дека загубата на Југославија и Грција речиси сигурно би оневозможила ефикасна одбрана на Западна Европа. Со Тито на своја страна верувале дека можат да ги бранат и Австрија, Грција и Турција бидејќи Југославија прифатила да ја чува љубљанската врата и приодот кон Трст, Горица Вилах и кон Клагенфурт со три армиски корпуси и со поддршка на НАТО од воздух и од море. Пролетта 1952-та г. американската Врховна команда сакала да прераспореди американски војници од Трст во подрачјето на Љубљана, а формален воен договор не бил потпишан бидејќи Тито бил во територијален спор со Италија за Трст.

Иако Тито не сакал да влезе во НАТО, Грција и Турција биле примени во 1952-та година и со тоа била отворена нова можност за воено поврзување на Југославија со Западот. Тито ја искористил можноста и изразил интерес за грчкиот предлог за трипартитен одбранбен сојуз на Југославија, Грција и Турција. По британска иницијатива, трите земји во февруари 1953-тата година склопиле договор за пријателство, кој предвидувал координација на воените команди. Турција активно заговарала прием на Југославија во НАТО, а Тито се интересирал за европска одбранбена заедница и планови за создавање на таква европска заедница. Единствено Италија поради Трст била против. На крајот трите земји на Блед потпишале договор за сојуз, за политичка соработка и за заемна помош со

[46] Petranović, B., 1980: *Istorija Jugoslavije 1918-1978.*

важност од дваесет години. Ако балканската федерација не му успеала, балканскиот пакт му успеал – Југославија со посредство на Грција и на Турција била вклучена во американските одбранбени планови и Тито конечно можел да се смири. Во меѓувреме во Кореја бил потпишан мир, а и Сталин умрел[47].

Неговата смрт и борбата за неговото наследство ја менуваат воено-политичката положба на Југославија и го намалуваат нејзиниот интерес за приближување кон Западот. Кога советскиот амбасадор во Белград ВасилијВаљков му го предал писмото на Сталиновиот наследник, Никита Хрушчов, со предлог за нормализација на односите, дури тогаш, веројатно, во Тито се разбудил комунистот и веднаш ја сменил насоката на југословенската дипломатија. Тито дури почнал и да го користи балканскиот пакт со цел нормализација на односите со новото советско раководство. Меѓутоа, уште некое време морал да кокетира со Американците бидејќи договорот за Трст или т.н. меморандум за разбирање бил склопен дури во август наредната година и тоа по кризата во која Тито со тенкови сакал да влезе во Трст поради брзоплетиот обид на Де Гаспер да го искористи неговото отворање кон Москва[48].

### 3.7. Заклучни констатации

Историските факти, гледани од временска дистанција поголема од речиси 60 години, велат дека пишувањата во врска со Информбирото и на „Нова Македонија“ и на „Њујорк тајмс“ во голем дел не соодветствуваат со реалноста. Кај двата весника може да се забележи тенденциозно искривување на реалните состојби со единствена цел – задојување на широките народни маси со исправноста на политиката на актуелните владејачки гарнитури во Вашингтон и во Белград. Карактеристично за овој случај, каде што очигледно цензурата е најизразена, е тоа што се одвива само три години по завршувањето на Втората светска војна. Значи, станува збор за период во кој сè уште вирее оној повоен патриотски занес на општо родољубие, како во Југославија така и во САД. Тоа само по себе значи дека медиумите и нивните уредници и да сакале, па и да можеле, не смееле да пишуваат против сопствените држави, бидејќи тоа би било погубно за нивната читаност, која, веројатно, би ја осуетило веќе востановеното сфаќање на широките народни маси.

Кај „Нова Македонија“ примерите на пристрасно прикажување на работите се речиси експлицитни. Од најголем пропагатор не само на советската политика туку и на нејзината култура, образование спорт и слично, буквално преку ноќ

[47] Dedijer, V., 1969: *Izgubljena bitka Josifa Visarionoviča Staljina.*

[48] “Gorbachev Faults Stalin on Rift With Tito”, *New York Times*, 17.3.1988

весникот станува најогорчен противник на оваа прва и најголема социјалистичка република. Од друга страна, од нигде никаде во редовните рубрики се појавуваат вести во позитивна конотација за Соединетите Американски Држави речиси на истото место каде што претходно се пласирале оние за Советскиот Сојуз.

Што се однесува на конкретниот случај со Резолуцијата на Информбирото, состојбата околу известувањето е уште поалармантна. Јасно видливо е дека се прикриваат и, со современ речник кажано, се спинуваат факти, како на пример дека најголем дел од точките содржани во таа резолуција се вистинити; факти дека речиси цела деценија на е одржан партиски конгрес на КПЈ; факти дека Тито од година во година узурпира сè поголем дел од колачот на власта, која, според статутот на сите комунистички партии, мора подемократски да ја дели и со остатокот од членството; факти дека тајно се соработува со Западот, кои само неколку месеци подоцна ќе излезат на виделина и ќе се покажат како точни. Понатаму ќе видиме дека овој наш, во тој момент единствен весник, што се однесува на надворешната политика, целосно бил ставен во служба на режимот.

Пред да почнеме со критичката анализа на пишувањата на „Њујорк тајмс" од тој период, треба со болдирани букви да нагласиме дека степенот на демократизација на американското општество по Војната, иако бил на повисоко ниво од од она во Југославија, бил далеку од идеален и далеку од она ниво на кое сме навикнати да го гледаме новинарското известување во САД во последниве неколку децении. Значи, земјата во тој период е излезена од војна, во која власта е максимално централизирана во ликот и делото на претседателот Рузвелт. Иако во овој конкретен момент Рузвелт е мртов веќе три години, неговото авторитарно или, поблаго кажано, авторитативно наследство продолжува да доминира во американската политика. Не случајно станува збор за единствениот преседан во 200-годишната историја на САД претседателот да биде избран дури на четири последователни избори, иако законски е дозволено само на два.

Како и да е, весникот во овој период, барем во делот на надворешната политика, е огнен поддржувач на американските интереси, колку и да се превртливи и без вистински континуитет. Па така, истиот весник за кој во 1946-тата г. кратенката Тито значеше Трета интернационална терористичка организација и кој, повикувајќи се на големиот број митинзи против него, го прогласуваше за еден од најомразените луѓе во САД, веднаш по Резолуцијата на Информбирото почнува видно да ја ублажува реториката кон него. Во 1949-тата веќе почнува *де факто* да го прогласува за јунак, кој храбро застанал пред Сталин и кој претставува олицетворение на сите оние што во иднина ќе се одважат да почнат да го кршат дотогаш монолитното царство на Кремљ.

Дека ваквите брзи промени во пишувањето на „Њујорк тајмс“ не се случајни, најдобро зборува историското значење на моментот – момент во кој Черчил како неоспорен авторитет во целиот западен свет се погласно говори за подигањето на железната завеса; момент во кој Сталин им забранува на земјите од народната демократија да учествуваат во Маршаловиот план и да примаат американска помош; момент во кој СССР ја лансира првата атомска бомба и момент во кој стравот од ширењето на комунизмот меѓу Американците е најголем. Поради сето ова дури може да се каже дека „Њујорк тајмс“ не прави класична пропаганда, туку само го констатира мислењето на најголем дел од информираната американска елита – дека судирот Тито-Сталин е сламка за спас од растечкиот комунизам, која дефинитивно треба да се искористи.

Од сето погоре кажано, несомнено може да се констатира дека историчарот кога истражува и кога пишува за Информбирото, во никој случај не треба да се поведува од коментарите и од ставовите на медиумите, па дури и на најпознатите и најавторитетните од тој период, како што се „Њујорк тајмс“ и „Нова Македонија“. Доколку веќе сака објективен впечаток на мислењата и на реалните состојби во тој период, прво мора перфектно добро да ја познава историјата од тој период и врз основа на тоа да извлече заклучоци, зашто „Нова Македонија“ или „Њујорк тајмс“ во конкретниот момент конкретниот настан го претставуваат на конкретен начин.

## ГЛАВА ЧЕТВРТА: СУЕЦКАТА КРИЗА НИЗ СТРАНИЦИТЕ НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“ И „ЊУЈОРК ТАЈМС“

### 4.1. „Нова Македонија“ и „Њујорк Тајмс“ на иста линија во поглед на суетската криза

Ставот на Југославија, поточно, отворената поддршка на Белград за планот на Насер да го национализира Суецкиот Канал е познат. Поради тоа и написите на „Нова Македонија“ во најголем дел се во таа насока. Па така, уште во првиот текст што се појавува на оваа тематика во весникот во критичниот октомври 1956-та година со наслов „Здружението на корисници на Суецкиот Канал нема цврст темел“ се вели: „Претставникот на индонезиското Министерство за надворешни работи денеска изјави дека формирањето на ’Здружение на корисници на Суецкиот Канал’ без учество на Египет не го претставува вистинскиот пат за решение на суецкиот проблем. Тој рече дека постоењето на тоа здружение не може да го измени фактот дека Египет има целосна контрола врз Суецкиот Канал. Ако Египет не им дозволи на бродовите на земјите членки во Здружението да го

користат суецкиот пат, тогаш тоа, според зборовите на индонезискиот претставник, ќе стане ’Здружение на некорисници’“.



Нова
МАКЕДОНИЈА
ОРГАН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ СОЈУЗ НА РАБОТНИОТ НАРОД НА МАКЕДОНИЈА

СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ УТРЕ ЌЕ РА[redacted] СУЕЦ

Прием во Амбасадата на ФНРЈ во Париз

Постојат поволни услови за реално решение

САД [redacted] „СРЕДЕН ПАТ“ ВО СУЕЦКАТА КРИЗА

ДНЕВНИ НОВИНИ

Париз не е напол[redacted]задоволен од спогодбата со Бон

СССР НЕ [redacted] НА [redacted]

Далес му [redacted] лоша у[redacted]

на англо-[redacted]то единство

Изјава на Далес

Во продолжение на истиот напис, „Нова Македонија“ известува и дека „САД го избегнуваат прашањето за меѓународна контрола“, наслов од кој се гледа

приближувањето на позициите на САД и на Југославија за ова прашање на сметака на Велика Британија и на Франција.

Утринските француски весници „Фигаро“ и „Орор“ пишуваат дека САД се двоумат да поведат дискусија во Советот за безбедност за меѓународна контрола на Суецкиот Канал. Двата весника пишуваат дека Франција и Велика Британија се наоѓаат под американски притисок да ја усвојат Резолуцијата што САД планираат да ја поднесат во Советтот за безбедност, без посебно да се споменува прашањето за меѓународната контрола. Весниците предвидуваат дека ова би можело да доведе до реакција во британската Конзервативна партија, што би го приморало премиерот да заземе уште поцврст став во спорот со Египет. „Фигаро“ верува дека ќе дојде до сериозни разидувања меѓу САД и Велика Британија кога трите западни сили ќе дискутираат за ставот што би требало заеднички да го заземат. „Орор“ пишува дека Американците се надеваат дека ќе постигнат компромис со претседателот Насер и дека можеби поради тоа засега не сакаат да го стават во центарот на вниманието прашањето за меѓународното управување.


Нова Македонија

Советот за безбедност денес ќе го започне разгледувањето на суецкиот проблем

Во ООН преовладува оптимистичко расположение

Претседателот Тито во посета на комбинатот „Масандра“

Последна почест на рехабилитираните унгарски раководители

Делегацијата на Сојузниот извршен совет ќе замине за Полска

Веќе наредниот ден, на 4-ти октомври 1956-та г., „Нова Македонија“ почнува да го следи суецкото прашање на насловната страница и тоа со три одделни написи, кои ја зафаќаат речиси целата насловна страница.

Како прво, „Нова Македонија“ пишува дека „постојат поволни услови за реално решение“, наслов кој не соодветствува со реалните состојби во тој период. Таму се вели. „Советот за безбедност на Обединетите нации задутре ја започнува дискуцијата за Суец и тоа, како што се верува овде, со сѐ подобри услови разгледувањето на овој проблем да се насочи кон реално решение. Вакво мислење изразија и министрите за надворешни работи, меѓу кои и Коча Поповиќ, кој пристигна во Њујорк за да присуствува на седниците на Советот. Според последните информации, на седниците на Советот за безбедност ќе присуствуваат седуммина министри за надворешни работи. .... Вчерашната изјава на Далес, со која тој првпат јавно призна дека меѓу САД и западните сили постојат некои основни разлики во поглед на проблемот за Суец, беше протолкува во седиштето на Обединетите нации и како еден вид предупредување до Британија и до Франција да избегнуваат секакво заострување на проблемот доколку сакаат да имаат поддршка од САД. Гледано на таков начин, Далесовата изјава има добар оглас во седиштето на Обединетите нации“.[49]

Понатаму, на истата страница во следниот напис од тој број со наслов „САД бараат среден пат во суецката криза“ се дава целосна поддршка на позицијата на САД во поглед на суецкото прашање.

„Макар што ова разидување стана очигледно уште во почетокот на кризата, не се очекуваше дека министерот за надворешни работи пред дискусијата во Советот за безбедност ќе биде јасен до толкава мера и дека ќе го засили нерасположението на официјалните кругови и на голем дел од јавното мислење на Британија и на Франција спрема американската политика во поглед на Суец ... Далес ја изнесе констатацијата дека САД ќе играат во извесна смисла независна и специјална улога во колонијалните прашања. Еден дел од набљудувачите го толкуваат ваквиот став со проблемите на изборната кампања, во која главна парола претставува тврдењето за тоа дека е постигнат мир во светот до време на Ајзенхауеровата влада“.

Дополнително во истиот напис се наведува и дека „стариот колонијален систем се наоѓа пред речиси наполно распаѓање, поради што постои можност младите држави дефинитивно да се извлечат од секакво влијание на западниот свет. Логично е она што го велат тие кругови дека САД како најсилна и најголема земја на овој свет и негова последна резерва мораат да пројават поголемо разбирање за овие земји, макар што, како што се тврди, не сакаат да попуштат бидејќи со тоа ќе се засилат позициите на противничкиот табор. Долгорочна посредничка улога во избегнувањето револуционерни решенија САД ќе спроведуваат според Далесовото објаснување, на таков начин што нема целосно

[49] „Нова Македонија“, 4-ти октомври 1956-та г., стр. 2

да се согласат со колонијалните сили, ниту, пак, со националните движења што се залагаат за постигнување национална независност во што пократок рок“.


Нова
МАКЕДОНИЈА
СМРТ НА ФАШИЗМОТ — СЛОБОДА НА НАРОДОТ
ОРГАН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ СОЈУЗ НА РАБОТНИОТ НАРОД НА МАКЕДОНИЈА

Претседателот Тито се врати во Белград

Исправање од Симферопол

Суецкиот проблем пред Советот за безбедност

Индија има компромисен план за Суец

Напори за изнаоѓање мирно решение

Дневни новини

Египет готов за разговори на рамна нога

Конференција за печат во ДСНР

Економската соработка меѓу Југославија и САД е од заемна корист

— рече претседателот на Секретаријатот

Коча Поповиќ разговараше со Далес

Проширување надлежноста на народните одбори во Полска

Делегацијата на КП на Италија допатува во Југославија

Делегацијата на Партијата на унгарските трудбеници ќе допатува во Југославија на 15 октомври

Ајзенхауер за продолжување експериментите со хидрогенско оружје

Третиот напис од истиот ден и истата страница на оваа тематика со наслов „Далес му прави лоша услуга на англиско-американското единство“ е всушност коментар на коментарот на лондонски „Тајмс“, каде што се гледа и втората страна на приказната.

„Лондонски Тајмс денес остро го критикува американскиот министер за надворешни работи Џон Фостер Далес поради неговите последни изјави и коментари за некои аспекти на суецкиот спор. Весникот пишува дека овие коментари можат да доведат до погрешни заклучоци и дека некои од неговите

зборови длабоко и горчливо ќе ги почувствуваат американските пријатели од другата страна на Атлантикот“.

Дополнително, на истата страница, се пренесуваат уште три помали вести поврзани со ова прашање, кои ги изразуваат ставовите на Израел, Египет и на Советскиот Сојуз.

Во петочното издание на „Нова Македонија“ од 5-ти октомври 1956-та г. се пренесува силната изјава на египетскиот претседател Насер во која се нагласува дека „помина времето кога големите сили употребуваа застрашување во суецката криза“.[50] Во написот понатаму се вели: „Насер се понадева дека се урнати надежите на ’Здружението на корисниците’, зашто низ Каналот сега минуваат 42 брода дневно место 12 колку што се сметаше во Здружението“. „Нема никакви аномалии во пловидбата низ Каналот, па според тоа нема основа за постоење на Здружението“, нагласи Насер. Во натамошното излагање Насер го изрази својот став дека ООН не можат да донесуваат решение против независноста на која било земја, па нагласи дека Египет ќе го почитува секое решение на Обединетите нации што не ја засегнува египетската независност“.


Нова
МАКЕДОНИЈА
ОРГАН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ СОЈУЗ НА РАБОТНИОТ НАРОД НА МАКЕДОНИЈА

ФАВЗИ И ШЕПИЛОВ ГО ОТФРЛИЈА ЗАПАДНИОТ ПРЕДЛОГ ЗА СУЕЦ

ДНЕВНИ НОВОСТИ

ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА ИТАЛИЈА ДОПАТУВА ВО СКОПЈЕ

Предложени се конкретни мерки за натамошната станбена изградба

Некогаш веќе нема да се повторат ужасните позорја со Рајковиот процес

50 „Нова Македонија“, 5-ти октомври 1956 г., стр. 4

„Нова Македонија" истиот ден пренесува дека Париз има омекнат став и дека, според француската Влада, постои можност за постигнување на чесен компромис. „Пред отворањето на суецката дебата во Советот за безбедност, париските политички кругови изразуваат увереност во можноста да се постигне 'чесен компромис', кој станал неопходен по последователните неуспешни обиди на британската и на француската Влада да постигна солидарност меѓу западните сили".

Во наредниот број од 6-ти октомври „Нова Македонија" објавува повторно три наслови во врска со оваа проблематика. Првиот е дека Индија најавува компромисен план за Суец, вториот – дека сите дипломати во Њујорк прават напори за мирно решение, а третиот, кој е напишан со најголеми букви и е поставен централно вели дека Египет е готов за разговори на рамна нога. Во него дополнително се брани позицијата на Египет во врска со целото прашање: „Египетските кругови изразуваат увереност дека постои можност за мирно решение, а истовремено укажуваат на тоа дека и на Запад сè повеќе превладуа тенденцијата за преговори. Тие го толкуваат ова како со јасното становиште на Египет така и со големата активност на другите земји корисници на Каналот, но и со притисокот на светската јавност врз Франција и врз Велика Британија. Како важен елемент се укажува на сè поголемиот јаз меѓу САД, Велика Британија и Франција во поглед на средствата што треба да се употребат".[51]

На 8 октомври „Нова Македонија" се огласува и со коментар на оваа тема, каде што јасно се гледаат ставовите на весникот, кои се идентични со југословенската надворешна политика. Коментарот е со наслов „Максимални барања" и е потпишан од извесен автор со иницијали Р.Б., а во него, меѓу другото, стои: „Засега се изнесени само англиско-француските максимални барања. Во дипломатијата такво приоѓање на проблемите е разбирливо, но позначајно е нешто друго. Во конкретниов случај најинтересно е прашањето колку се Британците и Французите подготвени да се воздржат од сопствените максимални барања и дали воопшто постои таква подготвеност. Ако треба да се суди според зборовите на Лојд, кој бара да се воспостави праведна и чесна база за преговори, тогаш би можело да се каже дека методот на преговори е конечно целосно прифатен. Ако, пак, доследно се оди по тој пат, тогаш преговарачите се принудени да покажат добра доза еластичност и во интерпретирањето на сопствените ставови. И конкретно, ако овие претпоставки, во овој случај, имаат поздрав корен, тогаш и максималните барања на Британците и на Французите, изложени во споменатата резолуција, би требало да претрпат и суштински модификации".

[51] „Нова Македонија", 6-ти октомври 1956 г., стр. 4

На 9-ти октомври 1956-тата г. „Нова Македонија“ објавува вест за неуспехот на преговорите за суецката криза во Советот за безбедност со наслов: „Фавзи и Шепилов го отфрлија западниот предлог за Суец“, со поднаслов како дообјаснување: „И египетскиот и советскиот претставник предложија да се формира посебно тело за водење преговори“.

Во текстот уште се дообјаснува дека: „Махмуд Фазви уште во почетокот на своето излагање ја отфрли француско-британската резолуција за Суецкиот Канал. Фавзи предложи да се формира едно тело што треба да води преговори за решение на суецкиот проблем по мирен пат. .... Зборувајќи за национализацијата на Суецкиот Канал, министерот Фавзи изјави дека со тој акт египетската Влада не може да го загрози меѓународниот мир и безбедност како што тоа го тврдат владите на Велика Британија и на Франција[52].

На 10-ти октомври 1956-та г. „Нова Македонија“ на насловната страница ги пренесува ставовите на југословенското и на советското раководство во врска со суецкото прашање. Таму се гледа отворената југословенско-советска поддршка на политиката на Насер наспроти англиско-француските интереси во регионот на Средоземјето[53]. „Постојат сите услови за постигнување спогодбено решение“, изјави државниот секретар Коча Поповиќ на генералната дебата за Суец во Советот за безбедност“ и „СССР ќе се спротивстави на секаква резолуција што би била во спротивност со суверенитетот и со легитимните интереси на Египет“, изјави советскиот министер за надворешни работи Шепилов“. Ова се двата главни наслови од ова издание на „Нова Македонија“, кое ѝ е речиси целосно посветено на суецката криза.

„Суецкиот проблем пред Советот за безбедност: постигната е согласност за шест точки по кои ќе се водат натамошните разговори“. Ова е насловот со кој „Нова Македонија“ го отвора неделното издание на 14-ти октомври 1956-та г. Во овој напис, кој зрачи со зголемена доза оптимизам, сепак, нема доволно навивачки елементи по вкусовите на тогашната уредувачка политка, па затоа под него има уште еден што влече повеќе на египетската страна. Имено, станува збор за Конгресот на конзервативците во Британија, на кој лидерот Антони Идн излегува со крајно песимистички ставови во поглед на суецкото прашање.

„Денес претседателот на британската Влада Сер Антони Идн ја предупреди Конзервативната партија да не се впушта во претеран оптимизам во поглед на решавањето на суецкото прашање. Во завршниот говор на годишната Конференција на конзервативците во Ладнаноу... Идн не се откажува јавно од прибегнување кон сила околу Суец... Целта на Велика Британија секогаш била

[52] „Нова Македонија“, 9-ти октомври 1956-та г., стр. 3
[53] „Нова Македонија“, 4-ти октомври 1956-та г., стр. 4

мир, но не мир по секаква цена, зашто кога имате работа со диктатор, мирот по секаква цена претставува постепено зголемување на опасноста од општа војна“.[54]

Во истиот број на „Нова Македонија“ има и колумна со наслов „Наш став“, со која уште пожестоко се дообјаснуваат проегипетските позиции на уредувачката политика на весникот. „До целосна согласност, сепак, не дојде. Имено, тројцата министри за надворешни работи не успеале заеднички да го одредат начинот за спроведување на веќе усвоените принципи. Поточно, западните сили и натаму инсистираат да се обезбеди слободна пловидба низ Каналот со прифаќање на предлогот на 18-те земји од Првата лондонска конференција, според кои треба да се воспостави меѓународен систем на управување со тој воден пат. Се разбира, тоа Египет повторно го отфрли придржувајќи се до својот став дека управувањето на Каналот што се наоѓа на негова суверена територија нема никому да го отстапи“.

Како дополнување на антифранцуско-британската колонијална политика, „Нова Македонија“ објавува и текст на истата страница со наслов: „Мала војна за влијание врз Мароко – движењата на француските трупи предизвикаа нови немири во Мароко“. „Во информираните кругови се истакнува дека двете раководни француски групи водат мала војна околу влијанието во Мароко. Спорот е имено за конфликтот меѓу француските крупни сопственици обединети околу париската банкарска куќа „Банк де Франс е пеји ба“ и за индустриските кругови обединети околу Синдикатот на работодавците „Генерални кадрови“, заинтересирани за нови инвестиции во Мароко. Додека групата крупни сопственици, потпирајќи се првенствено на француските воени претставници во Мароко, се против секаков натамошен чекор кон осамостојување на Мароко, круговите на француските индустријалци, напротив, настојуваат да го заврзат процесот „врската за меѓузависност“ меѓу двете земји, со цел да ги прошират своите пазари и на оваа област“.

Рубриката „Свет“ во изданието од 17-ти октомври 1956 г. се отвора со известување за „Неизвесност и конфузијата на заседанието на францускиот парламент“. „Општата парламентарна дебата за домашната и за надворешената политика на француската Влада е отворена денес во Бурбонската палата во услови на значителна неизвесност и конфузија. Првите остри критики што се слушаат денес во Парламентот не беа упатени кон Владата, туку на прво место кон француските сојузници, особено кон американската Влада“, се вели во написот.[55]

[54] „Нова Македонија“, 14-ти октомври 1956-та г., стр. 2
[55] „Нова Македонија“, 17-ти октомври 1956-та г., стр. 3

Сета оваа атмосфера се префрла и врз другите текстови од оваа страница, како на пример врз оној со наслов „Каиро: изјавите на Идн се спротивни на препораките на Советот за безбедност". „Франција и Велика Британија ги продолжуваат воените и економските мерки што започнаа по национализацијата на бившата компанија на Суецкиот Канал. Таквите изјави и мерки не само што не го одделуваат суецкото прашање од политиката, како што тоа се бара со Резолуцијата на Советот за безбедност, туку се од таква природа што уште повеќе го фрлаат во политичкиот вител".

Дополнително во дневната рубрика „Свет" се известува и дека „британскиот печат ја критикува политиката на Лондон кон Средниот Исток".

„Нова Македонија" и наредниот ден продолжува со ваквиот начин на пренесување на работите, па во рубриката „Наш коментар" известува за целосно влошените односи меѓу главните сојузници во суецкото прашање – Велика Британија и Франција". „Се покажа, имено, дека во односите меѓу Велика Британија и Франција не е сè во ред и дека гласовите за сериозни несогласувања меѓу Лондон и Париз не биле само празни приказни. Проблемите што се третирани на сегашните разговори во Париз и времето што е избрано за нив тоа најдобро го потврдуваат".

Сето ова трае до 31 октомври 1956-та г. кога „Нова Македонија" ваѓа во печат драматична насловна страница на која се известува дека „израелските трупи навлегоа во Египет и дека се одвива општа мобилизација во арапските земји".

Веднаш, како втор поднаслов, се известува и дека акцијата на израелската Влада и Војска го загрозува светскиот мир, а во истата вест се цитира и официјалниот став на југословенскиот министер за надворешни работи Коча Поповиќ. „Југословенската Влада смета дека оваа акција на израелската Влада и Војска е спротивна на член 2 од Повелбата на Обединетите нации и дека ги има сите карактеристики на агресија што го загрозува светскиот мир. Советот за безбедност е должен да преземе соодветни мерки против таквата постапка. Југословенската Влада ќе ја застапува оваа квалификација на израелската постапка пред Советот за безбедност и ќе предложи односно ќе поддржи итно преземање ефективни мерки со цел да се повлечат израелските сили на израелската територија".[56]

Истиот став на Југославија и пред Советот за безбедност го искажува југословенскиот претставник Јоже Брилеј, кој тврди дека првиот чекор мора да

[56] „Нова Македонија", 31 октомври 1956-та г., стр. 1

биде запирање на огнот и неодложно повлекување на израелските сили – вест која, исто така, е пренесена на пренатрупаната насловна страница.

Понатаму се појавуваат и низа контроверзни информации како таа дека израелското напредување е запрено, паралелно со веста дека Израел за само еден ден напреднал повеќе од 150 километри преку Синајскиот Полуостров кон Суецкиот Канал.

И навидум најбенигната вест која е пласирана на насловната страница: „Ултимативни барања од Велика Британија и Франција до Египет и Израел: се бара привремено стационирање на англиско-француските сили во Порт Саид, Исмалија и во Суец. Тука „Нова Македонија“ добро проценува дека сето ова е само изговор за влегување на англофранцуските трупи во Египет.

„Под изговор дека непријателствата во Египет би можеле да ја загрозат слободата на пловидба низ Суецкиот Канал, Велика Британија во заедница со Франција побара од египетската Влада да се согласи за привремен престој на англофранцуските трупи во суецката зона“.

Меѓу првите вести што ги објавуваат американските весници во врска со суецкото прашање на критичниот втори октомври 1956-та година е онаа за југословенската позиција и ставот на Кочо Поповиќ за компромис. Ова прашање се форсира на цела страница во најтиражниот и најпознат весник во САД од едноставно причина што ставот на Југославија тотално соодветствува со моменталната американска надворешна политика.

„Југословенскиот министер за надворешни работи Кочо Поповиќ изјави дека постои можност за компромис за суецкото прашање. Тој додаде дека реалистичните бази за решение може да се одржат само со добра волја и со голем труд“.[57]

---

[57] „Њујорк тајмс“, 2 октомври 1956-та г., стр. 5



# BRITAIN AND FRANCE CRITICAL OF U. S. SUEZ ROLE

*Correspondents of The New York Times here report on the attitude in London and Paris toward current U. S. policy on Suez.*

## Allies' Position in Mideast Is Said To Be Weakened by Dulles' Policy

### DULLES IS BLAMED

By DREW MIDDLETON

Special to The New York Times.

LLANDUDNO, Wales, Oct. 13—A British Cabinet Minister remarked here this week that from the standpoint of world affairs the most important result of the Suez crisis might be the sharp and prolonged deterioration in relations between the United States and Britain.

This is not an exaggerated assessment of the effect upon British governmental opinion of weeks of close diplomatic contact with France in an effort to United Nations and to join in the users' association.

"But we found that Mr. Dulles did not really intend to put any teeth in the association, although at times he was firm on this point," the source said. "Had we known that, we would have disregarded his request and gone to the Security Council much earlier."

An added worry is that the British Cabinet foresees a long period of unrest and trouble throughout the Middle East and that consequently close co-operation between Britain and the United States there is es- thought that American inability or refusal to understand British feeling on the Suez crisis and the "Now-you-see-it, now-you-don't" diplomacy of the State Department are a poor reward for past loyalty and a bad omen for future cooperation.

Американските новинари потсетуваат дека „Југославија конзистентно го поддржува Египет во целата контроверзија.

Истовремено „Њујорк тајмс" ја пренесува и информацијата дека Насер веќе добил потврда дека Египет ќе може да смета на поддршката на Советскиот Сојуз и на евентуално вето, ако е тоа потребно, на претстојната дебата околу Суец.

На 8 октомври 1956-та г. њујоршкиот весник мошне транспарентно ги објавува ставовите на официјално Каиро и лично на претседателот Насер дека доколку Обединетите нации одлучат во корист на Франција и на Англија, тогаш ова тело ќе го загуби сиот кредибилитет врз кој почива и поради кој постои[58].

„Претседателот Гамал Абдел Насер денеска изјави дека Обединетите нации се соочуваат со колапс како и нивниот претходник, ако Советот за безбедност го поддржи британско-француското становиште во поглед на Каналот. Во изјавата тој додаде дека Обединетите нации ќе можат да ја повратат довербата само ако го поддржат становиштето на Египет во неговата борба за независност од колонијалните сили од минатото.

Според зборовите на Насер што ги пренесува „Њујорк тајмс", зборот „интернационализација" е измислен од империјалистичките земји како замена за „колективниот колонијализам".

„Њујорк тајмс" на 8 октомври 1956-та г. дури известува и за ставовите на официјална Москва и за нивното целосно противење на англиско-француските идеи за начинот на решавање на суецката криза.

[58] „Њујорк тајмс", 9-ти октомври 1956-та г., стр. 3

## YUGOSLAV FAVORS SUEZ COMPROMISE

**Says on Arrival for Debate in U. N. 'Goodwill' Can Solve Dispute on Canal**

By THOMAS J. HAMILTON

Special to The New York Times.

UNITED NATIONS, N. Y., Oct. 1—Koca Popovic, Yugoslav Foreign Minister, said today that "there is a possibility of a compromise" on the Suez question. He added that a "realistic basis for solution" could be attained "with goodwill and great effort."

M. Popovic, the first of the seven foreign ministers expected for the opening of the Security Council debate Friday, said on his arrival at New York International Airport, Idlewild, Queens, that Yugoslavia would



other Arab members of the United Nations would ask for the same privilege if it was granted to Israel. The Council may compromise by inviting Israel to make an opening statement on her own interest in the Suez Canal. As it is now being discussed, the invitation would not give Israel the right to participate in subsequent discussions.

In accordance with the Council's practice of rotating the presidency, Bernard Cornut-Gentille, French delegate became president for October today. Accordingly, he or M. Pineau is scheduled to preside over the Suez debate. However, Egypt's supporters may call on France to turn the presidency over to another delegate.

**Nasser Sees Soviet Envoy**

CAIRO, Oct. 1 (UP)—President Gamal Abdel Nasser sought assurances tonight that Egypt could count on the support of the Soviet veto in the coming United Nations debate on the Suez, informed sources reported here.

President Nasser conferred with Yevgeni D. Kiselev, Soviet

„Советските медиуми објавуваат дека Министерот за надворешни работи Димитри Шепилов би можел силно да се спротивстави во Обединетите нации на британско-францискиот план за интернационална контрола врз Суецкиот Канал. Советскиот сојуз е посветен за одбрана на египетските права во суецката криза. Државната агенција „ТАСС“ тврди дека француските и британските ставови се целосно некомпатибилни со египетските национални интереси и воопшто не треба да се земаат предвид“.

Понатаму, њујоршкиот весник пренесува и дека се напаѓа и ставот на американскиот министер за надворешени работи Дулс и неговата повеќе од куртоазна поддршка за француско-британскиот план. „Ова е доказ дека САД вршеле само пропаганда дека ќе заземат објективна и независна позиција во однос на суецкото прашање и наместо тоа повторно се враќаат кај своите западноевропски сојузници“.

Во изданието од 14-ти октомври 1956-та г. „Њујорк тајмс“ објавува поопширна анализа околу тоа како Франција и Англија сè посилно го напаѓаат американскиот министер за надворешени работи Дулс и неговата попустлива позиција кон египетската политика за национализација на Суецкиот Канал. Насловот на оваа анализа гласи: „Британија и Франција се критични кон улогата

на САД во суецката криза“, а во поднасловот веднаш се објаснува дека „европските сојузници обвинуваат дека надворешната политика на Дулс ја слабее позицијата на сојузниците“.[59] Според британската Влада, најголемата штета од целата суецка криза би можело да биде разнишувањето на односите меѓу САД и Велика Британија“.

Понатаму весникот тврди дека најголем добитник од целата оваа ситуација е Советскиот Сојуз, а сето тоа е илустрирано со карикатура на мечка која ги собира плодовите што паѓаат од небо како последица на внатрешните судири во западниот блок. „Лидерите на јавното мислење во Британија генерално сметаат дека американската неможност да ја разбере британската позиција и потребата од поддршка се смешна награда за огромната лојалност која Лондон му ја нуди на Вашингтон сиве овие години наназад“.


ARAB STATES BACK EGYPT OVER SUEZ

9 League Members Express Unity—Krishna Menon Due to See Nasser Today

By OSGOOD CARUTHERS
Special to The New York Times.

CAIRO, Oct. 18—The nine-nation Arab League reaffirmed today its unanimous support of Egypt in the Suez Canal crisis.

Очигледно, американската позиција во однос на ова прашање воопшто не е едноставна, а тоа го покажува написот на „Њујорк тајмс“ од 14-ти октомври 1956-та г., каде што делумно се брани американската неодлучност да застане зад своите традиционални сојузници од Западна Европа. „Ефектот од контроверзијата поврзана со Суецкиот Канал врз односите на САД со нивните традиционални

[59] „Њујорк тајмс“, 14-ти октомври 1956-та г., стр. 2

европски сојузници и на западните релации со Азија, а особено со арапскиот свет, се катастрофални“.

Понатаму, во уште пожестока одбрана на актуелната политичка администрација во Вашингтон се додава: „Администрацијата заклучи дека под овие околности праксата на нивните претходници за фаворизирање на Израел беше неодговорна и на тој начин целосно се дистанцираше од многу потребното партнерство со арапскиот свет, истите Арапи што ги контролираат најголемите резерви на нафта неопходни за опстанокот и за развојот на американската економија“. Сепак, и овој текст повторно е илустриран со тројца луѓе што се борат со раце илустрирајќи ги тројцата американски сојузници, наместо единството во советскиот блок.

Според написот од 18-ти октомври 1956-та г., „Њујорк тајмс“ предвидува дека не е можно едноставно решение за суецкото прашање во догледно време. „Прашањето околу Суецкиот Канал никогаш не можело да има едноставно решение, особено откако полковник Насер направи избрзан и илегален потег. Дури и употребата на сила од Британија и од Франција, која сè уште не е исклучена, може да предизвика огромни компликации. За мирно решение повторно ќе е потребно многу време и трпение, што значи дека колку побрзо започнат преговорите толку подобро. Позицијата на САД е речиси иста како она на Британија и на Франција – дека интернационална воена операција во Суец е само последно можно решение. Се смета дека ако трите земји останат со изедначени ставови, многу побрзо ќе се постигне излез од кризата“.[60]



NASSER SAYS SUEZ HOLDS U. N.'S FATE

Asserts World Body Will Die if It Decides Against Egypt on Control of the Canal

By OSGOOD CARUTHERS
Special to The New York Times.

CAIRO, Oct. 7—President Gamal Abdel Nasser was quoted today as having said the United Nations faced collapse "like its predecessors" if the Security

---

[60] Њујорк Тајмс. 18 октомври 1956 стр 1

Утредента на 19-ти октомври 1956-тата г. „Њујорк тајмс“ објавува вест што нималку не е поволна за западните сојузници. Таму официјално се потврдува дека „деветте арапски нации го поддржуваат Египет околу суецката криза“. Во текстот понатаму се вели: „Ова изразување арапска поддршка помалку или повеќе ги реинтегрира претходните решенија што се појавија. Додека главната политичка битка околу западните позиции продолжува да се бие во Лондон и во Париз, Египет веројатно чека некаква искра што ќе ги сврти преговорите во нивна корист“.

Според „Њујорк тајмс“, уште попроблематично е што арапската лига ги оценила актуелните непријателства на израелско-јорданската граница како дел од израелската стратегија за слабеење на позицијата на Египет, додека оваа земја е пеокупурана со кризата околу Каналот.

## 4.2. Специфичноста на Суецката криза

Уште еден пример на конфликт од големи размери каде што влијанието на двете суперсили е пресудно за неговиот исходот. Овде имаме драстично поразлична ситуација отколку во Корејската војна. Наместо одлучно вмешување и интервенција на Американците, во суетската криза може да се најде само нивно големо тактизирање. Ова ќе е пресудно за сојузниците на САД да ја загубат оваа значајна војна и со тоа да го осуетат за навек своето влијание во Средоземјето. Постојат некои теории на заговор дека Ајзенхауер намерно не се вмешал за да им ја покаже на Французите и на Британците нивната вистинска сила и нивното вистинско место. Ако силното обострано ангажирање на големите суперсили во Корејската војна резултираше со нерешен исход, во суецката криза директното невмешување на САД е пресудно за срамот што ќе го доживеат нивните сојузници. По оваа криза сѐ е јасно за Студената војна – ниедна битка не може да се добие ако зад неа цврсто не застанат Вашингтон или Москва.

## ПАТОТ ДО КРИЗАТА

На средината на педесеттите години од минатиот век, Британија е одлучна да се ослободи од Насер и очекува поддршка од САД. Како и да е, Ајзенхауер силно се спротивставува на британско-француската воена акција. Американскиот најблизок сојузник во регионот, Саудиска Арабија, е исто така против хашемитско-багдатски пакт. Неуспехот на багдатскиот пакт води кон намалување на британската доминација во регионот. Велика Британија претпочита да го сруши

Насер, а Америка, како и да е, исплашена од состојбите во Чехословачка, смета дека е попаметно да го остави уште малку на власт.[61]

Настаните што водат до кризата почнуваат уште пролетта и летото 1950-та г. На 15-ти мај Насер официјално ја признава Народна Република Кина, потег кој ги лути Американците и секретарот Дулс како главен поддржувач на Тајван. Ајзенхауер веднаш ги повлекува средствата од заедничкиот проект за браната Асван[62].

Насер смело одговара со национализација на Суецкиот Канал. На 26-ти јули во говорот во Александрија Насер му дава директен одговор на Дулс. За време на говорот, тој намерно го споменува името на Фердинанд де Лесепс, градителот на Каналот, кодиран збор за египетските сили да ја преземат контролата врз Каналот и да ја имплементираат неговата национализација.

Во меѓувреме, Насер објавува дека Законот за национализација е ставен во сила, дека сите имоти на компаниите сопственици на Суецкиот Канал се замрзнати, а дека акционерите ќе бидат исплатени според цените на денот на затворање на Париската берза. Истиот ден Египет го затвора Каналот за израелските бродови[63].

Според прославениот историчар Абдал Азим Рамадан, настаните што водат до национализација на Суецкиот Канал, како и други настани за време на владеењето на Насер, покажуваат дека тогашниот актуелен египетски претседател е далеку од рационален одговорен лидер.

Рамадан вели дека одлуката на Насер да го национализира Суецкиот Канал без политичка консултација со големите сили е пример за погрешна одлука.

Национализацијата ги изненадува Британците и Комонвелтот. Иако за ова немало дискусија во Лондон на Конференцијата на премиерите од Комонвелтот, на почетокот на јули било јасно дека египетската акција и се заканува на британската економија и на воените интереси во регионот. Премиерот Еден е под силен домашен притисок од конзервативците, кои директно ги споредуваат овие настани со оние од Минхенскиот договор од 1938-та г. Бидејќи американската Влада очигледно не ги сфаќа сериозно британските протести, Владата во Лондон се одлучува за еднострана воена интервенција против Египет, со цел да избегне комплетен колапс на британскиот престиж во регионот.

---

[62] "An affair to remember", *The Economist*, 2006-06-27

[63] Owen, R., "Suez Crisis", *The Oxford Companion to the Politics of the World*, Second edition.

Францускиот премиер Гуј Молет е особено фрустриран од потегот на Насер и е одлучен дека тој не смее да помине неказнето. Францусkата јавност застанува зад мислењето на Молет и, освен комунистите, сите критичари на неговата влада сметаат дека социјалист како него нема храброст да оди во војна со Насер. За време на интервју со новинарот Хенри Лус, Молет држи во рацете копија од книгата на Насер под наслов „Филозофија на револуцијата“ и вели: „Ова е мојата борба со Насер. Ако сме премногу глупави да не го прочитаме и да не го разбереме тоа и да го извлечеме очигледниот заклучок, тогаш е многу лошо за нас“.

На 29-ти јули 1956-тата г. францускиот кабинет се одлучува за воена акција против Египет и сојузништво со Израел, а пак адмиралот Номи од Францускиот поморски генералштаб е испратен во Британија да ги информира лидерите на таа земја за тоа што одлучила Франција и да ги покани да се придружат ако се заинтересирани. Во исто време, Молет е особено навреден од држењето на администрацијата на Ајзенхауер спрема национализацијата на Суецкиот Канал. Ова е особено проблематично поради понудата на советскиот министер за надворешни работи Вјачеслав Молотов, кој им нуди на Французите договор според кој Москва треба да ја поддржи француската опозиција во Алжир, а Париз да го напушти НАТО и да стане неутрална страна во Студената војна[64].

Оваа понуда е интересна поради сè поголемото насилство во Алжир, кој инаку не се смета за колонија туку за составен дел на Франција. Но и покрај сите пречки, Молет, кој е доминантно прозападно ориентиран, се согласува да му остане верен на НАТО. Според погледите на Молет, неговата лојалност НАТО треба да ја награди со поддршка против Египет, а кога поддршката не доаѓа, тој станува одлучен дека ако Американците не сакаат да направат ништо против Насер, тогаш Франција мора да го направи тоа.

## ПРОТОКОЛОТ ОД СЕВЕР

Три месеци по египетската национализација на Суецкиот Канал се одржува таен состанок во Севр, во близина на Париз. Британија и Франција ја осигуруваат израелската поддршка за сојуз против Египет. Трите страни се согласуваат дека Израел ќе изврши инвазија на Синај, а Британија и Франција тогаш ќе можат да интервенираат и со причина да ги раздвојат израелските и египетските сили,

---

64 Kyle, K., 2011: *Suez*, London: I.B. Tauris , p. 145.

инструирајќи ги двете страни да се повлечат на растојание од 16 км од двете страни на Каналот.[65]

Британците и Французите тогаш би можеле да спорат дека египетската контрола на толку важна трговска рута е претенденциозна и дека Египет треба повторно да се стави под англиско-француски менаџмент. Давид бен Гирион не им верува на Британците поради нивниот договор со Јордан и првично не го поддржува планот, бидејќи ќе го направи Израел да изгледа како агресор. Како и да е, тој наскоро се согласува дека таква добра можност да се нападне Египет можеби и нема да се појави повторно.

На 8 септември 1956-тата г. тајните сојузници ја одобруваат операцијата Ревис. Двајцата воени команданти Стоквел и Беауфре му се спротивставуваат на Ревис како на план без јасна цел, но премиерите Еден и Молет ги надгласуваат со аргументите дека ваквата акција ќе обезбеди поголема политичка флексибилност и помалку египетски цивилни жртви.

Во исто време, Израел работи на операцијата Кадеш за инвазија на Синај. Планот на Моша Дајан е да се изврши масовен воздушно-копнен напад. Тој бара израелските сили прво да добијат воздушна супериорност што ќе е проследена со континуирана битка на Синај. Според овој план, израелските сили во серија од неколку операции би ги заобиколиле и би ги зазеле главните египетски упоришта на Синај.

Во октомври 1956-та г., Еден, по два месеца притисок, на крај се согласува со француското барање Израел да се вклучи во операцијата Ревисе. Британскиот сојуз со Хашемитското Кралство во Јордан и во Ирак ги прави Британците многу нервозни да се борат заедно покрај Израелците. Сепак, доаѓањето на зимата го приморува Еден да започне со операцијата што побрзо, што значи дека Израел мора да биде вклучен. До крајот на 1956-тата г. многу конзервативни пратеници почнуваат да покажуваат незадоволство поради неспособноста на Еден да ја започне воената акција и тој продолжува да ја одлага акцијата за зимата 1956/57, иако е можно неговата влада да не преживее дотогаш[66].

Според протоколот од Север, договорено е дека на 29-ти октомври Израел треба да изврши инвазија на Синај, на 30-ти октомври да се достави англиско-француски ултиматум со кој ќе се бара од двете страни да се повлечат од зоната

[65] Varble, D., 2003: p. 26.
[66] Varble, D., 2003: p. 25

на Каналот, а на 31 октовмри Британците и Французите да започнат со операцијата Ревисе[67].

На 28 октомври израелскиот авион „Глостер метеор НФ 13“ пресретнува и уништува египетски „Илјушин 14“, кој носи високо рангирани членови на египетскиот Генералштаб од Сирија до Египет. Со овој чин подготвена е сцената за напад.

Операцијата Кадеш го добива своето име според антички Кадеш, лоциран во северен Синај, кој се споменува неколку пати во Еврејскиот пантеон. Израелското воено планирање за оваа операција се базира на четири главни воени објективи: Шарм ел Шеик, Ариш, Абу Увајулах и појасот Газа. Египетската блокада на Тиранската Рамнина е базирана на заземање на Шарм ел Шеик преку кој Израел би имал пристап до Црвеното Море првпат по 1954-тата г., што би му дозволило повторно да ги започне трговските бенефиции кон Индискиот Океан[68].

Појасот Газа е избран како втор воен објектив бидејќи Израел сака да ги разбие тренинг-центрите на групата на Федејен и бидејќи Израел знае дека Египет би можел да ја користи територијата како база за напади врз напредните израелски трупи. Израел бара брзо напредување со што потенцијалниот египетски контранапад би се осуетил.

## Директната англиско-француска инвазија

За да се поддржи инвазијата, Британците и Французите доставуваат големи воздушни сили на Кипар и на Малта, како и многу носачи на авиони „Браун“. Утрото на 30-ти октомври Британците и Французите праќаат ултиматум до Египет и до Израел. Тие ја иницираат операцијата „Мускетар“ со почетното бомбардирање на 31 октомври[69].

Насер одговара со потопување на 40 бродови што во моментот се присутни во Каналот, затворајќи го за сообраќај сè до почетокот на 1957-та г. И покрај ризикот од инвазија во зоната на Каналот, Фелд Маршал Абдел Хаким Амер им наредува на египетските трупи на Синај да останат во зоната преку Каналот, убедувајќи го Насер дека можат да ги победат заедно и Израелците и Англичаните и Французите на Синај.

---

[68] Varble, D., 2003, p. 28.

[69] Brown, N., 2013: *Global Instability and Strategic Crisis,* Routledge, p. 40. I

Амер, исто така, го советува Насер да испрати повеќе трупи на Синај за да го испорача ветениот пораз на Израел, иако и самиот е свесен дека постои огромна можност да биде отсечен. Сè до 31 октомври, Насер се двоуми, но на крај им наредува на силите да се вратат во зоната на Каналот како очекување на англиско-француската инвазија. Еден и Молет ја наредуваат првата фаза од операцијата „Ревајс“, која треба да почне 13 часа по англиско-францускиот ултиматум.

Британските бомбардери од базите на Кипар и на Малта полетуваат за Каиро со цел да го уништат Аеродромот, но во последен момент лично премиерот Еден ги отповикува, по информацијата дека американски цивили се евакуирани токму на каирскиот Аеродром. Плашејќи се од последиците што можат да избијат доколку американски цивили бидат убиени, Еден се одлучува за делумен напад на воената база Алмаза во близина на Каиро. Британското ноќно бомбардирање се покажува неефектно.

Британски жртви на почетокот на примирјето се 16 мртви и 96 ранети лица, додека Французите имаат 10 мртви и 33 ранети. Изралците имаат 231 мртов човек и 899 повредени. Бројот на Египќани убиени таму, иако официјално не е потврден, се проценува на околу 5 000 цивилни и воени жртви[70].

## Крај на судирите и примирје

Протести против војната се случуваат уште од почетокот на самата инвазија. Телевизиите и медиумите во Англија се преполни со жестоки дебати. Еден е обвинуван поради грешката што не нападнал уште во јули 1956-тата г. кога моментот на национализацијата е најизразен, а гневот најголем. Изгледа како народот да ја заборавил причината за војната. Пред почетокот на инвазијата не се потврдуваат и тврдењата на Еден дека национализацијата ќе се одрази врз работењето на Каналот, што е целосно демантирано од работите на теренот. Дополнително, опсесијата на Еден со тајноста и неговата желба да ги затскрие подготовките за војната воопшто не ја подготвуваат јавноста за војна. Многу од резервистите што се повикани во Армијата се збунети и буквално не знаат каде и зошто одат. Додека на телевизија го слушаат сопствениот премиер како се залага за мир, тие се подготвуваат за војна[71].

---

[70] Smith, P. C., 2007: *Midway: Dauntless Victory: Fresh Perspectives on America's Seminal Naval Victory of World War II*, Pen & Sword, p. 277

[71] Cole, R., 1993: *A.J.P Taylor the Traitor Within the Gates*, London: Macmillan, p. 149

Британската Влада се соочува со политичка и со економска слобода. Сер Антони Еден, британски премиер, прогласува примирје на 6-ти ноември, предупредувајќи ги и Французите и Израелците да го почитуваат[72].

Трупите што сè уште се во Порт Саид се во фаза на маневри кога доаѓа пораката од Лондон. Градот е прегазен и проценките се дека Каналот би бил заземен во рок од 24 часа.

Ајзенхауер првично се согласува да се сретне со Еден и со Молет за да ги средат своите разлики, но на крај, сепак, се откажува од предложената средба откако државниот секретар Дулс го советува дека со тоа би ризикувал дополнително комплицирање на ситуацијата на Блискиот Исток.

Ајзенхауер не е за итно повлекување на Британците, Французите и на Израелците, додека американскиот амбасадор во Обединетите нации Хенри Кабот го бара токму тоа. Претходникот на Еден, Сер Винстон Черчил, на 22 ноември го коментира следново: „Јас не можам да сфатам зошто нашите трупи се запрени. Да одиш толку далеку и да не продолжиш да одиш, е лудило."

Черчил понатаму додава дека иако можеби тој не би се осмелил да ја започне воената операција, сигурно не би се обидел да ја запре, ако веќе ја започне, пред да ги постигне нејзините цели.

Според договорот, англиско-француските сили би требало да го завршат повлекување на 22 декември 1956-тата г. и да бидат заменети со дански и со колумбиски единици на ОН.

Израелците одбиваат да примат какви било сили на ОН на териториите контролирани од нив и го напуштаат Синај во март 1957-та г. Пред повлекувањето, израелските сили систематски ја уништуваат инфраструктурата на Синајскиот Полуостров – патиштата, железничките и телефонските линии и куќите во сите села на Абу Агеила и на Ел Кусеиме. Пред да биде уништена железницата, Израелците ја заробуваат сета египетска железничка опрема и ја носат во Израел.

Силите на ОН ги формираат земји што не се дел од големите алијанси како НАТО и Варшавскиот пакт. До 24-ти април 1957 г. Каналот е целосно отворен за бродови.

---

[72] "The Suez Crisis of 1956", *Historylearningsite.co.uk*, 30 March 2007

## Советскиот притисок во заднината клучен за исходот на кризата

САД и Обединетите нации ги потврдуваат египетскиот суверенитет и сопственоста врз Каналот. Во замена за тоа, Еден останува на ставот дека интервенцијата спречила многу поголема војна на Блискиот Исток. Израел очекувал инвазија од Египет или во март или во април 1957 г., како и советска инвазија на Сирија. Кризата, исто така, го зајакнува процесот на деколонизација, така што многу од британските и од француските колонии добиваат независност во следните неколку години. Некои сметаат дека забрзаниот крај на кризата води до забрзна деколонизација на Африка, што ги зголемува шансите за граѓанска војна и за воено диктаторство во новоформираните независни држави[73].

Битката околу Каналот, исто така, се смета за причина за шестдневната војна во 1967-та г. како последица на недорасчистените прашања меѓу Египет и Израел. Неуспехот на англиско-француската мисија се гледа и како неуспех на САД бидејќи западните сојузници се заслабнати и бидејќи воениот одговор на крај не постигнал ништо. Исто така, поради кризата во Египет, Советскиот Сојуз ги избегнува реперкусиите околу интервенцијата во Унгарија и е во можност да се прикаже пред Обединетите нации како бранител на малите сили против империјализмот.

Како директен резултат на кризата, со цел да се избегне натамошната советска експанзија, на 5-ти јануари 1957-та г. Ајзенхауер бара од Конгресот, како прво, да му одобри употреба на воени сили во случај некоја нација од Блискиот Исток да побара и, како второ, да добие 200 милиони долари за поддршка на земјите од Блискиот Исток. Конгресот ги одобрува двете мерки и овие потези подоцна стануваат познати како Доктрината на Ајзенхауер.

Советскиот Сојуз, пак, добива големи бенефиции од кризата во поглед на нивното влијание врз Блискиот Исток.

Многу познатата закана на Никита Хрушчов, изразена преку писма напишани од Николај Булганин, дека на 5-ти ноември ќе се започне со ракетни напади врз Британија, Франција и врз Израел ако тие не се повлечат од Египет, се верува дека го предизвикала примирјето. Според тоа, престижот на Советскиот Сојуз, кој е подготвен на нуклеарна војна со Западот само за да го заштити Египет, расте. Сепак, Насер приватно признава дека го спасил американскиот економски притисок и јавно му се заблагодарува на американскиот народ како пријател и спасител.

[73] Gaddis Lewis, J., 1998: p. 236–237

Од друга страна, Хрушчов пишува: „Нашето користење на интернационалното влијание за да се притиснат Англија, Франција и Израел да се повлечат од Египет е пресвртна точка... Претходно тие мислеа дека ние блефираме кога кажавме дека имаме моќни ракети. Но кога сфатија дека навистина ги имаме тие ракети, постигнавме ефект“.[74]

Хрушчов на суетската криза гледа како на голем триумф на советската нуклеарна програма и секаде потенцира дека неговата закана со нуклеарно оружје го спасува Египет. Тој во своите мемоари тврди: „Владите на Англија и Франција перфектно добро знаеја дека говорот на Ајзенхауер со кој се осудува нивната агресија беше само обичен гест. Но кога ние го испорачавме нашето искрено предупредување, тие знаеја дека ние не си играме како Ајзенхауер заради јавноста. Тие тоа го сфатија сериозно“.

Оттогаш па натаму нуклеарното уценување станува многу ефектна играчка за реализирање на советската надворешна политика. Така започнува долг период на кризи, како што е берлинската криза во 1958-та г., која кулминира со кубанската ракетна криза во 1962-та г.

Доктрината на Ајзенхауер Насер ја доживува како тежок обид на Американците да доминираат со Блискиот Исток и да го наведат да се зближи со Советскиот Сојуз како ефектна контрасила. Потребно е тивко напуштање на доктрината на Ајзенхауер за во 1958-та г. Египет да почне да се оддалечува од Советскиот Сојуз и да ја продолжи својата улога како опортунист, кој ги користи двете сили во сопствена корист.

### 4.3. Заклучни констатации

За разлика од претходниот анализиран случај, кој се одвива некои осум години порано, за суецката криза, во поглед на новинарското известување, може да се забележи блага либерализација во поглед на слободата на пишуваниот збор.

Тоа е повеќе изразено кај „Њујорк тајмс“, кој во предиграта на кризата ѝ се спротивставува на политиката на американскиот претседател Двајт Ајзенхауер за немешање, односно за ненудење поддршка на европските сојузници Франција и Британија, кои се директно инволвирани во самата криза. Ако се знае дека „Њујорк тајмс“ традиционално важи за весник на Демократската партија, чиј

---

[74] Gaddis Lewis, J., 1998: p. 173

припадник не е претседателот Ајзенхауер, донекаде може да се претпоставаат фактите што водат кон ваквата нивна уредувачка политика. Сепак, на крајот, како што се задлабочува кризата, весникот објективно ги изложува и позициите на американската Влада, која има длабоки причини зошто се однесува на ваков начин кон поранешните колонии.

Имено, оставајќи ги Лондон и Париз да изгорат од желба за враќање на старата слава и влијание на своите држави, САД, всушност, се наметнуваат себеси како нов фактор во геополитичките односи на третиот свет. Ако се прочитаат повеќето написи на „Њујорк тајмс" поврзани со оваа политика, може да се констатира дека весникот и тоа како ја препознава оваа затскриена игра на администрацијата во Белата куќа, но, сепак, сугерира дека САД треба и малку потактички да се однесуваат кон своите европски сојузници.

„Нова Македонија" отворено ја поддржува позицијата на претседателот Насер во поглед на Суецкиот Канал, но, од друга страна, го затскрива вистинскиот став на властите во Белград за ова прашање. Во официјалната историја Југославија важи како еден од најголемите поддржувачи на Насер, а многумина Тито го сметаат и за творец на идејата за национализација на Суецкиот Канал, но во текстовите на „Нова Македонија" од овој период тоа не може да се пронајде. И покрај тоа што САД во овој момент неофицијално се на иста страна со Југославија во поглед на суецкото прашање, повторно на страниците на весникот може да се забележи антиамериканска и просоветска политика. Ова, секако, е поврзано со фактот дека Сталин е веќе две години мртов, а Хрушчов во меѓувреме го посетува Белград за да ги нормализира односите меѓу двата традиционални сојузници. Под притисок на ваквата ситуација, „Нова Македонија" ја става на пиедестал поддршката на СССР спрема Египет и Насер, а ја минимизира улогата на САД, која, историски гледано, доколку не останеше неутрална, можеше да направи и тоа каква разлика во поглед на исходот од целата оваа криза.

Како генерален заклучок за оваа глава може да се каже дека двата весника се многу пообјективни во известувањето во поглед на претходно анализираната криза со Информбирото, но и дека сè уште доминира пропагандниот карактер и на едната и на другата редакција. Дефинитивно, овие написи може да се користат за да се состави една јасна историска слика за овие настани, но повторно само со консултација на страниците на официјалната фактографска и пречистена историја поврзана со ова прашање.

## ГЛАВА ПЕТ: КУБАНСКАТА РАКЕТНА КРИЗА НИЗ ИСТОРИСКА ПРИЗМА ВО СПОРЕДБА СО СТРАНИЦИТЕ НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“ И „ЊУЈОРК ТАЈМС“

### 5.1.„Нова Македонија“ со прокубанско и просоветско расположение

Уште на 2 октомври 1962-та г. „Нова Македонија“ на насловната страница пренесува соопштение од Владата во Хавана со наслов: „Куба ќе ја брани својата земја куќа по куќа“. Во текстот се вели: „Кубанската Влада ги известила Соединетите Држави дека во случај на агресија против Куба ќе ја брани својата територија ’куќа по куќа, педа по педа’ служејќи се со сите потребни средства“. Ова соопштение е содржано во документот што го усвојува кубанската Влада на својата редовна седница одговарајќи на американската Резолуција за Куба.... Премиерот Кастро веќе во својот говор што го одржува во петокот навечер ги изложува главните точки што се предмет на споменатата декларација. Имено, Кастро изјавува дека Куба не претставува никаква опасност за безбедноста на која и да е земја. Тој исто така подвлекува дека Куба била подготвена да дискутира со американската Влада, но дека Вашингтон „повеќе сака да води политика на сила и агресија“.[75]



Нова
МАКЕДОНИЈА

Брежнев во Велење

Нормализирана ситуација

Куба ќе ја брани својата земја куќа по куќа

Разговори Кенеди Хјум

---

[75] „Нова Македонија“, 2 октомври 1962 г., стр. 1

Во продолжение на истата вест со негодување се пренесува и ставот на американскиот потпретседател, Линдон Џонсон, според кого целта на политиката на САД спрема Куба е да се ослободи од режимот на Кастро.

На истата страница „Нова Македонија“ објавува уште два антиамерикански написи. Првиот со наслов: „Југословенскиот брод ’Марин Држиќ’ оневозможен да преземе брашно за ОАР од американското пристаниште Хјустон“. И вториот со просоветска содржина: „Хрушчов ја потврди подготвеноста да го прифати вонблоковскиот предлог за проблемот со нуклеарните експерименти“.

Во истиот весник уште се пренесува и веста дека Хрушчов куртоазно го поканил Кенеди да го посети СССР.

„САД спрема Куба водат политика на војна“ е главниот наслов во изданието на „Нова Македонија“ од 3-ти октомври 1962-та г. „Министерот за надворешни работи на Унгарија, Јанош Петер, ја оцени американската политика спрема Куба како опасна. Петер рече дека Соединетите Американски Држави спрема Куба водат политика на војна, што може да доведе до сериозни последици за мирот во светот. Петер ги поддржа предлозите на Советскиот Сојуз за разоружување и побара прием на НР Кина во Обединетите нации“.[76]

Понатаму, има поопширни извештаи за посетата на Брежнев (член на Политбирото на КПСС) на Југославија, со низа наслови што го воспримаат југословенско-советското братство како на пример: „Трогнати сме од љубовта на вашиот народ спрема советските војници“.


Западен Иријан под контрола на ООН

Индија намерава да ја прошири стоковната размена со Југославија

САД водат спрема Куба политика на војна

Тито: САКАМЕ ДА ЖИВЕЕМЕ ВО МИР — ДА ГРАДИМЕ СОЦИЈАЛИЗАМ

Брежнев: ТРОГНАТИ СМЕ ОД ЉУБОВТА НА ВАШИОТ НАРОД СПРЕМА СОВЕТСКИТЕ ВОЈНИЦИ

ТЕЛЕГРАМИ

Тито и Брежнев на вечера кај Бакариќ

НЕПРАВДА ШТО СЕ ИСКОРЕНУВА ЕДЕН ВЕК

[76] „Нова Македонија“ 3-ти октомври 1962 г., стр. 3

За да е уредувачката политика на весникот уште појасна, објавен е и текст со наслов: „Расна дискриминација во САД: неправда што се искоренува еден век". Во овој текст меѓу другото се вели: „Патот на Џемс Меридит, американски црнец, до Универзитетот во Оксфорд, Мисисипи, е испрскан со крвта на двајца загинати новинари и 75 повредени лица, кои настрадаа во пресметката меѓу единиците на американската Федерална војска и неколку илјади заслепени расисти, кои со сила настојуваат да ја овековечат неправдата спрема човекот со обоена кожа на лицето... Ни во индустријализираните северни држави на САД Црнецот не се ослободил наполно од товарот на дискриминацијата. Црнецот во Њујорк можеби подобро живее од Црнецот на Југот, но тој, сепак, не ужива еднакви права и можности".

На 4-ти октомври „Нова Македонија" објавува дека „САД разгледуваат нови мерки против Куба" и се предвидуваат следниве чекори на САД:

1. Затворање на пристаништата на Соединетите Држави за бродовите на секоја земја што пренесува комунистичко оружје за Куба.
2. Забрана за пренос на товар за секоја поморска компанија што соработува со Куба.
3. Забрана сите бродови што се во сопственост на Соединетите Држави да пренесуваат каква било стока за Куба.

На 6-ти октомври „Нова Македонија" известува дека Британија нема да им се приклучи на САД во блокадата за поморски транспорт со Куба. „Коментирајќи го американското барање до членките на НАТО да ја ограничат трговијата со Куба, „Тајмс" пишува оти британската Влада не смета дека она што всушност во мир би било делумна блокада може законски да се оправда и не смета дека со тоа нешто корисно ќе се постигне".[77]

[77] „Нова Македонија", 6-ти октомври 1962 г., стр. 2

ИЗБОРИТЕ ВО БРАЗИЛ

# КВАДРОС ИЗБРАН за гувернер на Сао Паоло



КОНФЕСНУВАНО „ОРУЖЈЕ"

БЕН БЕЛА ЌЕ ГО ПОСЕТИ КАСТРО

СЕКУ ТУРЕ ДОПАТУВА ВО ЊУЈОРК

ОД ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ООН

# Дортикос побара осуда на американската економска блокада на Куба

ДОПИС ОД МОСКВА

ОД НАШИОТ ДОПИСНИК

# Космонаутски град

Москва, октомври

## Мате Јерковиќ во посета на Мелон

## Од Лаос се повлечени сите странски трупи освен некои одметници

## Во Брисел почнаа разговорите за прием на Британија во ЗЕП

ТЕЛЕГРАМИ

НАСТАНИТЕ ВО ЈЕМЕН

## Решителен одговор на обидите за интервенција

## За јеменската национална гарда се пријавиле 10.000 доброволци

НОВА СОВЕТСКА НУКЛЕАРНА ЕКСПЛОЗИЈА

## Мексико е против секое мешање во внатрешните работи на други земји

ВЧЕРА ВО СВЕТОТ

На истата страница се известува дека Конгресот на САД ја симнала Југославија од листата повластени земји за трговија со САД, што јасно асоцира на заладување на односите меѓу двете земји.

Во продолжение на овој блок антизападни вести се кажува и за целосно нарушените односи со Западна Германија по репарациите што Југославија ги побарала за депортираните Евреи во концентрациските логори во Втората светска војна.

Од друга страна, пак, се појавуваат и следниве наслови: „Посетата на Брежнев – придонес во меѓународната соработка“ и „СССР и Југославија се изјаснија за политика на мирољубива коегзистенција“.


НОВА МАКЕДОНИЈА

МОЖНО Е И НЕОПХОДНО ДА СЕ ИЗБЕГНЕ НОВА ВОЈНА

По американската блокада на Куба

Реални изгледи да се одбегне судирот

Југославија ја поддржува акцијата на У Тант

Новиот банкарски систем ги оправда очекувањата

ВАШИНГТОН: Кризата попушта, ситуацијата вонредно тешка

Куба не дозволува да биде испровоцирана

На 8 октомври „Нова Македонија“ објавува дека шефот на југословенската делегација во ООН разговарал со претседателот на Куба Дортикос. „... вчера се сретна со претседателот на Куба Освалдо Дортикос. Притоа беше воден разговор за проблемите заради кои претседателот на Куба Дортикос допатува на заседанието на Генералното собрание. Во овој разговор учествуваа и кубанскиот министер за надворешни работи Раул Кастро и постојаниот претставник на Југославија во ООН, Миша Павиќевиќ. На истата насловна страница од истиот ден повторно се објавува веста дека британската Влада повторно не се согласува со Американската во поглед на санкциите кон Куба.

На 9-ти октомври известувачите на „Нова Македонија“ од ООН пренесуваат изјава на кубанскиот претседател Дортикос, кој бара осуда за американската економска блокада на Куба. „Доаѓањето на Дортикос во салата сите делегати го поздравија со станување и со аплауз, од што се воздржа само делегацијата на САД, како и на некои латиноамерикански земји... Група Американци и кубански бегалци во САД што се наоѓаа во галеријата за публика повеќепати шумно демонстрираа и го прекинуваа говорот на шефот на кубанската држава“. Истовремено се пренесува и интегралната изјава на мексиканскиот претседател Матеос, кој се залага за принципот на самоопределување на земјите според сопственото убедување.


»Музиката на Прокофјев инспирира...«

ПОРАКА ОД ХРУШЧОВ ДО КЕНЕДИ

СЕТА ОДГОВОРНОСТ ЈА СНОСИ КИНА

На 10-ти октомври „Нова Македонија“ известува дека е неопходна средба меѓу Хрушчов и Кенеди како начин да се спречи она што може да следува. Очигледно постоеле информации дека кубанската криза може сериозно да ескалира.

На 12-ти октомври 1962-та г. „Нова Македонија“ пишува за проблемот со запирањето на нуклеарните експерименти, кој е мошне раширен во овој период. Па така, се појавува вест со наслов: „Стивенсон (шефот на американската делегација во ООН) побара итна акција за запирање на нуклеарните експерименти“, а од друга страна, само малку погоре, се објавува веста дека: „САД ќе извршат нова нуклеарна експлозија на големи височини.[78]



НОВА МАКЕДОНИЈА

ПОТРЕБНО Е ИСТОВРЕМЕНО ДА СЕ УКИНЕ КАРАНТИНОТ И ДА СЕ ЗАПРЕ ПРЕВОЗОТ НА ОФАНЗИВНО ОРУЖЈЕ

По пребродувањето на кризата околу Куба

Задоволство и олеснување во цел свет

ПОМОРСКАТА БЛОКАДА СЕ УШТЕ Е ВО СИЛА

ОДГОВОР ОД ГУЛАРТ НА ТИТОВАТА ПОРАКА

Нехру: НЕМА ДА ГИ ПРЕКИНЕМЕ ОДНОСИТЕ СО КИНА

Партиите не успеаја против Де Гол

Народното собрание свикано за 7 ноември

---

[78] „Нова Македонија“, 12-ти октомври 1962 г., стр. 3

Со овие две вести целосно се дискредитира позицијата на САД, кои ветуваат едно, а прават нешто сосема друго.

На 13-ти октомври „Нова Македонија“ пренесува и мала изјава на американскиот Стејт департмент, во која се тврди дека САД не се подготвени за компромис во поглед на кубанското прашање.

На истата страница се објавува и интервју со југословенскиот министер за надворешни работи Коча Поповиќ, кој за германски весник ги објаснува југословенските позиции во поглед на односите со Западна Германија и со САД.

Според неговите зборови, проблемот лежи во одредени вонвладини структури во Германија и во САД, кои се цврсто настроени антијугословенски. Поповиќ не верува дека е можно официјалната политика на двете земји да функционира според принципот „ако соработуваш со СССР, не смееш да соработуваш со САД и обратно“.

Сето ова јасно зборува дека југословенско-американските и југословенско-германските односи се сериозно нарушени и дека Југославија во шеесеттите години е сè повеќе на страната на СССР.

Ваквата состојба се дообјаснува или потврдува и на 18-ти октомври со насловот: „Југославија – цел на истовремени напади на Пекинг и на Вашингтон“, текст во кој уште се вели: „Југославија веќе неколку недели е цел на истовремени напади на Пекинг и на Вашингтон, што како добар пример покажува како догматските комунисти и фанатичните антикомунисти си помагаат едни на други“.[79]

[79] „Нова Македонија“, 18-ти октомври 1962 г., стр. 3

# НОВА МАКЕДОНИЈА

ГОДИНА XVIII БРОЈ 5768 — СКОПЈЕ, СРЕДА 31 ОКТОМВРИ 1962 ГОДИНА — ПРИМЕРОК 20 ДИН.

## Честитка од Тито до Сианук

## Блокадата привремено запрена

**У Тант отпатува за Хавана**

Генералниот секретар на ОН ...

Неангажираните земји побараа да бидат застапени во ...

## Амбасадорот Душан Поповиќ допатува во Стокхолм



## ... Куба

## Седница на Советот за култура на НРМ

## Фолклорниот институт ја продолжува работата како научна установа

*Ќе се доделуваат награди за придонес во областа на културата*

## Од Нехру побарано да го преземе и ресорот на министерот за одбрана

## Бурма ќе посредува во граничниот спор

## Земјоделската делегација од Прага во посета на Македонија



## Американско оружје во пат за Индија

## Стопански разговори меѓу ФНРЈ и ГДР

Известај од Париз — Од нашиот дописник

## Де Гол останува во Елисејската палата

Почна предизборната кампања

Авторот Христо Андоновски на 19-ти октомври објавува колумна во „Нова Македонија“ со наслов „Бојкотот на Куба“, каде што отворено ги брани кубанските позиции. Во делот на текстот со поднаслов „Недозволени методи“ тој пишува: „Најголемо реагирање кај Западот предизвика одлуката на американската Влада да се бојкотира пловидбата со Куба. За повеќето западни сојузници на САД не е сеедно дали нивните бродови ќе се враќаат без товар преку Атлантикот“. На истата страница во продолжение се објавува уште една вест со наслов: „Норвешка загрижена поради барањето на САД за бојкот на Куба“.

Загревањето на ситуацијата „Нова Македонија“ почнува да го пренесува со веста дека е најавена посета на Хрушчов на Вашингтон со цел да се спречи поголема ескалација околу Куба. Во истата вест се додава дека, сепак, од Белата куќа не се премногу оптимистични дека ваквата посета воопшто ќе се реализира и дека воопшто ќе има некаков ефект од неа.

На 20-ти октомври се појавува и веста дека Кенеди разговорал со советскиот претставник Громки и дека средбата дала простор за оптимизам. Само неколку дена подоцна ќе видиме колку била погрешна проценката на „Нова Македонија“, а можеби и на другиот дел од светската јавност во поглед на насоката во која ќе се развива ова прашање.

На 22 октомври се објавува веста дека сите очекуваат да се реализира претходно најавената посета на Хрушчов, со што би се ставил и дефинитивен крај на кризата, потег кој два дена порано го најави Громки.

На 23-ти октомври 1962-та г. „Нова Македонија“ ја префрла кубанската тема на насловната страница на весникот со веќе драматичниот наслов: „Концентрирање на сили кај Флорида и кај Карипското Море“, вест во која буквално се вели: „Во текот на викендот е одржана невообичаена конференција на највисоките функционери на Стејт департментот и на Министерството за одбрана. Имено, ненадејното решение на претседателот Кенеди да го прекине своето агитациско патување по западните делови на САД и да се врати со авион во Вашингтон ги подгреа овие гласини... Единствениот факт што може да се утврди сигурно е дека воздухопловни, поморски и други сили последниве денови се концентрирани на подрачјето на Флорида и на Карипското Море. Меѓутоа, официјалното објаснување гласи дека САД ги одржуваат само своите годишни поморски маневри во Порторико... На аеродромот во Кинест на Флорида денес е пуштена во употреба контролната купола, која, како што се истакнува, по итна наредба е градена деноноќно“.[80]

[80] „Нова Македонија“ 23-ти октомври 1962 г., стр. 1

На 23-ти октомври веќе целата насловна страница на „Нова Македонија“ е преокупирана со вести од Куба и наслови од типот: „Говорот на Кенеди по радиото и по телевизијата: непрекинат и зајакнат надзор врз КУба“; „САД воведуваат контрола врз сите бродови што пловат кон Куба; СССР е обвинет за создавање ракетни нуклеарни бази со голема разурнувачка сила на Куба“.

Во нив, меѓу другото, се пренесува и драматичниот говор на Кенеди и веста дека на советскиот амбасадор му е предаде остра нота: „Во говорот што го одржа по полноќ според југословенско време, американскиот претседател Кенеди изјави дека САД воведуваат стриктен карантин на целата офанзивна воена опрема што се превезува за Куба за да ја оневозможат, како што рече, ’офанзивата на комунистичката концетрација’“.

Кенеди рече дека „сите бродови што пловат за Куба ќе бидат вратени, без оглед на нивната народност или пристаниште од кое доаѓаат, доколку пренесуваат оружје“

Дека ситуацијата во Куба е целосно поврзана со онаа во Берлин, докажува и веста дека американските трупи во Западен Берлин започнале четиридневни маневри и дека Стивенсон бара состанок на Советот за безбедност поврзан со двете отворени прашања.

На истата страна се пренесува и една релативно нејасна вест во која се вели дека претседателот Тито примил порака од Кенеди, но во веста понатаму не се кажува ниту содржината, ниту намената, ниту значењето на самата порака.

Во 5753-от број од 24-ти октомври 1962 г. „Нова Македонија“ пренесува изјава на Тито во која изразува сериозна загриженост во врска со заостранета ситуација околу Куба.

„Мерките што се веќе преземени, како и евентуалните други еднострани акции (се мисли на САД), би можеле да го доведат во опасност светскиот мир. Излез од ваквата ситуација може да се најде единствено преку барање решенија со мирољубиви средства, а не преку потпирање врз сила“.[81]

Во целиот текст се гледа дека Тито, иако се залага за неутралност на Југославија, отворено изразува симпатии кон советската, особено и, особено, кубанската страна.

Во истиот број од 24-ти октомври уште се известува и дека е во тек масовна мобилизација на Куба и дека светската јавност во најголем дел се противи на американската блокада.

---

[81] „Нова Македонија“, број 5753, 24-ти октомври 1962 г., стр. 1

На најкритичниот ден, 25-ти октомври, на насловната страница драматично се објавува веста дека околу 25 советски трговски бродови пловат кон Куба и дека денес ќе пристигнат во блокираната зона. Дали ќе дојде до судир меѓу американските и советските бродови?

На истата страна се објавува и нов апел од Тито до лидерите на САД: „Неодложно да се сопрат преземените мерки во поглед на Куба со цел да се избегне нуклеарна војна".

Дописниците на „Нова Македонија" уште известуваат за решителноста и за подготвеноста на Москва во однос на ова прашање и ја пренесуваат изјавата на Кастро дека блокадата е повреда на меѓународното право и дека Куба нема намера да поднесува сметки за своите набавки на оружје.

На 26-ти октомври „Нова Македонија" објавува дека во Обединетите нации веќе се смета дека е надмината најкритичната фаза. „Нова Македонија" минимално или целесно нè известува дека ваквото смирување доаѓа по вртењето на советските бродови, кое се случило со попуштање на позициите на Москва, со што се штити позицијата на страната кон која во тој момент е приклонета Југославија.

И во наредните неколку денови „Нова Македонија" известува за затегнатите односи и за повремените инциденти, но најважно од сè за смирувањето на состојбите околу Куба и за гаранцијата дека САД нема да извршат инвазија врз островот.

Целата сага се завршува со веста од насловната страница на 29-ти октомври дека Хрушчов наредил да се демонтираат ракетите од Куба, а дека Кенеди ветил дека нема да го нападне островот.

### 5.2. „Њујорк Тајмс" во одбрана на сопствената држава

На 13-ти октомври 1962-та г. „Њујорк тајмс" објавува текст каде што се зборува за острата полемика меѓу претседателот Кенеди и републиканскиот сенатор Хомер. Е. Кејпхарт. Имено, барањето на Кејпхарт за инвазија на Куба претседателот Кенеди го оценува како нешто што доаѓа од „19-тиот век". „Тие самопрогласени генерали и адмирали, кои сакаат да испратат нечии туѓи деца во војна и кои постојано гласаат против мирот, треба да бидат заменети со некој кој

подобро го разбира 20-тиот век“, вели Кенеди, а неговата изјава наидува на поддршка кај „Њујорк тајмс“.[82]

# SO CUBA'S RED FIRE MAY NOT SPREAD

## What Happens in Latin America Tomorrow May Depend on What the U. S. Does Today

LATIN AMERICA—Diplomacy and Reality. By Adolf A. Berle. 144 pp. New York and Evanston: Harper & Row for the Council on Foreign Relations. $2.95.

TEN KEYS TO LATIN AMERICA. By Frank Tannenbaum. 237 pp. New York: Alfred A. Knopf. $4.95.

By TAD SZULC

THE great public debate over Cuba and the threat that may be posed there by the recent Soviet military build-up is again tending to obfuscate the overwhelmingly more important problem of the present and future of Latin America as a whole.

Whereas Cuba has been "lost"—we hope temporarily—to Communism, and the avowed policy of the Kennedy Administration is to restore her to the free hemispheric community, the crux of United States policy must be not to "lose" any other part of Latin America. And "loss" in a broad sense ought not to be taken to mean simply an outright and immediate Communist take-over in one or more countries or even extreme leftist revolutions. It also should include such menacing phenomena as shifts to full-fledged neutralism and a drift toward economic and social chaos with its unpredictable consequences.

To be sure, Cuba and her Communist reality cannot be eliminated from the whole Latin-American equation. At a time when revolutionary currents all over the hemisphere are pushing into the widening political and ideological vacuum, the aggressive and subversive influence of Cuba and her Marxist-Leninist preachings constitute formidable polarizing forces. They link up with local Communist campaigns of infiltration which, in turn, exploit for their own end Latin America's basic weaknesses: poverty, disease, illiteracy.

THE alarmist oversimplification in our current national debate on Cuba does produce the loudly expressed fears that Premier Fidel Castro and his Soviet allies are engaged in the "export" of Communism in Latin America. The frequently heard argument is that unless the Castro regime is literally shut out of existence, Communism will



lations between the United States and the hemisphere. This problem of relationships—and of their impact on Latin America's human and material peculiarities—is the theme of two new books on the hemispheric situation: Adolf A. Berle's "Latin America — Diplomacy and Reality" and Frank Tannenbaum's "Ten Keys to Latin America."

The Berle and Tannenbaum books complement each other extremely well. Mr. Berle, whose long career of outstanding public service in the Latin-American field gives him special credentials for setting forth his strong views, has produced a highly provocative and thoughtful policy book, possibly the most significant currently available study of the United States-Latin-American relationship. Mr. Tannenbaum's offering is a solid background review of contemporary Latin America, the fruit of 40 years of studying the region and writing and lecturing about it. This reviewer would recommend that the interested reader go first through the Tannenbaum book in order to understand and appreciate better Mr. Berle's policy thinking.

THOUGH Mr. Berle's book was completed before the official entry of Cuba in the cold war through the Soviet military guarantee to the Havana regime, his central thesis remains, I think, fully valid. He writes that while Cuba's importance "is plain enough," what happens there is "clearly secondary to what happens in the hemisphere as a whole."

The following passage is worth quoting because it emphasizes the Administration's basic Latin-American policy, which Mr. Berle helped to formulate in his early association with the "New Frontier." Thus: "Immediately, Cuba is dangerous because her imperial Communist captors intend and propose to prevent the other American countries from peacefully determining their own destiny. They intend, using Cuba as agent and arsenal, to impose solutions designed by and in the interest of Moscow or Peking. Blocking this

На истиот ден, 13-ти октомври, „Њујорк тајмс“ заинтересирано пишува и за расположението во Москва поврзано со актуелната криза со Берлинскиот ѕид. Весникот уште тогаш прави јасни паралели меѓу двете кризи. „...Премиерот Хрушчов уште минатата година по случувањата во Берлин веќе им кажа на своите граѓани дека шоуто е неизбежно. Кога расположението за интернационалната безбедност стана лошо, советските пропагандисти се обидоа стравот од Западот да го претворат во масовна поддршка за советската Влада“.[83]

Наредниот ден на 14-ти октомври аналитичарот на „Њујорк тајмс“ Тед Шулц, преку пообемна анализа, предупредува дека случувањата во Куба на никаков начин не се изолиран случај, дека црвениот оган од Куба многу лесно може да се рашири низ целиот американски континент и дека она што денес се случува во Хавана утре може да се случува низ цела Латинска Америка.

[82] „Њујорк тајмс“, 13-ти октомври 1962 г., стр. 1
[83] „Њујорк Тајмс“, 13-ти октомври 1962 г., стр. 1

„Големата јавна дебата околу Куба, која толку многу се форсира во јавноста, всушност, прикрива една многу поголема опасност и вистина. Што се случува со Латинска Америка како целост? ...Дека Куба и интернационалните комунисти сакаат да го извезуваат својот црвен производ во Латинска Америка и дека се обидуваат да го прават тоа веќе подолго време, е апсолутно точно. Дури и целото можно оружје да се изнесе од Куба, она што е поопасно се идеите, кои никој не може да ги запре и кои ќе продолжат да се шират низ Латинска Америка“, пишува Шулц.

# Latins' Sympathy for U.S. Rises in Castro Dispute

## Surveys Find Support for the Isolation of Cuba but Not for Armed Action— Caribbean Countries Troubled

By JUAN de ONIS

Special to The New York Times

RIO DE JANEIRO, Oct. 21— ness to recognize the need of

Веќе на 15-ти октомври картите излегуваат на виделина и „Њујорк тајмс“ го објавува предлогот на Хрушчов за паралелен мир и во Берлин и на Куба.

„Делегатите на Обединетите нации преку неформални канали се информирани дека Советскиот Сојуз е подготвен да прифати пофлексибилен курс кон Куба ако САД го намалат својот притисок врз проблемот со Западен Берлин. Според доверливи извори, оваа порака им ја предало проминентно советско официјално лице, кое присуствувало на отворањето на генералната сесија, на неколкумина некомунистички делегати“.[84]

[84] „Њујорк тајмс“, 15-ти октомври 1962 г., стр. 2

Според специјалниот известувач за „Њујорк тајмс“ од Обединетите нации, Томас Хамилтон, сè уште не се знае како ќе се разрешат целосно спротивставените гледишта околу наоружувањето на Куба. „Она што за премиерот Хрушчов е одбранбено оружје за островот, тоа за САД е закана за нејзината територија и тука веројатно ќе нема компромис“, прецизно предвидува Хамилтон.



SHIPS MUST STOP

Other Action Planned If Big Rockets Are Not Dismantled

By JAMES RESTON
Special to The New York Times

WASHINGTON, Oct. 22 — President Kennedy drew the line tonight, not with Cuba, but with the Soviet Union. After almost a generation of trying to keep the "cold war" from reaching a direct confrontation between United States and Soviet power, a decision has been made to force Soviet missile bases from this hemisphere at the risk of war.

This is the official interpretation of President Kennedy's speech tonight, and the orders to American forces bear it out. On the highest authority, it can be said that these orders include the following:

¶Ships to Cuba carrying weapons capable of striking the continental United States must either turn back or submit to

„Њујорк тајмс“ на 21 октомври, во целосно пропагандистички стил, на три страници и со наслов со задебелени букви, објавува дека „симпатијата кон САД во Латинска Америка сè повеќе расте за огромно незадоволство на Кастро и неговите антиамерикански идеи.

„Поддршката расте врз основа на верувањето дека кубанскиот режим е претворен во советска алатка во Студената војна. Токму ова провоцира многу луѓе што претходно биле толерантни и со симпатии гледале кон режимот на Кастро“.

Сепак, „Њујорк тајмс“ во истиот напис оценува дека оние земји што се, сепак, повеќе наклонети кон Кастро тоа го прават поради пропаганда кон

сопствениот народ, бидејќи не биле во можност да ја подобрат економската политика и стандардот на населението.

На истиот 21 октомври „Њујорк тајмс“ пишува и за ставот на поранешниот американски претседател Ајзенхауер, според кого надворешената политика на САД се користи како алатка за домашните политички случувања. „Оние што го напаѓаат претседателот Кенеди околу надворешната политика истовремено ја слабеаат и ја делат нацијата... Сепак, во моите осум години владеење не изгубивме ниту една педа земја во светот и не ѝ ја предадовме на тиранијата. Ние не прифаќавме компромис или отстапување од принципите. Ниеден ѕид не беше изграден, ниту една странска база не беше поставена на повеќе од илјада километри од територијата на САД“.[85]


U. S. SEES MOSCOW CAUGHT OFF GUARD

Believes Blockade of Cuba Has Interrupted Move to Force Terms on Berlin

By MAX FRANKEL
Special to The New York Times

WASHINGTON, Oct. 23 — The Administration believes its blockade of Cuba caught Moscow off guard and interrupted a well-mapped Soviet effort to force a humiliating Berlin settlement upon the West.

The initial response from the

На 22 јуни „Њујорк тајмс“ уште еднаш ја поддржува политиката на претседателот Кенеди, кој се заканува со нови посериозни акции доколку советските бродови не престанат со доставување на опасното нуклеарно оружје кон Куба.

[85] „Њујорк тајмс“, 21 октомври 1962 г., стр. 2

„Претседателот Кенеди денеска повлече линија не само кон Куба туку и кон целата политика и односи со Советскиот Сојуз. По речиси цела генерација обиди да се спречи прераснување на Студената војна во вистински судир меѓу САД и Советскиот Сојуз, се донесе смела одлука да се принудат Советите да го повлечат своето ракетно оружје од оваа хемисфера.

За оваа конкретна ситуација „Њујорк тајмс" уште додава дека е храбро тоа што претседателот Кенеди е подготвен да ризикува нова светска војна и поради тоа целата нација треба да застане зад него за да се види единството во однос на ова прашање.

# Washington

## To Deal or Not to Deal: That's the Question

By JAMES RESTON

WASHINGTON, Oct. 27—The Cuban crisis is following the normal pattern of the cold war. When one of the giants demonstrates its willingness to risk a major war to defend its vital interests, the other giant pulls back.

This is what happened in Greece

Како последица на одлуките од претходниот ден, на 23-ти октомври американската јавност се буди со вестите за целосен поморски карантин на Куба. „Њујорк тајмс" тоа го објаснува со следниве зборови: „...Од најголема важност за директната безбедност на САД е да се принуди СССР да се повлече од ризичната игра во оваа хемисфера пред да биде премногу доцна".[86]

На истиот ден аналитичарите на „Њујорк тајмс" тврдат дека Москва е фатена со низок гард од смелата постапка на Кенеди за блокада на Куба.

[86] „Њујорк тајмс", 23-ти октомври 1962 г., стр. 1

„Аналитичарите веруваат дека блокадата на Куба ја фати Москва неподготвена и прекина добро испланирана советска тактика за да се изнуди понижувачко решение за Западот во поглед на берлинската криза и на сите други отворени глобални прашања“.

Во насока на подгревање на воената ситуација, на 23-ти октомври „Њујорк тајмс“ објавува наводно предупредување до комунистите на територија на САД дека Советите подготвуваат масовен нуклеарен удар. „Комунистичката партија на САД вчера испратила предупредување до своето членство дека доаѓа нуклеарна светска војна. Сепак, тие тоа го условиле со евентуална американска агресија врз Куба, која, според нив, се подготвува во Вашингтон“. Оваа изјава „Њујорк тајмс“ му ја препишува на Гус Хол, познат како главен комунистички оратор и идеолог во САД.

До крајот на текстот се пренесуваат и негови стари изјави за мирно решавање на кубанското прашање и оставање на советското оружје таму, став кој во тој момент во САД се доживува како издајнички и како опасен за националната безбедност.

На 24-ти октомври „Њујорк тајмс“ пренесува извадоци од едиторијалите на триесет и пет американски весници, кои во најголем дел го поддржуваат ставот на претседателот Кенеди за целосна поморска блокада на Куба.

„Мора и ќе се обединиме“; „Фер предупредување“; Во името на храброста“; Подобро сега отколку подоцна“; „Промислена одлука“, се само дел од едиторијалите на овие весници, кои му даваат отворена поддршка на претседателот Кенеди. Токму овој напис на „Њујорк тајмс“ најдобро зборува за мислењето на јавноста за надворешната политика на претседателот Кенеди во овој период.

На 26-ти октомври „Њујорк тајмс“ наводно случајно објавува тајни информации од високи владини структури дека ако евентуално се постават функционални ракети на Куба , ќе се наруши нуклеарниот баланс во светот и ќе се создаде стратегиска предноста за Советскиот Сојуз, која во никој случај не треба да се дозволи, особено не на толку блиско растојание од територијата на САД – констатира „Њујорк тајмс“.[87]

Истиот ден весникот известува и за масовната кампања за информирање на гувернерите од западните американски сојузни држави околу безбедносната состојба поврзана со Куба. Според коментарите на весникот, ваквата состојба премногу наликува на она од Првата и од Втората светска војна, кога се

[87] „Њујорк тајмс“, 26-ти октомври 1962 г., стр. 1

форсирало воеността расположение, со исклучок на фактот дека сега евентуалната војна е многу поблиску и дека оружјето што би се користело е многу, многу поопасно. Во истиот текст се објаснуваат и нивните ставови, кои во најголем дел се поддржувачки кон политиката на претседателот Кенеди.

На 27 октомври „Њујорк тајмс“ индиректно тврди дека Хрушчов бил исплашен од одлучноста на Кенеди да ги нападне советските бази во Куба, што резултирало со давање дури два мировни предлози од Москва во само неколку часа.

Истиот ден во друг напис „Њујорк тајмс“ буквално вели: „Токму ова се случува кога двајца џинови се борат и едниот ќе сфати дека другиот во никој случај нема намера да се повлече, па не му преостанува ништо друго освен да побегне“. Понатаму уште се вели дека е тоа веќе видено во Грција во 1946/47 г., за време на берлинската блокада во 1948 г., при Корејската војна во 1950-та г. и во времето на Унгарската револуција во 1956-тата година.

На 27 октомври њујоршкиот весник пренесува дури и ставови на Фидел Кастро, кои дотогаш тешко можеле да се најдат. Изјавата се пренсува за да се докаже дека постои крајно незадоволство од Хавана кон политката на официјална Москва, која, според нив, морала да попушти пред Вашингтон. „Премиерот Фидел Кастро од вечерва се заканува дека ќе преземе агресивна нова линија во кубанската криза, веројатно како одговор на советскиот предлог кон САД. Кастро дури се противи и на обострано отстранување на НАТО-ракетите од Турција и на советските ракети од Куба“.[88]

На 28 октомври „Њујорк тајмс“ констатира дека и покрај поморската блокада, опасноста од воен судир сè уште не е завршена, што значи дека уште стојат отворени следниве три прашања:

1. Дали ќе има војна?
2. Што ќе направи СССР?
3. А што САД?

Сепак, аналитичарите на весникот сè уште стојат на ставот дека смелата политика на Кенеди, кога и да е, ќе даде резултати.

И, како што е ред, конечниот предлог за решавање на кубанското прашање доаѓа од трета неутрална страна. Во случајов тоа е Бразил. Па така, „Њујорк тајмс“ на 28 октомври објавува изјава од бразилскиот претседател Хоан Гоуларт, кој го дава следниов предлог: „Во замена за гаранција за ненапаѓање, Куба треба

---

[88] „Њујорк тајмс“, 27 октомври 1962 г., стр. 1

да се откаже од сето нуклеарно оружје на своја територија“. Всушност, овој навидум наивен предлог ќе биде и конечното решение на кризата, иако САД никогаш нема да даде никаква официјална потврда за ненапаѓање на Куба.



# SWITCH ON CUBA SHOCKS RUSSIANS

## Disclosure of Missile Bases Shakes Faith in News

Special to The New York Times.

MOSCOW, Oct. 28—Western observers here believe that the Cuban episode has once more posed in the minds of many Soviet citizens the question of how much they can trust their Government's news media.

Despite Premier Khrushchev's reluctance to define in his public statements the kind of weapons Moscow has placed in Cuba, enough has been said by now to make it clear to many

Веќе на 29-ти октомври е постигнат начелен договор во Обединетите нации со истите две клучни точки што ги предлага претседателот на Бразил. Па така, „Њујорк тајмс“ објавува извештај во кој јасно репортерски се презентирани условите околу договорот. Сепак, весникот тврди дека ова е еднострана капитулација на Советскиот Сојуз бидејќи се потпишуваат истите барања што ги достави претседателот Кенеди уште на почетокот на кризата. Нормално, „Њујорк тајмс“ во тие моменти нема можности да ги дознае сите тајни анекси на овој договор, кои подоцна ќе излезат на површина.[89]

Во истиот текст се остава и простор дека е можно Кастро да се обиде да му се спротивстави на мирот потпишан од Советскиот Сојуз и да дејствува на своја рака. Сепак, со оглед на состојбите на теренот, за аналитичарите тоа е помалку веројатно решение, особено по ветувањата што пристигнуваат по неофицијален пат дека Америка нема да изврши инвазија врз Куба.

[89] „Њујорк тајмс“, 29-ти октомври 1962 г., стр. 1

Како потврда за успешноста на тактиката на Кенеди и како контратекст на веќе објавениот со Кастро, на 29-ти октомври американскиот весник пренесува и изјава на министерот за надворешни работи на Турција Феридин Џеман Еркин, кој ѝ се заблагодарува на американската администрација што, сепак, одлучува да не тргува со ракетните системи што ја штитат Турција од евентуална советска инвазија. Во истиот текст се пренесува и изјавата на турскиот премиер Исмет Инени: „Ние Турците со години сме навикнати на руските закани. Па, еве, нека продолжат. Ние и натаму ќе си продолжиме по својот пат".

И, конечно, на 29-ти октомври „Њујорк тајмс" ексклузивно од Москва известува дека омекнувањето на ставовите на Москва во однос на Куба наидува на шок кај широките народни маси низ Советскиот Сојуз и во земјите на Варшавскиот пакт. „Шокот е уште поголем ако се знае дека долго време советската јавност беше залажувана дека ракетите на Куба се измислица и дека никакво оружје од таков тип не е поставено".

### 5.3. Кулминација на биполарноста преку кубанската ракетна криза

Ако се прашуваме кога Студената војна била најблиску до ескалација во вистинска војна, тоа е, секако, 1962-та г. и кубанската ракетна криза.

По случувањата во Кореја, Унгарија и во Египет, Соединетите Американски Држави се загрижени за експанзијата на комунизмот како нов тренд во земјите од Латинска Америка. Имено, овие држави отворено се спријателуваат со Советскиот Сојуз, што за САД е неприфатливо. Ваквата политика на СССР, исто така, ја руши Доктрината на Монро, според која САД не се мешаат во работата со европските колонии, а европските сили не смеат да бидат инволвирани во работите на западната хемисфера.

САД се јавно посрамени и поради неуспешната инвазија во Заливот на Свињите во април 1961-та г., која е изведена под команда на претседателот на САД Џон Ф. Кенеди, а од страна на кубанските емигранти тренирани од ЦИА. По ова поранешниот претседател Ајзенхауер го предупредува Кенеди дека неуспехот во Заливот на Свињите ќе ги поттикне Советите да направат нешто што инаку не би го направиле. И, навистина, ваквиот неуспех кај советскиот премиер Хрушчов остава впечаток дека Кенеди е неодлучен. Советските советници го опишуваат американскиот претседател како „премногу млад интелектуалец, неподготвен за одлуки во кризни ситуации". Кратко кажано – премногу интелигентен и премногу слаб.

Во продолжение мислењето на Хрушчов за слабоста на Кенеди се потврдува за време на берлинската криза во 1961-та г., каде што Кенеди дава мек одговор за изградбата на Берлинскиот ѕид. Зборувајќи со советските власти по кризата, Хрушчов вели: „Знам со сигурност дека Кенеди нема големо искуство, ниту има храброст да застане пред сериозен предизвик". Исто така, тој му кажува на својот син Сергеј дека Кенеди ќе направи и уште поголема драма од Куба, а на крај ќе се согласи.

Во јануари 1962-та г. генерал Едвард Лансдејл го опишува планот да се собори кубанската Влада во таен извештај адресиран до претседателот Кенеди и до официјалните лица инволвирани во операцијата Мунгос. Агенти на ЦИА би требало да бидат испратени во Куба за да извршат саботажа и организација на контрареволуцијата.

Во февруари 1962-та г. САД лансираат ембарго против Куба, а Лансдејл презентира таен извештај на 26 страници со временски рамки за соборувањето на кубанската Влада и со дополнителна напомена дека герилските операции би требало да започнат во август или во септември, а до половината на октомври да завршат со отворено востание и со соборување на кубанските власти.

**Операцијата Анадур – советско доставување на ракетите на Куба**

Во мај 1962-та г. советскиот премиер Никита Хрушчов сака да ја оствари идејата за спротивставување на САД во поставувањето стратегиско оружје, на таков начин што ќе се поставaт ракети со среден дострел на Куба, и покрај предупредувањата од советскиот амбасадор во Хавана Александар Иванович Алексеев дека Кастро не би го прифатил ова решение. Хрушчов, всушност, се соочува со стратегиска ситуација во која САД се во можност да го имаат првиот удар со нукларните ракети, што е огромна предност.

Во 1962-та г. Советите поседуваат само дваесет интерконтинентални ракети способни да однесат нукеларно оружје до САД од територијата на СССР. Слабата прецизност и квалитетот на овие ракети отвора голем сомнеж за нивната ефектност. Нивните усовршени наследници ќе се појават дури 1965-тата г. Поради тоа, во 1962-та г. советската стратегија се потпира на ракети со среден дострел, кои можат да ги погодат американските сојузници и речиси цела Аљаска од советска територија, но не и четириесет и осумте континентални држави на САД. Грахам Алисон, директор на Центарот за наука и меѓународни односи „Белфер" при универзитетот во Харвард нагласува дека „Советскиот Сојуз би можел да го стабилизира дебалансот преку развивање повеќе интерконтинентални ракети на своја почва. Но за да се соочи со заканите во 1962-

та, 1963-тата и во 1964-тата г. има многу малку можности, а преместување на ракетите со среден дострел на локација од која може да се нападнат САД е една од нив".

Втората причина поради која советските ракети се испратени на Куба е желбата на Хрушчов да го земе Западен Берлин во рамките на комунистичка Источна Германија. Источна Германија и Советите сметаат дека западната контрола на дел од Берлин претставува огромна опасност за Источна Германија. Од овие причини Хрушчов го прави Западен Берлин централно боиште во Студената војна.

Хрушчов верува дека ако Американците не направат ништо околу поставувањето ракети на Куба, тој би можел насила да ги истера западните сили од Берлин користејќи ги ракетите како аргумент против западните контрамерки во Берлин. Ако Американците се обидат да се спогодат откако ќе ги забележат ракетите, тогаш Хрушчов би можел да ги тргува нив за Западен Берлин. Бидејќи Берлин е стратешки поважен од Куба, Хрушчов би добил во трговијата. Претседателот Кенеди, сепак, го препознава овој маневар[90]. На крајот Хрушчов реагира на нуклеарната закана од американските ракети поставени во Турција во април 1962-та г.

На почетокот на 1962-та г. група советски воени и ракетни експерти ја посетува Хавана во рамките на една земјоделска делегација. Тие остваруваат средба со кубанскиот лидер Фидел Кастро. Кубанското раководство сериозно очекува дека САД ќе изврши инвазија врз Куба и поради тоа тие ентузијастички ја одобруваат идејата за инсталирање нуклеарни ракети на Куба. Како и да е, според други извори, Кастро се спротивставил на идејата што требала да направи тој да изгледа како советски приврзок, но дека на крај, сепак, прифатил со објаснување дека Куба ќе биде постојана иритација за САД и дека ќе им помогне на интересите на целиот социјалистички свет. Понатаму, на Куба би требало да се постави и штит од ракети со краток дострел до 40 км, кои ќе се користат против воени бродови и ќе направат нуклеарен чадор против напади на островот.

До мај Хрушчов и Кастро се согласуваат да постават стратегиски нуклеарни ракети на Куба. Како и Кастро така и Хрушчов верува дека американска инвазија на Куба е неизбежна и дека да се загуби Куба би претставувало голема штета за комунистичката кауза, особено во Латинска Америка. Тој изјавува дека сака да се конфронтира со Американците со нешто повеќе од зборови и дека логичниот одговор се ракетите. Советите, сепак, сета работа ја држат во тајност, а конечните

[90] Correll, J. T., August, 2005: "Airpower and the Cuban Missile Crisis", *AirForce-Magazine.com,* **88** (8).

планови ги одобрува Малиновски дури на 4-ти јули, а, пак, Хрушчов веќе на 7 истиот месец.

Од самиот почеток советската операција се спроведува со голем број прикривања познати како „маскировка“. Сите планови и подготовки за транспорт и за поставување на ракетите се правени во најстрога тајност, со само неколку луѓе што ја знаат крајната цел на мисијата. Дури и на трупите што се одредени за мисијата им се дадени погрешни податоци. Им се кажува дека се упатени кон поладните региони и се опремени со зимска опрема. Советското кодно име за операцијата е „анадур“. Анадур е всушност река што се влева во Беринговото Море, а исто така е и име на град и воена база во источниот советски регион. Сите овие работи се правени намерно за да се затскрие операцијата од внатрешните и од надворешните доушници.

Специјалисти за конструкција на ракети маскирани како машински оператори, иригациски и земјоделски специјалисти пристигнуваат на Куба во јули. Вкупно 43 000 странски трупи се донесени на Куба. Маршал Сергеј Бирузов, шеф на советските ракетни сили, го предводи тимот набљудувачи што ја посетува Куба. Тој го информира Хрушчов дека ракетите ќе бидат камуфлирани со палмини дрва.

Советското раководство е дополнително вознемирено кога во септември Конресот на САД ја одобрува резолуцијата 230, која ја изразува одлучноста на Конгресот да го запре создавањето надворешно поддржана воена опасност. На истиот ден САД најавува голема воена вежба на Карибите, која Куба ја оценува како намерна провокација и како планирање да се направи инвазија врз Куба.[91]

Советското раководство верува, врз база на својата перцепција за неодлучноста на Кенеди, дека младиот американски претседател ќе избегнува конфронтација и дека ќе ја прифати фактичката состојба со ракетите. На 11-ти септември Советскиот Сојуз јавно предупредува дека американски напад врз Куба или врз советските бродови што носат снабдувања на островот ќе значи војна. Советите ја продолжуваат својата програма за „маскировка“ за да ги затскријат своите акции на Куба. Тие неколкукратно негираат дека на Куба е донесено оружје што е офанзивно по природа. На 7 септември советскиот амбасадор во САД Анатоли Добринин го уверува американскиот амбасадор во Обединетите нации Адлај Стивенсон дека СССР ја снабдува Куба само со одбранбено оружје. На 11-ти септември советската новинарска агенција „ТАСС“ објавува дека СССР нема намера да преместува офанзивно нуклеарно оружје на Куба. На 13-ти октомври поранешниот државен потсекретар Честер Болс се консултира со Добрунин околу

---

[91] Blight, J. G.; Bruce, J. A.; David, A. W., 2002:. *Cuba on the Brink: Castro, The Missile Crisis and the Soviet Collapse [revised for the Fortieth Anniversary]* (2nd ed.), Lanham, Maryland: Rowman & Littlefield

советскиот план да постави офанзивни оружја на Куба. Тој негира такви планови. И повторно на 17-ти октомври советската амбасада официјално испраќа лична порака од Хрушчов до Кенеди дека под ниедни околности нема да се испратат ракети на Куба.

На почетокот на август 1962-та г. САД почнуваат да се сомневаат дека Советите градат ракетни постројки на Куба. Цел август американските разузнавачи испраќаат информации дека на Куба веќе се склопуваат ловци „миг 21“ и лесни бомбардери „иллушин 28“. Сепак, шокот настанува кога шпионските авиони У-2 носат фотографии од осум лансирни рампи за ракетите С-75 со среден дострел. Директорот на ЦИА Џон Мек Кон, сепак, се сомнева во сопствените докази. На 10-ти август тој пишува меморандум во кој конечно тврди дека постои сомнеж за инсталирање на балистички ракети на Куба[92].

Со оглед на фактот дека тој ноември во САД се закажани избори за Конгресот, кризата се испреплетува со американската дневна политика. На 31 август сенаторот Кенет Китинт од државата Њујорк, врз основа на свои лични податоци од кубанската емиграција, пред јавноста предупредува дека Советскиот Сојуз гради ракетна база на Куба. Тој ја обвинува администрацијата на Кенеди дека затскрива огромна закана за САД.

Генералот на авијацијата Куртис ле Мај пред Кенеди предложува план за тешко бомбардирање на островот, како подготовка за целосна инвазија. Во меѓувреме, Куба дипломатски се жали на американските шпионски летови и на војниците стационирани во базата во Гвантанама.

Првиот контингент од ракети Р-12 пристигнува на 8 септември, а вториот на 16-ти. Р-12 е балистичка ракета со среден дострел, способна да носи термонуклеарна боева глава. Тоа е лесно пренослива ракета, која може да се лансира од копно. Се напојува со течно гориво и може да пренесе нуклеарно оружје од еден мегатон. Советите градат вкупно девет лансирни точки – шест за ракетите Р-12 со среден дострел со ефективен радиус од 2 000 км и три за ракетите Р-14 со радиус од 4 500 км.

На 7 октомври кубанскиот претседател Освалдо Дортикос се обраќа во Генералното собрание на Обединетите нации и притоа вели: „Ако нѐ нападнат, ќе се браниме. Повторувам, ние имаме ефикасни средства со кои може да се одбраниме. Имаме навистина моќно оружје, кое ниту претпочитуваме да го поседуваме, ниту сакаме да го употребуваме“.

---

[92] Allison, G.; Zelikow, P., 1999: *Essence of Decision: Explaining the Cuban Missile Crisis*, New York, Addison Wesley Longman, p. 80.

## Американците се уверуваат во реалноста на состојбите

На 15-ти октомври Центарот за интерпретација на фотографија на ЦИА објавува дека фотографиите од авионите У-2 идентификувале објекти што личат на балистички ракети со среден дострел. Тоа попладне ЦИА го известува Стејт департментот, а советникот за безбедност Мек Џорџ Банди е избран да чека до утрото за да го извести претседателот лично. Секретарот за одбрана Роберт Мекнамара е испитуван за состојбата на полноќ. Следното утро, Банди се среќава со Кенеди и му ги покажува фотографиите од авионите У-2, како и анализите на ЦИА за ситуацијата. Во 6 и 30 попладне Кенеди свикува состанок на деветте членови на националниот Совет за безбедност и пет други клучни советници во група наречана Извршен комитет за национална безбедност. Без да ги информира членовите претседателот Кенеди на лента го снима целиот разговор[93].

Значајно е да се напомене дека САД во тој момент немаат план бидејќи американското разузнување долго време ги убедува властите дека Советите нема да инсталираат нуклеарни ракети на Куба. Затоа веднаш почнуваат да се разгледуваат неколку варијанти.

Првата е, секако, да не се прави ништо бидејќи САД секако се ранливи на советските ракети и пред нивното инсталирање на Куба, а новите ракети се само мала стратегиска предност што не го нарушува балансот на сили.

Втората можност е дипломатијата, односно да се изврши притисок врз Советскиот Сојуз да ги отстрани ракетите.

Третата можност е да се предупреди лично Кастро дека Куба се наоѓа во невидена опасност.

Четвртата е целосна поморска блокада на островот, што би значело дека ќе се спречи советските ракети да стигнат на Куба.

Петтата е воздушен напад и уништување на сите познати локации на ракетите на Куба.

И последната, шеста варијанта, е целосна инвазија и соборување на режимот на Кастро.

---

[93] Zubok, V.; Pleshkov, C., 1996: *Inside the Kremlin's Cold War*, Harvard Press, Massachusetts, p.264

Американскиот Генералштаб е едногласен дека целосен напад и инвазија е единствено решение и веруваат дека Советите нема да се обидат да ги запрат САД во освојувањето на Куба. Кенеди е сепак скептичен. „Тие исто како и ние не смеат да дозволат овие работи да поминат без да се направи нешто. Тие не смеат, по сите наши изјави, да ни дозволат да ги земеме нивните ракети, да убиеме многу Руси и тие на тоа да не направат ништо. Ако не преземат акција во Куба, тогаш сигурно ќе преземат во Берлин“, запишал Кенеди.[94]

Во согласност со оваа своја изјава, американскиот претседател смета дека воздушни напади врз Куба би биле сигнал за Советите да го освојат Берлин. Тој, исто така, верува дека сојузниците ќе гледаат на САД како на нетактичен каубоец што го загубил Берлин само затоа што немал нерви да ја издржи кризата во Куба.

Советот за безбедност ги дискутира и ефектите од стратешкиот баланс на сила, како политички така и воени. Генералштабот на САД верува дека ракетите силно ќе влијаат врз воениот баланс, но секретарот за одбрана Роберт Мекнамара не се согласува. Тој е убеден дека ракетите воопшто нема да влијаат врз балансот на сила. Според него, четириесет ракети сами по себе многу малку влијаат врз стратешкиот баланс, ако се знае дека САД веќе поседуваат околу 5 000 стратешки боеви глави, додека Советскиот Сојуз има само 300. Тој ја повторува истата негова изјава и во 1990-тата година – дека балансот на сила никогаш не се променил.

Сепак, одлуката на Советот за безбедност е пресудна. Како прво, Кенеди категорично му ветува на американскиот народ, помалку од месец дена пред кризата, дека „ако Куба поседува офанзивни капацитети да интервенира во САД, тогаш САД ќе интервенираат први“. Како второ, ќе биде нарушен американскиот кредибилитет меѓу сојузниците и меѓу американскиот народ ако им се дозволи на Советите да си играат со стратешкиот баланс преку поставување ракети на Куба. По кризата Кенеди објаснува дека „таа политички би го променила балансот на сила. Тоа би изгледало така и би изгледало соодветно на реалноста“.

### САД мобилизираат воена коалиција против Советите

На 18-ти октомври претседателот Кенеди се среќава со советскиот министер за надворешни работи Андреј Громко, кој тврди дека оружјето е поставено единствено со дефанзивни цели. Не сакајќи да одговори што знае тој и да избегне паника во американската јавност, претседателот нема да објави дека тој веќе бил свесен за поставување на ракетите.

[94] Kennedy, R., 1971: *Thirteen Days: A Memoir of the Cuban Missile Crisis*, W.W. Norton & Company, p. 14

До 19-ти октомври шпионските авиони У-2 имаат фотографии што покажуваат четири ракетни бази. Како дел од блокадата, Војската на САД е ставена во состојба на тревога за да ја засили блокадата и да биде подготвена во секој момент да изврши инвазија врз Куба. Првата оклопна дивизија е испратена во Џорџија, а пет армиски дивизии се подготвени за воени операции. Стратешката воздухопловна команда ги испраќа своите бомбардери со среден дострел Б-47 на цивилните аеродроми, а ги заменува со тешки бомбардери Б-52.

Американските генерали разгледуваат два оперативни плана. „Оплан 316" кој разгледува целосна инвазија на Куба со армиска и со маринска поддршка на морнарицата и на авијацијата. Како и да е, Армијата на САД има проблем со транспортот на механизирани и на логистички средства, бидејќи морнарицата не може да обезбеди доволно амфибиски транспортери. „Оплан 312" е примарно воздушна и поморска операција, која е дизајнирана со доволно флексибилност за секаков вид дејствување.[95]

Кенеди се среќава со членови на Генералштабот и со други воени советници во врска со двете преостанати опции – воздушен напад или поморска блокада на островот.

Целосна инвазија не е првата опција на администрацијата. Роберт Мекнамара ја поддржува поморската блокада како силна, но ограничена воена акција што ги остава САД под контрола. Како и да е, терминот „блокада" е проблематичен. Според меѓународното право, блокада е акт на војна, но Кенеди смета дека СССР нема да биде испровоциран со оглед на големиот влог.

Адмиралот Андерсон, шеф на поморските операции, пишува анализа со која му помага на Кенеди да ја сфати разликата меѓу карантин на офанзивното оружје и блокада на сите пратки воопшто. Бидејќи блокадата треба да се случи во меѓународни води, Кенеди бара одобрување од сите американски држави според договорот во Рио де Женеиро за одбрана на државите од западната хемисфера.

Поради ова, во блокадата се вклучени два аргентински разурнувачи, а дополнително на располаѓање се ставени и една аргентинска подморница и еден баталјон. Венецуела, исто така, испраќа два разурнувача и една подморница. Владата на Тринидад и Тобаго нуди своја поморска база на располагање. Доминиканската Република помага со еден патролен брод, а своја помош нуди и Колумбија.

[95] Kamps, C. T., 2007: "The Cuban Missile Crisis", Air & Space Power Journal, AU Press, Air University, Maxwell Air Force Base, Alabama, Fall, Volume XXI, Number 3, page. 88

На 19-ти октомври американскиот Генералштаб формира одделна работна група за да ги истражи воздушниот удар и блокадата како дополнителни опции, но, сепак, на крај повторно се враќаат на одлуката за блокада, план што конечно ќе биде усвоен на 21 истиот месец.

Во три часот попладне на 22 октомври претседателот Кенеди официјално, со меморандумот за акција од национална сигурност број 196, му дава одврзани раце на Извршниот воен комитет. Во пет часот тој се среќава со лидерите на Конгресот, кои се противат на блокадата и бараат посилен одговор. Во Москва, амбасадорот Колер го распрашува Хрушчов за блокадата и за говорот на Кенеди до нација. Амбасадорите низ светот се обраќаат до лидерите надвор од источниот блок. Пред говорот, американската делегација се среќава со канадскиот премиер Џон Диефанбакер, со британскиот премиер Харолд Мекмилан, со западногерманскиот канцелар Конрад Аденауер и со францускиот претседател Шарл де Гол за нивните разузнавачки информации и за одговорот на нив. Сите овие држави отворено ја поддржуваат позицијата на САД.[96]

Конечно, во 7 часот попладне на 22 октомври, Кенеди ѝ се обраќа на нацијата преку сите главни телевизиски канали, на кои и официјално го расветлува откривањето на ракетите.

**Продлабочување на кризата и првичните преговори**

На 23-ти октомври во 11:24 часот претпладне испратена е телеграма до Џорџ Бал, американски амбасадор во Турција, и до американскиот амбасадор во НАТО, со која се известуваат дека се размислува за повлекување на американските ракети од Турција и од Италија во замена за повлекување на Советите од Куба.[97]

Турските власти официјално одговораат дека длабоко ќе се спротивстават на каква било трговија со американските ракети на своја територија. Два дена подоцна, утрото на 25-ти октомври, новинарот Валтер Липман го предлага истото решение во својата колумна. Кастро, исто така, уште еднаш го потврдува правото на Куба на самоодбрана и вели дека сите оружја се стриктно одбранбени и дека Куба нема да дозволи инспекција.

Три дена по говорот на Кенеди кинеските медиуми објавуваат дека 650 милиони Кинези стојат зад кубанскиот народ. Во Западна Германија весниците ги поддржуваат САД, бидејќи стравуваат дека СССР ќе се освети во Берлин. Во Франција на 23-ти октомври кризата стигнува на насловните страници на дневните

---

[96] Buffet, C.; Touze, V, *Brinkmanship*. The Cuban Missile Crisis exhibition. The Caen Mémorial.

[97] "Chronology 1: October 26, 1962 to November 15, 1962" (PDF). The Cuban Missile Crisis, 1962. The National Security Archive.

весници. Следниот ден едиторијалот во „Ле мондо“ се сомнева во автентичноста на фотографските докази на ЦИА. Два дена подоцна, по посетата на високорангиран офицер на ЦИА, тие ја прифаќаат валидноста на фотографиите. Исто така, во Франција на 29-ти октомври новинарот на „Фигаро“ Рајмон Арон пишува текст со поддршка за Американците.

На 24-ти октомври Папата Јован XXIII испраќа порака до советската амбасада во Рим, во која изразува загриженост за мирот, и бара да се пренесе до Кремљ. Во оваа пораката тој истакнува: „Ги молиме сите влади да не останат глуви на плачот на човештвото. Сите што ја извршуваат таа функција имаат обврска да го зачуваат мирот“. Со дозвола на Кенеди и Хрушчов ова се објавува во јавноста на 25-ти октомври преку радио, барајќи од лидерите да направат се што е во нивна моќ да се зачува мирот и да се спаси светот од хорорите на војната. Интервенцијата на Папата Јован е значајна бидејќи на истиот ден соочувањето почнува да се смирува. Пораката на Папата Јован, исто така, се појавува во советскиот весник „Правда“ на 26-ти октомври со наслов „Ги молиме сите владетели да не бидат глуви кон плачот на човештвото“.

Сепак, кризата продолжува и попладнето на 24-ти октомври кога советската новинарска агенција „ТАСС“ објавува телеграма од Хрушчов до претседателот Кенеди, во која тој ги предупредува САД дека нивното пиратство ќе доведе до војна. Во телеграмата се предупредува Кенеди дека треба да гледа на ситуацијата со поладна глава, да сфати дека СССР не може да ги прифати барањата на САД и дека блокадата е класичен акт на агресија, кој нивните бродови ќе го игнорираат.[98]

САД бараат итен состанок на Советот за безбедност на 25-ти октомври. Американскиот амбасадор во Обединетите нации Адлај Стивенсон се соочува со советскиот амбасадор Валеријан Зорин, барајќи од него да го признае постоењето на ракетите. Амбасадорот Зорин одбива да одговори.

Следниот ден во десет часот попладне САД го подига нивото на внимателност на ДЕФКОН 2. За прв и единствен пат во историјата на САД бомбардерите Б-52 се ставени на постојана подготвеност за напад, додека лесните бомбардери Б-47 се разместени на цивилните аеродроми, подготвени за полетување во рок од 15 минути. Една осмина од 1 436-те тогашни бомбардери на САД се ставени во состојба на подготвеност за напад, како и 145-те интерконтинентални балистички ракети, додека противвоздушната одбрана распоредува 161 пресретнувач на нуклеарно оружје. Дваесет и три нуклеарно

[98] "Khruschev Letter to President Kennedy", October 24, 1962.

вооружени бомбардери Б-52 се испратени да орбитираат околу територијата на Советскиот Сојуз како доказ дека САД се сериозни.[99]

На 25-ти октомври Кенеди одговара на телеграмата на Хрушчов нагласувајќи дека е присилен да спроведе акција, откако добил неколкукратно ветување дека ниедна офанзивна ракета не е поставена на Куба, а потоа дознал дека овие ветувања не се точни. Затоа Кенеди бара враќање на првобитната состојба.

Во 7 и 15 часот претпладне на 25-ти октомври американските воени бродови „Есекс“ и „Геаринг“ се обидуваат да го пресретнат танкерот Букурешт, кој не носи воени материјали и е пуштен низ блокадата. Подоцна истиот ден, во 5 и 43 часот попладне, командантот на блокадата му наредува на бродот „Јозеф Кенеди“ да го пресретне либанскиот транспортен брод „Марукла“. И на овој брод не е најдено ништо проблематично.

Сепак, на Куба активно се работи на ракетите, а тоа го потврдува и ЦИА. Како одговор, Кенеди го донесува Меморандумот за акција 199, со кој се потврдува дека се товари американското нуклеарно оружје на авиони за гаѓање на цели во СССР. Истиот ден Советите одговараат со испраќање на 14 брода што потенцијално носат офанзивно оружје.

Следното утро на 26-ти октомври Кенеди го информира Генералштабот дека е уверен оти само инвазија ќе ги отстрани ракетите од Куба. Како и да е, одлучува да му даде време на мирот и продолжува со дипломатската офанзива. Се согласува над островот да се спроведат ниски летови и да се подготви планот за нова влада на Куба ако дојде до инвазија.

СССР, сепак, не покажуваат знаци дека ќе се повлечат и даваат неколку коментари. Затоа САД се подготвува за инвазија заедно со нукеларен напад врз СССР ако тој се обиде да одговори воено, што се претпоставува.

## Тајните преговори

На 26-ти октомври во еден часот попладне Џон Скали од АБЦ има ручек со Александар Фомин, советски шпион во САД. Фомин констатира дека војната е пред ескалација и бара од Скали да ги искористи своите контакти со државниот врв за да види дали САД се заинтересирани за дипломатско решение. Тој сугерира дека СССР може да даде гаранција за отстранување на оружјето под супервизија на ОН и дека Кастро јавно би објавил дека нема да прифаќа такво

[99] Kamps, C. T., 2007: *The Cuban Missile Crisis*, Air & Space Power Journal, AU Press, Air University, Maxwell Air Force Base, Alabama, Fall, Volume XXI, Number 3, p. 88

оружје во иднина во замена за јавна потврда од САД дека нема да ја нападне Куба.[100]

САД преку бразилската Влада испраќа порака до Кастро дека е малку веројатна инвазија ако ракетите бидат отстранети.

Од друга страна, Кастро е убеден дека инвазија на Куба ќе се случи наскоро и на 26-ти октомври испраќа телеграма до Хрушчов, во која бара превентивен нуклеарен удар врз САД. Кастро, исто така, наредува антивоздушните оружја на Куба да пукаат на сите американски авиони што ќе го надлетаат островот.[101]

Во шест часот претпладне на 27 октомври ЦИА доставува Меморандум кој кажува дека три од четирите ракети кај Сан Кристобал се целосно операбилни. Тие, исто така, рапортираат дека кубанската армија врши сериозни подготовки за војна.

За сето време на кризата Турција неколкукратно повторува дека би била вознемирена ако се отстранат ракетите „Јупитер". Италијанскиот премиер Фанфани, од друга страна, дозволува повлекување на ракетите во Апулија ако е тоа потребно.

Утрото на 27 октомври со руската ракета „САМ", Кубанците го соборуваат американскиот шпионски авион У-2Ф, пилотиран од мајорот Рудолф Андерсон, кој загинува при падот. Овој настан само го зголемува стресот во преговорите меѓу СССР и САД, а подоцна се дознава и дека одлуката да се пука е донесена самостојно од низок советски офицер. Истиот ден се пука и во неколку американски воени авиони што летаат во близина на островот.

Истиот ден во четири часот попладне Кенеди бара Советите да престанат со испукување на ракетите додека траат преговорите.

Претставниците испратени од Кенеди и од Хрушчов се согласуваат да се сретнат во „Јенчинг палас", кинески ресторан во паркот во Кливленд, вечерта на 27 октомври. Кенеди сугерира дека треба да се прифати предлогот на Хрушчов за трговија со турските ракети. Без знаење на другите, Роберт Кенеди се среќава со советскиот амбасадор во Вашингтон за да испита колку се Советите сериозни. Инаку, Генералштабот е против предлогот бидејќи ќе го наруши авторитетот на НАТО и односите со турската Влада.

[100] "Chronology 1: October 26, 1962 to November 15, 1962" (PDF). The Cuban Missile Crisis, 1962. The National Security Archive
[101] Goldberg, J., September 8, 2010: "Cuban model no longer works, says Fidel Castro", BBC

Поради тоа на состанокот се фаворизира вториот план на Кенеди, кој предвидува игнорирање на последната порака на Хрушчов. Сепак, Кенеди се двоуми и прави одредени промени по консултацијата со својот брат Роберт. На состанокот во Белата куќа е одлучено да се предложи Турција да не биде спомената во договорот, туку повлекувањето на американските ракети да се смета како гест на добра волја.

Сепак, преговорите повторно влегуваат во ќор-сокат и САД ги предупредуваат своите сојузници дека ситуацијата се ближи до ескалација и дека САД многу веројатно во сечиј интерес ќе мора да преземат акција. На ова се додава и извештајот на ЦИА дека сите советски ракети се подготвени за акција.

Подоцна истиот ден, кој Белата куќа го нарекува „црна сабота", американската морнарица исфрла сигнални бомби над советските подморници Б-59, кои се наоѓаат на линија на блокада, веројатно несвесни дека се вооружени со нуклеарни торпеда и дека смеат да ги користат ако бидат нападнати. Според официјалната историја, поголема катастрофа спречува само еден од офицерите на подморницата, со име Васили Аркипов, кој ќе се спротивстави на лансирањето.[102]

Истиот ден американски шпионски авион У-2 изведува прелет врз советскиот далекоисточен брег. Советите веднаш одговараат со „Мигови" во воздух, на кои Американците испраќаат Ф-102 ловци над Беринговото Море.

На 27 октомври Хрушчов, исто така, добива писмо од Кастро, кое е познато како „писмото на Армагедонот", барајќи гаранција за нуклеарен напад врз САД ако тие се обидат да извршат агресија врз Куба. „Верувам дека агресивноста на империјалистите е екстремно опасна и дека тие навистина ќе го извршат бруталниот акт на инвазија врз Куба прекршувајќи го правото и моралот. Тоа ќе биде клучен момент да се отстрани секаква опасност засекогаш при дејство на нужна одбрана, колку и тоа да изгледа брутално".

## Крајот на кризата

На 27 октомври, по долги и неизвесни преговори меѓу Советскиот Сојуз и Кабинетот на Кенеди, американскиот претседател тајно се согласува да ги отстрани сите ракети поставени во Италија и во Турција, во замена за отстранување на ракетите на Куба. Сепак, има некои варијации околу датумот на извршување на договорот, но сето тоа е сместено во тајните анекси.

---

[102] Goldberg, J., September 8, 2010: "Cuban model no longer works", says Fidel Castro, BBC

Во девет часот претпладне на 28 октомври пренесена е нова порака од Хрушчов до Кенеди преку Радио Москва. Советскиот челник вели: „Советската Влада издаде наредба за демонтирање на оружјето што вие ги нарекувате офанзивно и тоа веќе се враќа во Советскиот Сојуз“.[103]

Кенеди одговара со изјава во која ја нарекува позицијата на Хрушчов „важна и конструктивна контрибуција за мирот“.

## Последици од кризата

Компромисот ги посрамотува Хрушчов и Советскиот Сојуз бидејќи повлекувањето на американските ракети од Италија и од Турција не смее да се објави. Поради тоа Хрушчов две години подоцна ја губи функцијата бидејќи самото политбиро се откажува од него. Според Добринин, советското лидерство ја прима кубанската криза како удар врз својот престиж рамен на понижување[104].

Куба го прифаќа исходот на кризата како делумно предавство од Советите од аспект на фактот дека одлуката за начинот на решавање на кризата е донесена ексклузивно од Кенеди и од Хрушчов. Кастро е особено вознемирен околу фактот што во договорот не се опфатени прашања како што е она за американската воена база во Гвантанамо. Сето ова и понатаму ќе ги нарушува односите меѓу Кубанците и Советите. Сепак, факт е дека Куба со овој договор останува заштитена од инвазија.[105]

Генералот Куртис ле Меј му кажува на претседателот дека ја смета Резолуцијата за Куба како најголем пораз во американската историја. Тој сè уште се залага за инвазија на Куба дури и откако Советите ги повлекуваат ракетите. Во своите пишувања неколку децении подоцна Ле Мај вели дека Америка морала да ја искористи кризата за да ги истера комунистите од Куба.

---

[103] Hershberg, J, Spring 1995: *Anatomy of a Controversy:Anatoly F. Dobrynin's Meeting With Robert F. Kennedy, Saturday, 27 October 1962*

[104] Taubman K. W., 2004: *The Man and His Era*, p. 579

[105] Ramonet, I, 2007: *Fidel Castro: My Life*, Penguin Books

## 5.4. Заклучни констатации

Ако постои некоја кулминација на необјективното известување од двата анализирани медиуми, тоа е секако за време на кубанската криза. Во двете претходно анализирани ситуации американскиот медиум се трудел да одржи каква-таква објективност, но тоа не е случај и кај известувањето за кубанската криза, особено во деновите по дефинитивното констатирање на советските ракети на островот и приближувањето на кризата до ескалирање.

Претходно „Њујорк тајмс“ се поставува заштитинички кон претседателот Кенеди, кој е постојано напаѓан поради неодлучната и попустлива политика кон СССР, особено во случаите со Западен Берлин и Куба. Наеднаш, кога Кенеди, сепак, ќе донесе конечна одлука и ќе реши отворено да им се спротивстави на Советите, истото го прави и „Њујорк тајмс“, поддржувајќи ја и уште повеќе поттикнувајќи ја неговата воена реторика.

Без разлика дали станува збор за политичка глума, за задкулисни интереси или за нешто слично, преку пишувањата на „Њујорк тајмс“ од овие денови навистина може да се почувствува страв од евентуалниот исход на целата ситуација. Поради тоа весникот е добар историски извор ако се пишува за мислењето и за чувствата на населението во САД поврзани со оваа проблематика во критичниот период. Нормално ако претходно статиите се очистат од сета погореспомената необјективност и пристрасност.

Од друга страна, „Нова Македонија“ во сета предигра на кризата жестоко застанува зад револуцијата на Кастро и неговото право да се брани од евентуална американска отворена агресија. Ваквата политика на весникот трае сè до самата кулминација на конфликтот, кога под притисок на ставовите на Тито, и „Нова Македонија“ отворено почнува да се залага за избегнување на нуклеарна војна од глобални размери. Сепак, за целото времетраење на кризата видлива е целосната поддршка за Кастро, кој подоцна ќе стане еден од главните пропагатори на движењето на неврзаните и, секако, веќе отворената антиамериканска политика на весникот, која соодветствува со сериозното заладување на односите меѓу САД и Југославија.

## ГЛАВЕН ЗАКЛУЧОК

Без разлика што станува збор за два различни медиуми од два различни делови на светот и од две различни држави што имаат две сосем различни општествено-политички уредувања, пишувањата и уредувачките политики на „Нова Македонија“ и на „Њујорк тајмс“ подеднакво варираат и се во директна врска со официјалните позиции на нивните држави и министерства за надворешни работи.

Па така, ако во 1948-та г. „Нова Македонија“ и „Њујорк тајмс“ имаат тотално различни позиции во поглед на Резолуцијата на Информбирото, веќе на крајот на истата година сè повеќе се доближуваат, а во 1949-тата г. речиси и се изедначуваат.

Тоа целосно соодветствува со официјалната надворешна политика на двете земја. САД на почетокот на 1948-та г. веруваат дека Резолуцијата на Информбирото е само привремена криза во источниот лагер, на која набрзо ќе ѝ дојде крајот со помош на авторитетот на Сталин. Но кога ќе забележат дека Тито е тврд орев и дека е можно да се придобие на страната на Западот, со што би се предизвикало првото пукање во дотогаш монолитната структура на поствоеното советско влијание, целосно ја менуваат политиката и се обидуваат да ја придобијат Југославија.

Токму тоа може да се забележи и во пишувањето на „Њујорк тајмс“, весник кој оваа тема на почетокот на 1948-та г. ја третира бенигно, на веќе во средината покажува поголем интерес, со акцент на тоа дека, сепак, сето тоа ќе се заврши со повторно смирување на Тито и Сталин. На крајот на годината веќе почнува да анализира како напукнува сталиновиот лагер, а на почетокот на 1949-тата г. започнува афирмативни текстови поврзани со храброста на Тито да му се спротивстави на Сталин. Како што напредува годината така напредуваат и сè поопширните анализи на оваа тема, а на крај се заклучува дека Тито му задал смртен удар на Истокот во неговиот поход кон светска доминација.

Што се однесува до „Нова Македонија“ како строго партиски контролиран медиум во тој период, може да се забележи изразито менување на ставовите во рок од само две години. Па така, во 1948-та г., и покрај големиот број разидувања со Советскиот Сојуз, на страниците на овој весник сè уште можат да се најдат најразлични афирмативни текстови за супериорноста на Советскиот Сојуз во однос на САД. И во коментарите за надворешната политика весникот е целосно застанат зад политиките на Москва, наспроти Вашингтон.

Работите радикално се менуваат во 1949-тата г. кога во „Нова Македонија" веќе не може да се најде ниту една вест поврзана со внатрешната или со надворешената политика на Советскиот Сојуз, освен оние поврзани со директната конфронтација со Југославија. Наспроти тоа започнува да се поддржува надворешната политика на САД и да се објавуваат вести со оваа, во тој момент, официјално непријателска капиталистичка земја.

Кулминацијата, сепак, е известувањето за борбата на Југославија да стане непостојан член на Советот за безбедност во услови кога целосно е изолирана од источниот, а мора да ги бара гласовите од западниот свет. Тука пишувањата на „Нова Македонија" целосно се свртени против поранешните сојузници од советскиот блок, со што во целата 1949-та г. не може да се најде ниту еден напис што соодветствува со традиционалната уредувачка политика, која ја претпочита „Нова Македонија" уште од своето основање во 1944 г. Дури може да се констатира дека во овие моменти „Нова Македонија" е повеќе западно ориентирана од самиот „Њујорк тајмс", кој се обидува да задржи барем некаков привиден баланс во пишувањето.

На крај, ако се споредат вистинските историски факти од овој период гледани од денешна перспектива, може да се констатира дека и двата весника многу малку внимание му посветуваат на презентирањето на реалните историски факти, туку, напротив, се занимаваат со пропагандно новинарство. Целта е, секако, да ги убедат широките народни маси во двете земји за оправданоста на надворешната политика на нивните актуелни влади. Иако САД важат за колепка на слободното новинарство, очигледно тоа не е случај и во 1948-та г. кога повоена Америка е сè уште централизирана како последица на влијанието на идеологијата на Рузвелт за силна централна власт. Од разгледувањето на клучните историски факти од овој период дополнително може да се заклучи дека намерно или ненамерно се изоставуваат некои многу значајни историски вистини, како онаа дека Тито водел тајни преговори со Западот уште во текот на 1948-та г. и дека неговата смелост да му се спротивстави на, во тие моменти, екстремно моќниот Сталин воопшто не е случајна. Се изоставува фактот дека најголем дел од забелешките за Резолуцијата на Информбирото кон Југославија се апсолутно точни и дека земјата директно скршнува од толкувањето на комунизмот, на кое се обврзала во револуцијата. Се избегнува фактот дека Белград бил ослободен со помош на советските тенкови и дека во првите три години по војната Југославија има примено големи суми пари и големи количини секаков друг вид помош од Советскиот Сојуз. Нешто што подоцна ќе го прима од Америка.

Кај известувањето за суецката криза од 1956-тата г. имаме малку поразлична ситуација со оглед на фактот дека југословенската надворешна политика е повторно, барем делумно, свртена спрема Истокот и Москва, а во

зачеток е и Друштвото на неврзаните. Но, сепак, фактот дека САД ѝ се спротивставуваат на британско-француската директна интервенција во Египет делумно ги изедначува ставовите на југословенскиот и на американскиот печат.

Конкретно за оваа криза, кај „Њујорк тајмс“ можеме да забележиме ослободоумна уредувачка политика, каде што барем делумно се критикува позицијата на Владата на САД, која на цедило ги остава своите западни сојузници во една вака значајна меѓународна криза. Па така, низ страниците на овој весник и изданијата од овој период може да се најдат голем број пренесени ставови и голем број коментари за позицијата на Франција и на Велика Британија во поглед на суецкото прашање.

Веројатно, далечината на проблемот од територијата на САД им дозволува на уредниците на најпознатиот весник во земјата да застапуваат сосема свое мислење за решенијата, последиците и за компликациите што може да настанат околу ова прашање. Нешто што во никој случај не може да биде забележано во подоцнежните анализирани пишувања поврзани со кубанската ракетна криза.

Сепак, весникот не се оддалечува толку многу од официјалната политика на Вашингтон и слично како и претседателот Ајзенхауерт се залага за деколонизација на светот и за можност земјите од третиот свет самите да одлучуваат за својата судбина и иднина.

„Нова Македонија“, пак, целосно и отворено застанува зад египетската национализација на Суецкиот Канал, што е поддржано не само со пристрасни текстови туку и со неколку уреднички коментари. Тие се целосно застанати зад советското гледиште на работите дека Египет по секоја цена треба да му се спротивстави на француското и на англиското влијание во регионот, а дека другите земји од народната демократија треба да му ја дадат својата максимална поддршка.

Интересно е дека и покрај тоа што историските факти покажуваат дека советите на Тито имале можеби пресудно влијание врз дејствувањето на Насер, никаде во „Нова Македонија“ не се пренесува официјален остар став на југословенската дипломатија околу суецкото прашање. Сите апели што стигнуваат од Белград во тој период се исклучиво смирувачки. Но според пишувањето на „Нова Македонија“ се гледа дека уредништвото на овој весник било многу добро информирано за затскриените позиции на Белград во ова прашање и целосно застанувало во нивна одбрана.

Проблемот и со едните и со другите написи, како и во претходниот случај со Резолуцијата на Информбирото, е што не ја одразуваат онаа затскриена, а во суштина јасна вистина – дека САД преку својата либерална политика спрема

колониите всушност прави простор да ја намали доминантната улога на своите сојузници во овој дел од светот. Па така, за само триесетина години од овие настани, Британија ќе загуби 90% од влијанието кај колониите и приматот ќе им го препушти на Соединетите Американски Држави. Од друга страна, никаде не се споменува дека Југославија не му дава толкава тајна поддршка на Египет поради своите либерални идеи за слободен свет, туку дека гради позиција за идното создавање на Друштвото на неврзаните, кое ќе се формира само шест години подоцна во Белград.

Ако во ситуацијата со суецката криза може да забележиме одредено вртење на југословенската надворешна политика кон Москва, а со тоа нормално и вртење на уредувачката политика на „Нова Македонија“ кон таму, во кубанската ракетна криза тоа е максимално изразено. Од друга страна, „Њујорк тајмс“ води наполно спротивна, радикално американска патриотска политика.

Па така, во критичниот месец, кога се обелоденува фактот дека навистина се поставени советски ракети на Куба, „Њујорк тајмс“ радикално ја зголемува антисоветската реторика и ги убедува широките народни маси во исправноста на потезите на претседателот Кенеди. Потезите на Хрушчов буквално ги споредува со оние на луд човек, кој го разбира само јазикот на силата, со што ја подготвуваат американската јавноста да даде поддршка на каква било радикална одлука на Белата куќа. Во месеците пред ескалацијата на кризата „Њујорк тајмс“, како традиционално демократски весник, ја поддржува и полибералната политика на Кенеди кон островот, со цел да се избегнат конфронтации од поголеми размери, на што остро реагираат републиканските политичари и медиуми.

„Нова Македонија“, пак, целосно стои зад правото на Куба да си го брани својот суверенитет и територијален интегритет, а од друга страна огнено го поддржува ставот на Москва да ѝ даде секаква можна поддршка на Куба. Сепак, во клучните моменти од кризата, весникот испраќа и помирувачки пораки со заедничка светска цел да се избегне глобална термонуклеарна војна, која буквално може да го уништи светот.

Ако се гледаат историските факти и историската вистина за овој случај, лесно може да се заклучи дека намерно се прикриваат одредени факти и од едната и другата страна. „Нова Македонија“, на пример, не кажува дека светската јавност повлекувањето на советските ракети од Куба без никаква писмена гаранција за ненапаѓање од страна на Вашингтон го доживува како неизоставен пораз на Москва. Од друга страна, „Њујорк тајмс“, иако знае, прикрива дека повлекување на ракетите е врзано со повлекувањето на американските нуклеарни проектили во Турција, кое намерно не е обелоденувано во јавноста за Москва да изгледа како поразена.

И за крај, конечниот заклучок е дека весниците апсолутно не се добар единичен извор за изучување на историјата. Во зависност од периодот во кој се издаваат и државата од која потекнуваат, многу често заземаат еднострани позиции, кои несомнено им се одразуваат врз објективноста. Значи, за да се изучува историјата со помош на медиумите, неопходно е да се има трета објективна страна со која би можело да се споредува пишувањето. Од друга страна, тие се добар извор за да се согледа позицијата на властите и на јавноста и размислувањата на пошироките народни маси или, пак, на интелигенцијата во одреден временски период.

## ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

### Единици на латиница


1. "An affair to remember". The Economist. 2006-06-27
2. "Chronology 1: October 26, 1962 to November 15, 1962" (PDF). The Cuban Missile Crisis, 1962. The National Security Archive.
3. "Chronology 1: October 26, 1962 to November 15, 1962" (PDF). The Cuban Missile Crisis, 1962. The National Security Archive.
4. „Gorbachev Faults Stalin on Rift With Tito". New York Times. 17.3. 1988.
5. Allison, Graham and Philip Zelikow (1999). Essence of Decision: Explaining the Cuban Missile Crisis. New York: Addison Wesley Longman
6. Blight, James G.; Bruce J. Allyn; David A. Welch (2002). Cuba on the Brink: Castro, the Missile Crisis, and the Soviet Collapse; [revised for the Fortieth Anniversary](2nd ed.). Lanham, Maryland: Rowman & Littlefield
7. Branko Petranović, (1980¬) Istorija Jugoslavije 1918-1978,
8. Britanica, digital enciklopedia
9. Brown, Neville (2013) Global Instability and Strategic Crisis. Routledge,
10. Buffet, Cyril; Touze, Vincent. "Brinkmanship". The Cuban Missile Crisis exhibition. The Caen Mémorial.
11. Cole, Robert A.J.P. Taylor the Traitor Within the Gates, London: Macmillan 1993
12. Correll, John T. (August 2005). "Airpower and the Cuban Missile Crisis".AirForce-Magazine.com
13. Dedijer Vladimir (1969), Izgubljena bitka Josifa Visarionoviča Staljina.
14. Gaddis, John Lewis (1998)
15. Goldberg, Jeffrey (September 8, 2010). "Cuban model no longer works, says Fidel Castro". BBC.

16. Jeronim Perovic (2007), "The Tito–Stalin Split: A Reassessment in Light of New Evidence." Journal of Cold War Studies

17. Jim Hershberg (Spring 1995). "Anatomy of a Controversy:Anatoly F. Dobrynin's Meeting With Robert F. Kennedy, Saturday, 27 October 1962".

18. Kamps, Charles Tustin, "The Cuban Missile Crisis", Air & Space Power Journal, AU Press, Air University, Maxwell Air Force Base, Alabama, Fall 2007, Volume XXI, Number 3

19. Kamps, Charles Tustin, "The Cuban Missile Crisis", Air & Space Power Journal, AU Press, Air University, Maxwell Air Force Base, Alabama, Fall 2007, Volume XXI, Number 3

20. Kennedy, Robert (1971). Thirteen Days: A Memoir of the Cuban Missile Crisis. W.W. Norton & Company

21. Kyle, Keith Suez, London: I.B. Tauris

22. Monteiro, Nuno (2011–2012). "Polarity and Power: U.S. Hegemony and China's Challenge". International Security

23. New York Times - digital archive

24. Nove Alec (2005). Stalinism and After: The Road to Gorbachev. p. 97

25. Owen Roger "Suez Crisis" The Oxford Companion to the Politics of the World, Second edition.

26. Smith, Peter C. (2007). Midway: Dauntless Victory: Fresh Perspectives on America's Seminal Naval Victory of World War II. Pen & Sword

27. The Suez Crisis of 1956. Historylearningsite.co.uk (30 March 2007).

28. V Конгрес Комунистичке партије Југославије-*Извештаји и реферати*, Београд, 1948.

29. Varble, Derek (2003)

30. Vladislav Zubok & Constantine Pleshkov, Inside the Kremlin's Cold War, 1996, page 264, Harvard Press, Massachusetts

31. Waltz, Kenneth ( 1964). "The Stability of a Bipolar World". p. 887

32. William Taubman, Khrushchev: The Man and His Era (2004)

**Единици на кирилица**


1. Ачкоска, В; Петреска, Д., 2007: *Осознавање на историјата*, Скопје
2. Вукмановић, С., 1971: *Револуција која тече, књ. II*
3. Маровић, М., 1983: *Три изазова Стаљинизму*
4. „Нова Македонија" – печатена и дигитална архива на весникот
5. Прибићевић, Б., 1978: *Социјализам као светски процес*
6. Фишер, Л., 1985: *Живот и смрт Стаљина*
7. Штаубрингер, З., 1976: *Титово историјско „не" стаљинизму*